# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 12 Год. LXV Среда, 28 јануари 2009 Цена на овој број е 250 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 257. | **Закон** за инвестициски фондови......... | 2 |
| 258. | **Закон** за изменување на Законот за заштита на правата на пациентите....... | 66 |
| 259. | **Закон** за изменување на Законот за цивилните инвалиди од војната........... | 66 |
| 260. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност..... | 67 |
| 261. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за помилување................... | 68 |
| 262. | **Решение** за избор на заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности.......................................... | 70 |
| 263. | **Решение** за именување членови на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот... | 70 |
| 264. | **Исправка** на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за сметководството за непрофитните организации.......................................... | 70 |
| 265. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање....................................................... | 71 |
| 266. | **Одлука** за изменување на Одлуката за именување на претседатели, членови и нивни заменици на општинските изборни комисии.................................. | 77 |
| 267. | **Исправка** на Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседатели, членови и нивни заменици на општинските изборни комисии........... | 77 |
| 268. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 77 |
| 269. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 78 |
| 270. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 78 |
| 271. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 79 |
| 272. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 79 |
| 273. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 79 |
| 274. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 80 |
| 275. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 80 |
| 276. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 81 |
| 277. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 81 |
| 278. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 81 |
| 279. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 82 |
| 280. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 82 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 281. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... | **83** |
| 282. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... | **83** |
| 283. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... | **83** |
| 284. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... | **84** |
| 285. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... | **84** |
| 286. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... | **85** |
| 287. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... | **85** |
| 288. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... | **85** |
| 289. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... | **86** |
| 290. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... | **86** |
| 291. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... | **87** |
| 292. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... | **87** |
| 293. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... | **87** |
| 294. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност............................................... | **88** |
| | **Огласен дел**......................................... | **1-40** |

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**257.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

Се прогласува Законот за инвестициски фондови,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јануари 2009 година.

Бр. 04-486/1
27 јануари 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н ЗА ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

#### Предмет на Законот

Член 1

(1) Со овој закон се уредува основањето и работењето на инвестициските фондови и друштвата за управување со инвестициски фондови, издавањето и продажбата на удели и акции, откуп на удели, промоција на инвестициските фондови, работи кои за инвестициските фондови ги извршуваат трети лица и работењето на депозитарната банка.

(2) За прашањата кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите на Законот за хартии од вредност, Законот за трговските друштва, Законот за стечај и Законот за општата управна постапка.

#### Дефиниции

Член 2

Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **Друштво за управување со инвестициски фондови** е акционерско друштво со седиште во Република Македонија кое добило дозвола од Комисијата за хартии од вредност за вршење на работи за основање и управување со инвестициски фондови;

2. **Основна главнина** е минимален износ на средства пропишан со овој закон што акционерите на друштвото за управување со инвестициски фондови се должни да го запишат и уплатат;

3. **Вредност на имотот на инвестицискиот фонд** е збир на вредноста на хартиите од вредност во портфолиото на инвестицискиот фонд, паричните депозити на фондот кај банките и друг имот на фондот;

4. **Нето вредност на имотот на инвестицискиот фонд** е вредноста на имотот намалена за износот на обврските на фондот;

5. **Депозитарна банка на инвестициски фонд** е која било банка која за потребите на фондот врши работи на чување на имотот на фондот, водење на посебните сметки за имотот на фондот и одвојување на имотот на секој поединечен фонд од имотот на другите фондови, како и извршување други работи во согласност со одредбите од овој закон;

6. **Добра репутација** е чесност, компетентност, работливост и поседување особини кои даваат сигурност дека лицето со начинот на своето работење нема да влијае во насока на загрозување на стабилноста и сигурноста на инвестицискиот фонд и загрозување на интересите на вложувачите во фондот;

7. **Инвестициски фонд** се здружени парични средства наменети за инвестирање, прибрани од инвеститори преку јавен повик или приватна понуда, со кои за сметка на инвеститорите управува друштво за управување со фондови;

8. **Квалификувано учество во друштвото за управување со инвестициски фондови** е:

- директно или индиректно учество во друштво за управување со инвестициски фондови од 10% или повеќе од основната главнина на тоа друштво,
- директно или индиректно учество од 10% или повеќе од правата на глас од вкупниот број акции со право на глас во друштвото за управување или
- право да се остварува директно или индиректно, значително влијание над органите на управување во друштвото за управување со инвестициските фондови во кое тоа учество постои;

9. **Поврзано лице со друштво за управување со инвестициски фондови** е:

1) акционер или група на акционери кои дејствуваат заеднички, а поседуваат повеќе од 10% од основната главнина на друштвото за управување со инвестициски фондови или кои иако поседуваат помал процент од назначениот, можат да влијаат на одлуките кои ги донесува тоа друштво;

2) физичко или правно лице кое поседува директно или индиректно повеќе од 10% од акциите со право на глас на друштвото за управување со инвестициски фондови или кое, иако поседува помал процент од назначениот може да влијае на одлуките кои ги донесува тоа друштво и

3) физичко лице или лица кои можат директно или индиректно да влијаат на одлуките што ги донесува друштвото за управување со инвестициските фондови, а особено:

- членови на потесното семејство (брачен другар или личност со која подолго време живее во заедница која според законот со кој се уредува брачната заедница и односите во семејството има правен статус ист како и оној на брачната заедница, деца или посвоени деца и други лица врз коишто има старателство),

- членови на управниот и надзорниот одбор и членови од потесното семејство на тие лица или

- лица вработени врз основа на договор за работа склучен под посебни услови со друштвото за управување со инвестициските фондови во кое се вработени, како и членови на потесното семејство на вработените;

10. **Поврзани лица со инвестицискиот фонд** се друштвото за управување со инвестициски фондови, депозитарната банка, адвокат, ревизор и даночен советник кои имаат договорен однос за давање на услуги на инвестицискиот фонд и друго лице кое склучило договор за давање на услуги за потребите на фондот;

11. **Вложувач** е сопственик на удели во отворениот инвестициски фонд, односно сопственик на акции (акционер) во затворениот инвестициски фонд;

12. **Портфолио менаџер** е лице кое согласно со Законот за хартии од вредност има добиено дозвола за работење на инвестиционен советник од Комисијата за хартии од вредност;

13. **Регулиран пазар на финансиски инструменти на земјите членки на Европската унија** е мултилатерален систем со кој работи или управува пазарен оператор, кој ги здружува или го помага здружувањето на различните интереси на трета страна за купување и продавање финансиски инструменти - во системот и во согласност со неговите недискриминаторни правила - на начин што резултира во договор, во врска со финансиските инструменти примени за тргување согласно со неговите правила и/или системи;

14. **Регулиран пазар на финансиски инструменти на земји кои не се членки на Европската унија** е пазар кој подлежи на прудентни правила утврдени од страна на регулаторното тело на тие земји, кои се исто толку строги како и оние пропишани со законодавството на Европската унија;

15. **Регулиран пазар на хартии од вредност во Република Македонија** се берза и пазар преку шалтер организиран од страна на Народната банка на Република Македонија согласно со Законот за хартии од вредност;

16. **Под инструменти на пазарот на пари** се подразбираат оние класи инструменти со кои вообичаено се тргува на пазарот на пари, како што се државни записи, сертификат за депозит и комерцијални записи, освен банкноти и монети и

17. **Субјекти за секјуритизација** се трговски друштва и финансиски холдинг компании чијашто функција е откупување на нисколиквидни средства, кои ги користат како основа за издавање на ликвидни хартии од вредност.

## II. ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

## 1. ОСНОВНИ БЕЛЕЗИ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

### Активности на друштвото за управување со инвестициски фондови

Член 3

(1) Друштвото за управување со инвестициски фондови (во натамошниот текст: друштво за управување) врши работи на основање и управување со инвестициски фондови, односно вложување на парични средства во свое име и за сметка на сопствениците на удели во отворените инвестициски фондови и во име и за сметка на акционерите на затворените инвестициски фондови, како и врши други работи утврдени со овој закон.

(2) Едно друштво за управување може да управува со повеќе инвестициски фондови.

### Ограничување во работењето на друштвото за управување со инвестициски фондови

Член 4

(1) Друштвото за управување не смее да има квалификувано учество во брокерска куќа или банка која има дозвола за работа со хартии од вредност во Република Македонија.

(2) Друштвото за управување не смее да има квалификувано учество во депозитарна банка. Работењето на друштвото за управување и на депозитарната банка не смеат да бидат организационо поврзани и во нив не смеат да работат исти лица.

(3) Друштвото за управување не може да стекнува удели, односно акции во инвестициските фондови со кои управува.

(4) Друштвото за управување не смее да врши производство на стоки, да врши услуги или да врши каква било друга дејност, освен онаа која е наведена во членот 6 од овој закон.

### Основна главнина

Член 5

(1) Најмалиот номинален износ на основната главнина потребен за основање на друштво за управување изнесува 125.000,00 евра во денарска противвредност, по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на поднесувањето на барањето за издавање дозвола за работење на друштвото за управување до Комисијата за хартии од вредност (во натамошниот текст: Комисијата).

(2) Во случај кога вредноста на имотот на инвестицискиот фонд, односно фондовите со кои управува друштвото за управување го надмине износот од 100.000.000,00 евра, главнината на друштвото за управување треба да се зголеми за најмалку 0,02% од износот за кој вредноста на имотот на инвестицискиот фонд го надминува утврдениот граничен износ, но најмногу до 10.000.000,00 евра.

(3) Друштвото за управување мора да одржува минимална главнина во износ од една четвртина од неговите предвидени годишни фиксни трошоци наведени во билансот на успех за претходната година. Во случај кога друштвото за управување за прв пат започнува со работа, пресметката на минималната главнина ќе се утврдува врз основа на проектираните трошоци согласно со неговиот деловен план.

(4) Комисијата поблиску ги пропишува структурата, пресметката и начинот на одржувањето на средствата на друштвото за управување од ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

**Предмет на работење на друштво за управување со инвестициски фондови**

Член 6

(1) Работи на управување со инвестициски фондови кои ги врши друштвото за управување се:

1) управување со имотот на инвестицискиот фонд;

2) рекламирање на инвестициските фондови и продажба на удели во отворените инвестициски фондови, односно акции во затворените инвестициски фондови и

3) административни работи кои се однесуваат на:

- водење на деловни книги и сметки и изготвување на финансиски извештаи,
- воспоставување и одржување на односи со вложувачите,
- утврдување на вредноста на имотот на инвестицискиот фонд и пресметка на цената на уделот,
- усогласување на работењето на друштвото за управување со законите и други прописи,
- објавувања и известувања на акционерите и сопствениците на удели,
- распределба на добивката на инвестицискиот фонд,
- издавање и откуп на удели во отворените инвестициски фондови и
- водење регистар на сопствениците на удели, односно акционерите.

(2) Друштвото за управување кое има дозвола за работење од Комисијата може да врши и работи на управување со средства за сметка на индивидуален клиент - сопственик на портфолио (во натамошниот текст: индивидуален клиент), како и работи на инвестиционо советување на клиенти во согласност со законот.

(3) Друштвото за управување не може да добие дозвола од Комисијата само за извршување на работите од ставот (2) на овој член.

**Управување со средства за сметка на индивидуален клиент**

Член 7

(1) Работите на управување со средства за сметка на индивидуален клиент, друштвото за управување ги врши врз основа на претходно склучен договор со индивидуалниот клиент.

(2) Вложувањето на средствата друштвото за управување го врши согласно со членот 66 од овој закон.

(3) Договорот од ставот (1) на овој член се склучува во писмена форма и ги содржи особено следниве податоци:

- износот на парични средства што клиентот му ги доверува на друштвото за управување,
- политиката на вложување на клиентот,
- изјава на клиентот во која наведува дека ги разбира условите и преземените ризици од инволвираноста во тргувањето со финансиските инструменти,
- видот, содржината и фреквенцијата на доставување на извештаите за извршените активности од страна на друштвото за управување до клиентот,
- висината на надоместокот за вршењето на работи на управување со средствата за сметка на индивидуалниот клиент и начин на пресметување на истиот и
- можност за клиентот да го поништи договорот склучен со друштвото за управување.

**Пренесување на дел од работите на управување со инвестициски фонд на трети лица**

Член 8

(1) Друштвото за управување не смее извршувањето на работите од членот 6 став (1) точка 1 на овој закон да го пренесе на трети лица.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член друштвото за управување, по претходна согласност од Комисијата може да го пренесе на трети лица извршувањето на работите од членот 6 став (1) точки 2 и 3 на овој закон.

(3) Комисијата ги пропишува начинот, постапката и видот на активностите кои може друштвото за управување да ги пренесе на трети лица.

(4) Пренесувањето на активностите на трети лица не смее да влијае врз ефикасноста во надзорот над друштвото за управување и инвестицискиот фонд, односно со тоа не смеат да се загрозат интересите на инвеститорите во инвестицискиот фонд.

## 2. УСЛОВИ И НАЧИН НА ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

**Барање за издавање дозвола за работење на друштво за управување со инвестициски фондови**

Член 9

(1) Друштвото за управување се основа од домашни и/или странски физички и/или правни лица и не смее да отпочне со работа пред добивање на дозвола за работење од Комисијата, врз основа на претходно доставено барање за издавање дозвола за работење на друштво за управување.

(2) Друштвото за управување не може да се запише во Трговскиот регистар што се води во Централниот регистар на Република Македонија, пред да добие дозвола за работење од Комисијата.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член се приложува:

- статут на друштвото за управување,
- доказ за уплата на основната главнина на привремена сметка во банка,
- доказ за потекло на уплатените средства како основна главнина,
- деловен план за основање и работа на друштвото за управување за првите три години кој мора да ја содржи планираната големина на инвестициските фондови со кои друштвото за управување планира да управува,
- докази за исполнување на условите за кадровска, техничка и организациона оспособеност за работа, утврдени од Комисијата,
- податоци за основачите вклучувајќи и податоци за нивното учество во капиталот на други правни лица,
- список на поврзани лица со друштвото за управување,
- акт за назначување на портфолио менаџер и дозвола за работење на инвестиционен советник од Комисијата,

- список на членовите на управниот одбор, односно извршните членови на одборот на директори на друштвото за управување и соодветната документација од членот 18 став (1) на овој закон,

- акт за назначување на овластен ревизор кој ќе врши ревизија на финансиските извештаи на друштвото за управување и инвестициските фондови со кои тоа ќе управува,

- доказ за платен надомест за издавање дозвола за работење на друштво за управување, согласно со тарифникот на Комисијата и

- изјава за точноста, вистинитоста и законитоста на податоците доставени до Комисијата.

(4) Комисијата поблиску ги пропишува начинот, постапката и потребната документација за добивање дозвола за работење на друштвото за управување.

(5) Лица кои немаат добиено дозвола од Комисијата не смеат да ги вршат работите од членот 6 став (1) на овој закон.

**Одобрување на барањето за издавање на дозвола за работење на друштвото за управување со инвестициски фондови**

Член 10

(1) Комисијата донесува решение за одобрување или одбивање на барањето од членот 9 став (1) на овој закон за издавање на дозвола за работење на друштвото за управување во рок од 90 календарски дена од денот на доставувањето на барањето.

(2) Комисијата е должна да даде писмено образложение во случај на одбивање на барањето за издавање на дозвола за работење на друштвото за управување.

(3) Против решението за одбивање на барањето за издавање дозвола за работење на друштвото за управување што го донесува Комисијата може да се изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.

(4) Жалбата од ставот (3) на овој член не го одлага извршувањето на решението на Комисијата.

**Подружница на странско друштво за управување со фондови**

Член 11

(1) Друштвото за управување кое има добиено дозвола за работење во која било земја членка на Европската унија (во натамошниот текст: ЕУ) и земја членка на Организацијата за економска соработка и развој (во натамошниот текст: ОЕЦД), може да ги врши истите услуги на територијата на Република Македонија преку своја подружница која има добиено дозвола за работење од Комисијата.

(2) Странското друштво за управување од ставот (1) на овој член со барањето за издавање дозвола за работење на негова подружница на територијата на Република Македонија до Комисијата ги поднесува следниве документи:

- оригинал и превод на оригиналот на дозволата за работење на друштвото за управување во матичната држава,

- оригинал и превод на оригиналот од документот со кој регулаторот на пазарот на хартии од вредност во матичната држава одобрува основање на подружница на друштвото за управување во Република Македонија и

- ревидирани финансиски извештаи за последните три години.

(3) Покрај документите наведени во ставот (2) од овој член друштвото за управување кое основа подружница во Република Македонија, до Комисијата ги доставува и следниве податоци:

1) општи податоци за подружницата:

- фирма и седиште на подружницата од каде што ќе можат да се добијат сите податоци во врска со работењето на подружницата,

- предмет на работа на подружницата и

- име на лицето овластено за застапување на подружницата и

2) податоци за инвестициските фондови со кои управува друштвото за управување и податоци за уделите, односно акциите кои друштвото за управување има намера јавно да ги нуди за продажба во Република Македонија преку подружницата:

- точен опис на планираните деловни активности кои друштвото за управување има намера да ги преземе во врска со продажбата на уделите, односно акциите на инвестицискиот фонд,

- проспект, статут и годишни извештаи за последните три години, за секој инвестициски фонд со којшто управува и

- изјава за точноста, вистинитоста и законитоста на податоците што се доставени до Комисијата.

(4) Регулаторното тело од земјата членка на ЕУ или на ОЕЦД надлежно за контролирање на учесниците на пазарот на капитал има право да врши надзор над работењето на подружницата во Република Македонија.

(5) Регулаторното тело на земјата во која е регистрирано седиштето на странското друштво за управување кое отвора подружница во Република Македонија и Комисијата соработуваат и разменуваат информации заради ефикасна супервизија и следење на работењето на подружницата во Република Македонија.

(6) Комисијата поблиску ги пропишува начинот, постапката и потребната документација за основање на подружница на странско друштво за управување во Република Македонија.

**Одобрување на барањето за основање на подружница на странско друштво за управување**

Член 12

(1) Комисијата донесува решение за одобрување или одбивање на барањето за издавање на дозвола за работење на подружница на странско друштво за управување во рок од 90 календарски дена од денот на доставување на барањето од членот 11 став (2) на овој закон.

(2) Комисијата е должна да даде писмено образложение во случај на одбивање на барањето за издавање на дозвола за работење на подружница на странско друштво за управување.

(3) Против решението за одбивање на барањето за издавање дозвола за работење на подружница на странско друштво за управување што го донесува Комисијата може да се изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.

(4) Жалбата од ставот (3) на овој член не го одлага извршувањето на решението на Комисијата.

**Акционери со квалификувано учество во друштвото за управување со инвестициски фондови**

Член 13

(1) Секое лице кое има намера директно или индиректно, постапно или одеднаш, да се стекне со акции чиј вкупен кумулативен износ надминува 10%, 20%, 30% и 50% од вкупно издадените акции на друштвото

за управување со право на глас, без оглед на тоа дали акциите ги стекнува само или заедно со други поврзани лица е должно да поднесе барање до Комисијата за добивање на согласност за стекнување на квалификувано учество.

(2) Акционер со квалификувано учество во друштво за управување не може да стане лице или правно лице контролирано од лице:

- на кое му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, додека трае забраната,

- против кое е поведена стечајна постапка,

- кое не поседува добра репутација со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на друштвото за управување и

- кое не ги почитува одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од Комисијата, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на пазарот на хартии од вредност.

(3) Во случај на намера за дополнително стекнување на акции од страна на лице кое веќе се стекнало со квалификувано учество во друштво за управување, со што се надминува износот на акции за кои веќе има добиено согласност од Комисијата, лицето е должно да поднесе барање до Комисијата за добивање на согласност за дополнително стекнување на акции над утврдените износи во ставот (1) на овој член.

(4) По исклучок од ставовите (1) и (3) на овој член, лице кое врз основа на одлука на надлежен орган во согласност со закон стекнало постапно или одеднаш акции чиј вкупен кумулативен износ надминува 10%, 20%, 30% и 50% од вкупно издадените акции на друштвото за управување со право на глас, без оглед на тоа дали акциите ги стекнува само или заедно со други поврзани лица е должно во рок од десет календарски дена од конечноста, односно правосилноста на одлуката, да поднесе барање до Комисијата за добивање согласност за настанатата промена.

(5) Трансакцијата за стекнување на акциите треба да се изврши во рок од 90 календарски дена од денот на добивање на согласноста од Комисијата за стекнување на квалификувано учество. По истекот на овој рок, задолжителна е постапка за добивање на нова согласност.

(6) Кога лицето кое добило согласност од ставовите (1) и (3) на овој член, има намера да го намали учеството, директно или индиректно, на начин што тоа учество во вкупниот број на акции или вкупниот број на издадени акции со право на глас во друштвото за управување ќе се намали под 20%, 30% и 50% е должно најмалку пет работни дена пред да се реализира намалувањето да ја извести Комисијата за:

1) вкупниот број на акции и вкупниот број на издадени акции со право на глас во друштвото за управување кои има намера да ги продаде;

2) износот за кој ќе се намали неговото учество во главнината;

3) вкупен број на акции и вкупен број на издадени акции со право на глас во друштвото за управување што ќе ги поседува по намалувањето и

4) идентитетот на лицето кое ќе ги стекне неговите акции во друштвото за управување, доколку му е познат.

(7) Едно домашно и странско физичко и/или правно лице и со него поврзани лица можат да имаат квалификувано учество само во едно друштво за управување на територијата на Република Македонија.

(8) Во случаите од ставовите (1) и (3) на овој член, брокерските куќи, подружниците на странски брокерски куќи и овластените банки се должни при прием и извршување на налогот за купување на акции од друштво за управување задолжително да побараат од клиентот увид и копија од согласноста на Комисијата за стекнување квалификувано учество согласно со ставовите (1) и (3) на овој член.

**Барање за добивање на согласност за стекнување на квалификувано учество во друштво за управување со инвестициски фондови**

Член 14

(1) Барањето за добивање на согласност за стекнување на квалификувано учество во друштво за управување содржи:

- основни податоци за лицето од членот 13 став (1) на овој закон,

- бројот на акции и нивното процентуално учество во вкупно издадените акции на друштвото за управување со право на глас што лицето од членот 13 став (1) на овој закон ги поседува во моментот на поднесувањето на барањето и

- бројот на акции и нивното процентуално учество во вкупно издадените акции на друштвото за управување со право на глас што лицето од членот 13 став (1) на овој закон има намера да ги стекне врз основа на барањето за добивање на согласност.

(2) Во прилог на барањето за добивање на согласност за стекнување на квалификувано учество во друштвото за управување, лицето од членот 13 став (1) на овој закон треба да достави:

1) доказ во врска со членот 13 став (2) алинеи 1 и 2 од овој закон;

2) доказ за потеклото на средствата од кои би се извршила уплатата на акциите за чие стекнување се бара согласност;

3) доколку лицето од членот 13 став (1) на овој закон е физичко лице, доказ за финансиската состојба на истото, а доколку лицето од членот 13 став (1) на овој закон е правно лице:

- извод од регистарот во кој е регистрирано седиштето на лицето од членот 13 став (1) на овој закон,

- целосните ревидирани финансиски извештаи за последните две години заедно со мислењето од овластениот ревизор и белешките кон финансиските извештаи,

- список на лица кои во правното лице поседуваат, директно или индиректно, повеќе од 10% од акциите, односно уделите и

- список на членовите на органите на управување на правното лице;

4) список на правни лица во кои лицето од членот 13 став (1) на овој закон поседува, директно или индиректно, повеќе од 10% од акциите, односно уделите;

5) список на лица со кои лицето од членот 13 став (1) на овој закон има воспоставено и одржува значајни деловни врски со опис на природата на тие деловни врски;

6) опис на инвестиционата политика на лицето од членот 13 став (1) на овој закон во врска со инвестирањето во финансиски институции и

7) покрај наведените документи во ставовите (1) и (2) на овој член, Комисијата може да бара и дополнителни документи, податоци и информации и да спроведе интервју со лицето од членот 13 став (1) на овој закон, односно членовите на органот на управување на лицето од членот 13 став (1) на овој закон, заради утврдување на исполнувањето на критериумите за стекнување на квалификувано учество во друштвото за управување.

(3) Лицето од членот 13 став (1) на овој закон кое има намера да стекне акции чиј вкупен кумулативен износ надминува 50% од вкупно издадените акции на друштвото за управување со право на глас, покрај документите од ставот (2) на овој член, е должно во прилог на барањето да достави и сопствен развоен план за работењето на друштвото за управување во кое истото има намера да стекне квалификувано учество.

(4) Доколку лицето од членот 13 став (1) на овој закон е странско лице, а стекнувањето на квалификувано учество во друштво за управување согласно овој закон од страна на тоа лице претставува активност што е предмет на супервизија на надлежен орган во државата каде што е регистрирано истото, во прилог на барањето од ставот (1) на овој член треба да се поднесе и согласност или мислење од надлежниот орган за трансакцијата за стекнување на квалификувано учество во друштво за управување, односно известување од лицето од членот 13 став (1) на овој закон дека не е потребна согласност за реализирање на трансакцијата согласно со законодавството на државата каде што лицето е регистрирано.

(5) Комисијата може да ја пропише потребната документација за стекнување квалификувано учество во друштво за управување.

**Одлучување по барањето за добивање на согласност за стекнување на квалификувано учество во друштво за управување со инвестициски фондови**

Член 15

(1) Комисијата донесува решение по однос на барањето за добивање на согласност за стекнување на квалификувано учество во друштво за управување во рок од 60 календарски дена од денот на приемот на барањето.

(2) Комисијата ќе го одбие барањето за добивање на согласност за стекнување на квалификувано учество во друштво за управување од членот 14 на овој закон, доколку:

1) барањето не ја содржи комплетната документација;

2) барањето содржи неточни и невистинити податоци;

3) расположливите податоци и информации во врска со членот 14 ставови (1) и (2) од овој закон укажуваат дека лицето од членот 13 став (1) на овој закон и/или лицата поврзани со него, како последица на правната или финансиската состојба, односно начинот на кој работи или природата на неговите активности, индицира тенденција на висок ризик со што може да биде загрозена стабилноста, сигурноста и репутацијата на друштвото за управување, односно неговото работење во согласност со прописите и

4) постои основано сомнение во легалноста на потеклото на парите, репутацијата или вистинскиот идентитет на лицето од членот 13 став (1) на овој закон и/или лицата поврзани со него, согласно со овој закон.

(3) Против решението за одбивање на барањето за добивање на согласност за стекнување на квалификувано учество во друштво за управување што го донесува Комисијата може да се изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.

(4) Жалбата од ставот (3) на овој член не го одлага извршувањето на решението на Комисијата.

(5) Во случај кога како основа за одбивање на барањето од ставот (2) на овој член е легалноста на потеклото на парите, Комисијата веднаш ја известува Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

(6) Комисијата ќе донесе решение за одземање на согласноста за стекнување на квалификувано учество, доколку:

1) согласноста е добиена со наведување на невистинити податоци;

2) имателот на квалификувано учество или со него поврзани лица преку преземање на одредени активности или работи, го загрозуваат сигурното и стабилно работење на друштвото за управување;

3) имателот на квалификувано учество или со него поврзани лица преку вршењето на одредени активности или работи, го оневозможуваат спроведувањето на супервизијата над друштвото за управување или нејзиното спроведување е значително отежнато и

4) во случај на странско лице-имател на квалификувано учество: ако во однос на прописите кои се во сила во земјата на тоа лице или праксата при примена на тие прописи, не може да се спроведе супервизијата над друштвото за управување или нејзиното спроведување е значително отежнато.

**Забрана за стекнување на квалификувано учество во друштво за управување без претходна согласност од Комисијата**

Член 16

(1) Се забранува стекнување на квалификувано учество во друштво за управување спротивно на членот 13 ставови (1) и (3) од овој закон.

(2) Во случај на стекнување на квалификувано учество во друштво за управување спротивно на членот 13 ставови (1), (3) и (4) од овој закон, како и во случај на одземање на согласноста за стекнување на квалификувано учество од членот 15 став (6) на овој закон, Комисијата донесува решение со кое утврдува дека на акционерот кој ги стекнал тие акции, истите не му носат право на глас и право на дивиденда.

(3) Со решението од ставот (2) на овој член Комисијата ќе му наложи на акционерот кој стекнал акции спротивно на членот 13 ставови (1), (3) и (4) од овој закон, како и на акционерот на кој му е одземена согласноста за стекнување на квалификувано учество од членот 15 став (6) на овој закон, да ги продаде акциите кои ги стекнал или ги поседува спротивно од овој закон во определен рок кој не може да биде подолг од 180 дена, освен во случаите од членот 13 став (4) на овој закон, кога Комисијата може да определи и подолг рок .

(4) Со решението од ставот (2) на овој член, Комисијата го задолжува друштвото за управување кое ги издало акциите да не му дозволи на акционерот да ги остварува правото на глас и дивиденда од акциите од ставот (2) на овој член.

(5) Решението од ставот (2) на овој член се доставува до овластениот депозитар кај кој се водат акциите на друштвото за управување заради запишување на ограничувањата на акциите кои произлегуваат од решението на Комисијата од ставот (2) на овој член на сметката на акционерот.

(6) Во случај ако друштвото за управување постапи спротивно на задолжението од ставот (4) на овој член, Комисијата ќе му изрече мерки на друштвото за управување пропишани со членот 131 или 23 од овој закон.

(7) Во случаите од ставот (2) на овој член, при одржување на собрание на акционери на друштвото за управување, вкупниот број на акции со право на глас кои произлегуваат од издадените акции на друштвото за управување се намалува за бројот на акции на кои се

однесува решението од ставот (2) на овој член. Преостанатиот број на акции со право на глас претставуваат вкупен број на акции со право на глас во друштвото за управување.

(8) Против решението на Комисијата донесено врз основа на ставот (2) од овој член може да се изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.

(9) Жалбата од ставот (8) на овој член не го одлага извршувањето на решението на Комисијата.

**Статут на друштвото за управување со инвестициски фондови**

Член 17

(1) Статутот на друштвото за управување го донесува акционерското собрание на друштвото за управување.

(2) Статутот на друштвото за управување, освен одредбите за статутот од Законот за трговските друштва содржи и одредби за:

- начин на вложување на главнината,
- основање и управување со инвестициски фондови, во свое име и за сметка на отворениот инвестициски фонд или во име и за сметка на затворениот инвестициски фонд и
- други работи од значење за работењето на друштвото за управување.

(3) Комисијата донесува решение за одобрување или одбивање на барањето за давање согласност на статутот на друштвото за управување во рок од 60 календарски дена од приемот на доставеното барање, а на неговите измени и дополнувања во рок од 30 календарски дена од приемот на доставеното барање.

(4) Кога барањето за давање согласност на статутот се поднесува истовремено со барањето за издавање дозвола за работење на друштвото за управување, Комисијата одлучува и донесува решение по истите истовремено, во рок од 90 календарски дена од приемот на барањето.

(5) Комисијата е должна да даде писмено образложение во случај на одбивање на барањето за давање согласност на статутот или на измените и дополнувањата на статутот на друштвото за управување.

(6) Против решението за одбивање на барањето за давање согласност на статутот на друштвото за управување што го донесува Комисијата може да се изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.

(7) Жалбата од ставот (6) на овој член не го одлага извршувањето на решението на Комисијата.

**Услови за именување на членови на управниот одбор, односно извршни членови на одборот на директори**

Член 18

(1) Членовите на управниот одбор, односно извршните членови на одборот на директори на друштвото за управување мораат да имаат високо образование со тоа што најмалку двајца членови на управниот одбор, односно извршни членови на одборот на директори да имаат најмалку три години работно искуство стекнато при извршување на работи од областа на финансиите или деловното право, како и управување со средства, како и да имаат добра репутација.

(2) Двајца членови на управниот одбор, односно двајца извршни членови на одборот на директори на друштвото за управување мораат да се во постојан работен однос во друштвото и истите го застапуваат и го претставуваат друштвото во односите со трети лица.

(3) Членовите на управниот одбор, односно извршните членови на одборот на директори на друштвото за управување не можат да го пренесат правото на застапување на друштвото за управување на трети лица.

(4) Член на управен одбор, односно извршен член на одборот на директори на друштвото за управување не може да биде лице:

а) кое е осудено со казна затвор за кривични дела од областа на банкарството, финансиите, работните односи, имотот, мито и корупција;

б) на кое му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во областа на правото, банкарството, сметководството, осигурувањето, управувањето со средства и инвестирање, управување со пензиски фондови или други финансиски услуги, додека трае забраната;

в) кое не ги почитувало одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од Комисијата, со што била или е загрозена сигурноста на вложувачите во инвестицискиот фонд;

г) кое е член на орган на управување или е вработено во друго друштво за управување;

д) кое е член на орган на управување или е вработено во организационата единица на банката која ги врши активностите на депозитарна банка;

ѓ) кое е функционер кој раководи со државен орган или орган на државна управа;

е) кое е поврзано лице со лицата од точките г) и д) на овој став и

ж) кое не поседува добра репутација со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на друштвото за управување.

(5) Комисијата поблиску ја пропишува потребната документација која се приложува како доказ за исполнување на условите од ставовите (1), (2) и (4) на овој член.

**Согласност за именување на членови на управниот одбор, односно извршните членови на одборот на директори на друштвото за управување со инвестициски фондови**

Член 19

(1) Комисијата донесува решение за давање согласност за именување на членовите на управниот одбор, односно извршните членови на одборот на директори на друштвото за управување во рок од 30 календарски дена од приемот на барање за нивното именување врз основа на доставените докази за исполнување на условите од членот 18 на овој закон.

(2) Кога барањето за давање согласност за именување на членови на управниот одбор, односно извршни членови на одборот на директори на друштвото за управување се поднесува истовремено со барањето за издавање дозвола за работење на друштвото за управување, Комисијата истовремено одлучува и донесува решение по истите во рок од 90 календарски дена од приемот на барањето.

(3) Во постапката на одлучување за давање согласност, Комисијата спроведува интервју со предложените членови на управниот одбор, односно извршните членови на одборот на директори од членот 18 став (2) на овој закон.

(4) Комисијата ги пропишува начинот и постапката за давање согласност за изборот на членови на управниот одбор, односно извршните членови на одборот на директори.

**Повлекување на согласност за именување на членови на управниот одбор, односно извршните членови на одборот на директори**

Член 20

(1) Комисијата ја повлекува согласноста за именување на членовите на управниот одбор, односно извршните членови на одборот на директори на друштвото за управување кога ќе утврди дека:

- одлуката за давање согласност е донесена врз основа на невистинити и неточни податоци,
- во меѓувреме престанале да ги исполнуваат условите од членот 18 на овој закон и
- извршиле повреда на правилата на Кодексот за етичко однесување, совесното работење и правилата за управување со ризикот или на друг начин ги загрозиле интересите на сопствениците на удели, односно на акционерите на инвестициските фондови, како и на клиентите со чие портфолио управува друштвото за управување.

(2) Од денот на доставување на решението за повлекување на согласноста за именување на членови на управниот одбор, односно извршните членови на одборот на директори на друштвото за управување од страна на Комисијата, истите не можат да вршат каква било функција во друштвото за управување.

## 3. ОБВРСКИ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

**Начин на остварување на обврските на друштвото за управување со инвестициски фондови**

Член 21

(1) Друштвото за управување е должно:

- при извршување на активностите од членот 6 на овој закон да се придржува на начелото на совесност и чесност,
- да биде способно навремено да ги исполнува достасаните обврски,
- навремено и целосно да ги исполнува сите права и обврски предвидени со овој закон, проспектот и статутот на инвестицискиот фонд,
- податоците за акционерите на затворениот инвестициски фонд, односно за сопствениците на уделите на отворениот инвестициски фонд, како и податоците за уплатите и исплатите да ги чува како деловна тајна и истите да ги соопштува само врз основа на судски налог, на барање на одделен сопственик на удели или акции, како и на барање на депозитарната банка,
- да изготви правилник со кој ќе се уреди судирот на интереси со инвестициските фондови со кои управува како и со акционерите на затворениот инвестициски фонд, односно сопствениците на удели во отворениот инвестициски фонд, судирот на интереси во врска со управувањето со средствата за сметка на индивидуален клиент, како и во врска со вршење активност на инвестициско советување,
- евиденцијата на финансиските инструменти и готовината на секој индивидуален клиент да ја води одвоено од сопствените сметки, како и одвоено од евиденцијата на имотот на инвестициските фондови со кои управува,
- доколку ги доверило дел од своите обврски и активности на трети лица, да следи дали тие во своето работење се придржуваат кон одредбите на овој закон, кон проспектот и статутот на инвестицискиот фонд,
- да донесе Кодекс за етичко однесување во работењето,
- да обезбеди систем и механизми на надзор кои јасно покажуваат дека друштвото за управување на долгорочна основа постапува во согласност со овој закон, проспектот и статутот на фондот,
- да обезбеди сите огласни и рекламни содржини, објави и соопштенија кон акционерите, односно сопствениците на удели, да бидат јасни, точни и да не наведуваат на погрешни заклучоци,
- да овозможи продажбата на акциите и уделите на инвестицискиот фонд да се врши согласно со овој закон,
- да врши во секое време откуп на удели за сметка на отворениот инвестициски фонд, на барање на сопствениците на удели во фондот,
- да купува имот исклучиво во свое име и за сметка на отворениот инвестициски фонд, односно во име и за сметка на затворениот инвестициски фонд со кои управува,
- да и доставува на депозитарната банка копија од сите оригинални документи поврзани со трансакциите со имотот на инвестициските фондови и тоа непосредно после изготвувањето на тие документи или при нивниот прием,
- евиденцијата за трансакциите со имотот на секој поединечен инвестициски фонд да ја води одвоено од своите сопствени сметки, како и од евиденцијата на трансакциите од другите фондови, како и во договорените временски интервали да ги потврдува со депозитарната банка,
- да ги води деловните книги и другата документација,
- да објавува податоци за инвестициските фондови со кои управува, како и податоци за своето работење согласно со постапката предвидена со подзаконскиот акт од ставот (2) на овој член,
- да и поднесува на Комисијата редовни извештаи согласно со постапките предвидени во подзаконските акти на Комисијата,
- да ја известува Комисијата за секоја промена во согласност со одредбите од овој закон, промена на условите врз основа на кои е добиена дозволата за работење на друштвото за управување, промените на членовите на управниот, односно извршните членови на одборот на директори на друштвото за управување, како и за секоја промена на статутот, капиталот, структурата или учеството во основната главнина во однос на состојбата која ја одобрила Комисијата,
- да воспостави, и води евиденција за своето работење,
- да и овозможи на Комисијата увид во целокупната своја евиденција и да и обезбеди на Комисијата усни информации,
- да не склучува договор со кој се намалува или менува одговорноста на друштвото за управување утврдена со овој закон,
- да обезбеди дека неговите вработени и секое лице со кое друштвото за управување склучило договор за продажба на акции или удели во инвестициските фондови во негово име, постапуваат во согласност со овој закон,
- еден член од органите на управување и едно лице од редот на вработените да ги задолжи да бидат одговорни за усогласување на работењето на друштвото за управување со одредбите од овој закон и другите про-

писи и правила на саморегулирачките организации, како и за остварување соработка со Комисијата, со цел спроведување на известувањата и другите кореспондентни активности кои се бараат согласно со одредбите од овој закон,

- да управува со инвестицискиот фонд согласно со инвестициските цели на секој поединечен фонд со кој управува,

- да го чува имотот на инвестициските фондови со кои управува, во депозитарната банка,

- да и издава на депозитарната банка налози за остварување на правата поврзани со имотот на инвестицискиот фонд и

- да осигура дека проценатa на вредноста на имотот на инвестицискиот фонд, како и цената на уделите е точно утврдена.

(2) Комисијата поблиску го пропишува начинот на работење на друштвото за управување.

**Управување со ризици**

Член 22

(1) Друштвото за управување мора да воспостави систем на управување со ризици кој во секое време ќе овозможи пресметување и следење на ризичноста на вложувањата од портфолиата на индивидуалните клиенти, како и на вкупното портфолио на инвестицискиот фонд.

(2) Системот за управување со ризици мора да овозможува точно и независно утврдување на вредностите на финансиските деривативни инструменти со кои се тргува на регулирани пазари и финансиските деривативни инструменти со кои се тргува преку шалтер.

(3) Друштвото за управување ја известува Комисијата за секој инвестициски фонд и индивидуален клиент, за видовите на финансиските деривативни инструменти во портфолиото на инвестицискиот фонд и портфолиата на индивидуалните клиенти, поврзаните ризици, квантитативните лимити и имплементираната методологија за пресметување на ризиците поврзани со позициите и трансакциите со тие финансиски деривативни инструменти во согласност со правилата пропишани од Комисијата.

(4) Изложеноста на инвестицискиот фонд кон поединечни финансиски инструменти на кои се темели финансискиот деривативен инструмент не смее да биде во спротивност со ограничувањата на вложувањата пропишани со овој закон, проспектот и со статутот на фондот.

(5) Кога хартијата од вредност или инструментот од пазарот на пари во себе содржи вграден финансиски деривативен инструмент, истиот мора да биде земен предвид во согласност со пресметката на изложеноста на инвестицискиот фонд од ставовите (3) и (4) на овој член.

(6) Комисијата поблиску ја пропишува методологијата за пресметување на ризиците од вложувањата во финансиските деривативни инструменти.

## 4. ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА РАБОТА НА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ И ПРЕНОС НА РАБОТИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ НА НОВО ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

**Одземање на дозволата за работа на друштвото за управување со инвестициски фондови**

Член 23

Комисијата може да донесе решение за одземање на дозволата за работа на друштвото за управување, доколку тоа друштво за управување:

- не започне со работа во рок од една година од добивањето на дозволата за работа на друштвото,

- шест или повеќе месеци не извршува активности на основање и управување со инвестициски фондови согласно со овој закон,

- ја добило дозволата за работа врз основа на неточни податоци, фалсификувани документи или какви било други податоци кои доведуваат до заблуда,

- повеќе не ги исполнува условите врз основа на кои Комисијата му ја издала дозволата за работа,

- сериозно ги прекршува одредбите од овој закон,

- не ги отстрани неправилностите и незаконитостите во своето работење утврдени од страна на Комисијата, во рокот наведен во членот 131 став (1) од овој закон и

- доколку навремено не ги доставува извештаите за работење на друштвото за управување и на инвестициските фондови.

**Пренос на работите на управување со инвестицискиот фонд на ново друштво за управување со инвестициски фондови**

Член 24

(1) Во случај кога Комисијата ќе донесе решение со кое ја одзема дозволата за работа на друштвото за управување и во случај на стечај или ликвидација на друштвото за управување, работите на управување со инвестициски фондови, и управувањето со портфолијата на индивидуалните клиенти кои ги вршело ова друштво се пренесуваат на друго друштво за управување.

(2) Комисијата го врши изборот на друштвото за управување на кое ќе бидат пренесени работите на управување со инвестициските фондови во случаите од ставот (1) на овој член.

(3) Комисијата поблиску ја пропишува постапката за преземање на работите на управување со инвестициски фондови кои ги вршело друштвото за управување од ставот (1) на овој член.

## 5. ОГРАНИЧУВАЊА И ОДГОВОРНОСТ НА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

**Забранети дејствија и судир на интереси**

Член 25

(1) Друштво за управување не смее:

- да посредува во купување и продавање на хартии од вредност,

- да отуѓува или да стекнува хартии од вредност или друг имот на инвестицискиот фонд за своја сметка или за сметка на поврзани лица,

- од средствата на инвестицискиот фонд да купува имот кој не е предвиден ниту со статутот, ниту со проспектот,

- да извршува трансакции спротивно на ограничувањата во вложувањата на инвестициските фондови со кои што управува, утврдени со овој закон,

- да го отуѓува имотот на затворениот инвестициски фонд и имотот кој го создава отворениот инвестициски фонд без надомест,

- да стекнува и отуѓува имот во име на инвестициските фондови со кои управува по цена понеповолна од пазарната цена или проценетата вредност на предметниот имот,

- во свое име и за сметка на отворениот инвестициски фонд, да позајмува средства освен ако тоа не го прави со цел за користење на тие средства за откуп на удели во отворениот инвестициски фонд, и тоа под ус-

лов паричните средства расположливи во портфолиото на фондот да не се доволни за таа намена, при што, во случај на таква позајмица, вкупниот износ на обврските кои подлежат на отплата од имотот кој го создава отворениот инвестициски фонд спрема сите договори за заем или кредит не смеат да преминат 10% од нето вредноста на имотот на отворениот инвестициски фонд во моментот на земање на тие позајмици, а во рок не подолг од три месеца,

- да одобрува заеми од имотот на инвестицискиот фонд и да се јавува како гарант во име на трети лица,
- да го користи имотот на инвестицискиот фонд како гаранција при извршување на обврските на друштвото за управување или обврски на трети лица, ниту пак да се користи за извршување на работи под повластени услови од страна на неговите вработени или лица поврзани со нив,
- да договара продажба, купување или пренос на имот меѓу два инвестициски фонда со кои управува истото друштво за управување под услови различни од пазарните услови или под услови со кои едниот инвестициски фонд се става во поповолна положба од другиот,
- да презема обврски во врска со средствата кои во моментот на преземање на тие обврски не се во сопственост на инвестицискиот фонд,
- за своја сметка да стекнува или отуѓува удели во отворен инвестициски фонд со кој што управува,
- да издава хартии од вредност на отворените инвестициски фондови,
- да го вложува имотот на инвестицискиот фонд во хартии од вредност или други финансиски инструменти кои тоа ги издава,
- за сметка на сопствениците на удели на отворениот инвестициски фонд, или во име и за сметка на акционерите во затворениот инвестициски фонд да продава хартии од вредност, ако хартиите од вредност во моментот на склучување на трансакцијата не влегуваат во имотот на фондот и
- во текот на своето работење да настапува спротивно на интересите на сопствениците на удели или акции.

**Одговорност на друштво за управување со инвестициски фонд**

Член 26

(1) Друштвото за управување е одговорно за вршење на дејноста на управување со инвестициски фонд во согласност со одредбите на овој закон, статутот и проспектот на фондот. Друштвото одговара за штетата причинета на сопствениците на удели во отворениот инвестициски фонд, односно на акционерите во затворениот инвестициски фонд, за делување спротивно на одредбите на овој закон, статутот и проспектот на фондот.

(2) Друштвото за управување со целокупниот свој имот одговара за правните работи склучени во свое име и за сметка на сопствениците на удели во отворениот инвестициски фонд и за правните работи склучени во име и за сметка на акционерите во затворениот инвестициски фонд.

**Доставување финансиски извештаи до Комисијата**

Член 27

(1) Друштвото за управување е должно до Комисијата да доставува:

а) ревидирани годишни финансиски извештаи за друштвото и за инвестициските фондови со кои тоа управува, најдоцна до 30 април тековната година за претходната година;

б) ревидирани полугодишни финансиски извештаи за друштвото и за инвестициските фондови со кои тоа управува, најдоцна до 31 август тековната година за првите шест месеца во таа година и

в) квартални извештаи за секој инвестициски фонд посебно, најдоцна до петнаесеттиот ден во месецот за претходниот квартал, кој содржи податоци за:

- хартиите од вредност кои го сочинуваат имотот на инвестицискиот фонд со кои се тргувало, според видот на хартијата од вредност и издавачот,
- состојбата на паричните депозити кои го сочинуваат имотот на инвестицискиот фонд, според финансиските институции каде што депозитите се наоѓаат,
- датуми на трансакции на средствата кои го сочинуваат имотот на инвестицискиот фонд и цените по кои трансакциите се извршени,
- брокерските провизии, надоместоците на депозитарната банка и другите трошоци во врска со трансакциите и
- вредноста на имотот на инвестицискиот фонд, бројот на уделите и нивната поединечна вредност со состојба на последниот работен ден во кварталот за кој се доставува извештајот, односно бројот на запишаните акции.

(2) Комисијата ги пропишува случаите во кои друштвата за управување имаат обврска за доставување на извештаи и за пократки рокови од утврдените во ставот (1) на овој член.

**Организациона, техничка и кадровска оспособеност**

Член 28

(1) Друштвото за управување треба да има соодветна организациона, техничка и кадровска оспособеност за извршување на своите активности.

(2) Во однос на организационата поставеност, друштвото за управување треба да се организира на начин што ќе обезбеди стручно, транспарентно, ефикасно, континуирано и законско извршување на активностите на друштвото.

(3) Во однос на техничката оспособеност друштвото за управување треба да има соодветни простории и опрема за извршување на своите активности.

(4) Во однос на кадровската оспособеност друштвото за управување треба да има вработено најмалку еден портфолио менаџер кој може да управува со најмногу два инвестициски фонда, да има вработено лице одговорно за контрола на усогласеноста на работењето на друштвото за управување со прописите, како и назначен еден овластен внатрешен ревизор.

(5) Комисијата поблиску ја пропишува организационата, техничката и кадровската оспособеност на друштвото.

**Изготвување на финансиски извештаи**

Член 29

(1) Финансиските извештаи на друштвото за управување се изготвуваат во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување.

(2) Финансиските извештаи од ставот (1) на овој член подлежат на ревизија од овластено друштво за ревизија или овластен ревизор трговец поединец.

(3) Исто друштво за ревизија може да изврши најмногу пет последователни ревизии на годишните финансиски извештаи на едно друштво за управување и на ивестициските фондови со кои тоа управува.

**Регистар на удели и акции**

Член 30

Друштвото за управување е должно да ги чува на електронски медиум документите и податоците кои се однесуваат на сопствениците на удели, односно акционерите на инвестициските фондови со кои тоа управува.

## III. ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРИВАТНИ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

**Основање на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови**

Член 31

(1) Друштво за управување со приватни инвестициски фондови (во натамошниот текст: друштво за управување со приватни фондови), се основа како друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво согласно со Законот за трговските друштва, чиј единствен предмет на работење е основање и управување со приватни фондови во свое име и за сметка на сопствениците на документи за удели во фондот.

(2) Друштвото за управување со приватни фондови се основа со основна главнина од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата ако друштвото управува со еден приватен фонд. Доколку друштвото за управување со приватни фондови се основа за управување со повеќе приватни фондови, основната главнина се зголемува за по 25.000 евра во денарска противвредност за секој нареден фонд.

(3) Едно друштво за управување со приватни фондови може да управува со повеќе приватни фондови.

(4) Друштвото за управување со приватни фондови е должно до Комисијата да достави резиме од проспектот на приватниот фонд.

(5) Друштвото за управување со приватни фондови може да биде сопственик на документи за удел во кој било приватен фонд со кој тоа друштво управува.

(6) На друштвото за управување со приватни фондови не се применуваат одредбите од Дел II. Друштво за управување со инвестициски фондови и Дел IV. Депозитарна банка од овој закон.

**Статут на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови**

Член 32

Статутот на друштвото за управување со приватни фондови, освен одредбите за статутот од Законот за трговските друштва содржи и одредби за:

- начин на вложување на сопствениот имот,
- основање и управување со приватни фондови, во свое име и за сметка на приватниот фонд и
- други работи од значење за работењето на друштвото за управување со приватни фондови.

**Работење на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови**

Член 33

(1) Друштвото за управување со приватни фондови е должно работењето со имотот на приватниот фонд да го води со внимание на добар стопанственик и исклучиво во интерес на сопствениците на уделите во приватниот фонд, врз основа на статутот на приватниот фонд и одредбите на овој закон.

(2) Основачите на друштвото за управување со приватни фондови, членовите на управниот одбор и надзорниот одбор на друштвото и вработените во друштвото или лицата кои за друштвото вршат постојани или повремени работи врз основа на посебен договор, се должни да ја чуваат тајноста за работите на друштвото, во согласност со закон и статутот на друштвото за управување со приватни фондови.

(3) Податоците за сопствениците на документи за удели, уплатите и исплатите се деловна тајна и можат да се соопштуваат само врз основа на судски налог.

**Водење и прикажување на имотот на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови**

Член 34

(1) Имотот на друштвото за управување со приватни фондови задолжително се чува и се прикажува одвоено од имотот на фондот со кој управува.

(2) Долговите на друштвото за управување со приватни фондови што произлегуваат од финансиските трансакции сврзани со сопствениот имот на друштвото, не можат да се намируваат од средствата на приватниот фонд.

**Настапување на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови во правниот промет**

Член 35

(1) Друштвото за управување со приватни фондови во правниот промет настапува во свое име и за сметка на сопствениците на документите за удел во приватниот фонд.

(2) Побарувањата по основ на трошоци за вршење на работи за сметка на сопствениците на документите за удел во приватниот фонд, друштвото ги намирува од имотот на приватниот фонд во согласност со одредбите на статутот на приватниот фонд.

(3) Износот на трошоците од ставот (2) на овој член задолжително се објавува во проспектот на секој одделен приватен фонд.

**Одговорност на друштвото за управување со приватни инвестициски фондови**

Член 36

(1) Друштвото за управување со приватни фондови е одговорно за вршењето на дејноста на управување со приватен фонд во согласност со одредбите на овој закон и статутот на фондот. Друштвото за управување со приватни фондови одговара за штетата причинета на сопствениците на документи за удел во приватниот фонд, за дејствување спротивно на одредбите на овој закон и на статутот на приватниот фонд.

(2) Друштвото за управување со приватни фондови со целокупниот свој имот одговара за правните работи склучени во свое име и за сметка на сопствениците на документи за удел во приватниот фонд.

(3) Трети лица не можат од имотот на приватниот фонд да намируваат свои побарувања кон друштвото за управување со приватни фондови.

**Трошоци на управувањето со приватниот инвестициски фонд**

Член 37

На товар на имотот на приватниот фонд можат да се засметуваат следниве трошоци:

1) надоместок за управување;
2) трошоци за објавувања на проспект;
3) трошоци за регистрација на приватниот фонд;
4) трошоци на откуп и исплата на документи за удел;
5) трошоци за водење сметководствена евиденција на приватниот фонд;
6) трошоци за изготвување на ревизорски извештаи на приватниот фонд и
7) други трошоци утврдени со статутот и проспектот на приватниот фонд.

## IV. ДЕПОЗИТАРНА БАНКА

### Предмет на работење на депозитарната банка

Член 38

(1) Депозитарната банка на инвестицискиот фонд (во натамошниот текст: депозитарна банка), ги чува средствата на инвестицискиот фонд и контролира дали инвестицискиот фонд располага со средствата на фондот во согласност со овој закон и со статутот на фондот.

(2) Само банка со седиште на територијата на Република Македонија која согласно со Законот за банките има добиено согласност од Народната банка на Република Македонија за вршење на активноста банка чувар на имот, може да биде избрана за депозитарна банка.

(3) Доколку инвестицискиот фонд има средства надвор од територијата на Република Македонија, депозитарната банка избира и субдепозитарна банка за чување на тие средства, која е банка или специјализирана депозитарна институција која има дозвола за работа издадена од надлежен орган во земја надвор од Република Македонија, и е овластена за таква дејност согласно со законите на државата каде што ќе врши чување на средствата на инвестицискиот фонд. Избраната субдепозитарна банка мора да има рејтинг препорачлив за инвестирање според реномирани меѓународни кредитни рејтинг агенции.

(4) Комисијата поблиску го пропишува рејтингот на субдепозитарната банка.

### Избор и промена на депозитарна банка

Член 39

(1) Депозитарната банка ја избира друштвото за управување.

(2) За изборот на депозитарната банка и секоја промена на депозитарната банка потребно е одобрение од Комисијата.

(3) Друштвото за управување поднесува барање до Комисијата за добивање одобрение за изборот на депозитарната банка.

(4) Кон барањето од ставот (3) на овој член се приложува:

- договор склучен меѓу друштвото за управување и депозитарната банка за вршење на активности на депозитарна банка (во натамошниот текст: депозитарен договор),
- согласност за отпочнување со вршење на активноста банка чувар на имот издадена од Народната банка на Република Македонија, согласно со Законот за банките и
- согласност за именување на членовите на управниот одбор на депозитарната банка издадена од Народната банка на Република Македонија, согласно со Законот за банките.

(5) Комисијата донесува решение за одобрување или одбивање на барањето од ставот (3) на овој член за издавање одобрение за избор на депозитарната банка во рок од 60 календарски дена од приемот на барањето.

(6) Комисијата е должна да даде писмено образложение во случај на одбивање на барањето за издавање на одобрение за избор на депозитарната банка.

(7) Против решението за одбивање на барањето за издавање одобрение за избор на депозитарна банка што го донесува Комисијата може да се изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.

(8) Жалбата од ставот (7) на овој член не го одлага извршувањето на решението на Комисијата.

(9) Комисијата поблиску ја пропишува формата и содржината на барањето за добивање одобрение за избор на депозитарна банка.

### Постапување во интерес на вложувачите

Член 40

Депозитарната банка и друштвото за управување дејствуваат самостојно и независно и единствено во интерес на вложувачите во инвестициските фондови.

### Права и обврски на депозитарната банка

Член 41

Депозитарната банка ги врши следниве работи:

- чување на имотот на инвестициските фондови,
- кај отворениот инвестициски фонд, врши проверка дали издавањето и откупот на удели за сметка на фондот се врши согласно со овој закон и правилата на фондот,
- врши проверка дали пресметката на нето вредноста на акциите или уделите во инвестицискиот фонд, е во согласност со овој закон, поблиските прописи донесени врз основа на овој закон и во согласност со проспектот и статутот на фондот,
- ги извршува налозите од друштвото за управување во врска со трансакциите со хартиите од вредност и другиот имот кој го сочинува портфолиото на инвестицискиот фонд, под услов да не се во спротивност со овој закон, со прописите донесени од Комисијата, со проспектот и статутот на фондот,
- осигурува дека трансакциите со хартиите од вредност ќе бидат намирени, односно достасаните парични побарувања ќе бидат наплатени во законските или договорените рокови,
- го известува друштвото за управување за активностите кои се однесуваат на имотот на инвестицискиот фонд и ги извршува неговите налози,
- ги наплатува сите приходи и други права кои достасуваат во корист на инвестицискиот фонд, а кои произлегуваат од неговиот имот,
- осигурува дека приходите на инвестицискиот фонд се користат во согласност со овој закон и проспектот и статутот на фондот, и трошоците кои ги плаќа фондот се во согласност со одредбите од овој закон и со условите од проспектот и статутот на фондот,
- извршува други работи кои се предвидени со депозитарниот договор меѓу друштвото за управување и депозитарната банка,
- води евиденција на работењето кое го врши како депозитарна банка, за секој инвестициски фонд поединечно и редовно ја усогласува со евиденцијата на друштвото за управување,
- кај Комисијата го пријавува секое кршење на одредбите од овој закон и

- на ревизорите и на другите лица овластени да вршат увид вклучувајќи ја и Комисијата им овозможува пристап до податоците и сметките поврзани со инвестициските фондови и нивниот имот.

**Одговорност на депозитарната банка**

Член 42

Депозитарната банка одговара пред друштвото за управување, пред сопствениците на удели во отворениот инвестициски фонд и пред акционерите во затворениот инвестициски фонд, за настаната штета од неизвршување или неправилно вршење на работите предвидени во депозитарниот договор или со овој закон.

**Чување на податоците за инвестициските фондови како деловна тајна**

Член 43

Податоците за сопствениците на удели, односно акционерите, како и уплатите и исплатите кои и се достапни согласно со одредбите од овој закон, депозитарната банка е должна да ги чува како деловна тајна.

**Начин на работење на депозитарна банка**

Член 44

(1) Работите на депозитарна банка што банката ги врши за друштвото за управување треба да бидат одвоени од другите работи на банката.

(2) Депозитарната банка која врши работи за инвестицискиот фонд, имотот на секој фонд го води на посебна сметка, вклучувајќи ги и хартиите од вредност, банкарските сметки и друг имот.

(3) Депозитарната банка не смее да го користи имотот на инвестицискиот фонд за вршење на трансакции за сопствена сметка или за остварување на какви било користи за себе или за своите вработени, освен во корист на сопствениците на удели или акционерите во инвестициските фондови.

(4) Имотот на инвестициските фондовите кај депозитарната банка не влегува во имотот на депозитарната банка, ниту во ликвидационата или стечајната маса, и не може да се употреби за извршување на побарувањата на банката.

**Прекин на извршување на работите на депозитарна банка**

Член 45

(1) Доколку една од страните потписнички на депозитарниот договор од членот 39 став (4) алинеја 1 на овој закон има намера да го раскине договорот е должна во рок од 90 календарски дена пред раскинувањето на договорот да ја извести другата договорна страна.

(2) Договорот кој се раскинува се смета за раскинат од моментот на склучување на договорот со нова депозитарна банка по истекот на рокот од ставот (1) на овој член.

(3) Депозитарната банка ја известува Комисијата за раскинувањето на депозитарниот договор и причините за неговото раскинување.

**Пренос на имотот на инвестицискиот фонд на друга депозитарна банка**

Член 46

Доколку се раскине депозитарниот договор, депозитарната банка е должна во рок од осум работни дена од денот на раскинување на депозитарниот договор, целиот имот на инвестицискиот фонд да го пренесе на депозитарната банка со која друштвото за управување склучува нов депозитарен договор. Депозитарната банка треба да ги предаде и трговските книги, евиденцијата и сите други документи и материјали, во писмена или електронска форма зависно од начинот на водење на наведените податоци, важни за работењето на фондот за кого до тогаш вршела работи на депозитарна банка.

## V. ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Основање и регистрирање на инвестициски фондови**

Член 47

(1) Инвестициски фонд се основа со здружување на парични средства наменети за инвестирање од домашни и/или странски физички и/или правни лица, преку јавен повик или приватна понуда, со кои за сметка на инвеститорите управува друштво за управување, односно друштво за управување со приватни фондови, при што се применува принципот на диверзификација на ризикот.

(2) Инвестициски фонд може да се основа како отворен инвестициски фонд, затворен инвестициски фонд и приватен инвестициски фонд.

(3) Отворениот и затворениот инвестициски фонд ги основа и со нив управува друштво за управување, а приватниот инвестициски фонд го основа и со него управува друштво за управување со приватни фондови.

**Регистрирање на инвестициски фондови**

Член 48

(1) Фондовите се запишуваат во Регистарот на инвестициски фондови на Република Македонија (во натамошниот текст: Регистарот на фондови).

(2) Регистарот на фондови го води Комисијата.

(3) Комисијата поблиску ја пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на фондови.

(4) Запишувањето на инвестицискиот фонд во Регистарот на фондови има правно дејство спрема трети лица наредниот ден од денот на запишување во Регистарот на фондови.

**Начин на пријавување на уписот на инвестицискиот фонд во Регистарот**

Член 49

(1) Пријава за запишување во Регистарот на фондови до Комисијата поднесува друштвото за управување заедно со барањето за издавање на одобрение за работа на инвестицискиот фонд.

(2) Комисијата одлучува за запишување на инвестицискиот фонд во Регистарот на фондови истовремено со издавањето на одобрение за работа на фондот.

**Идентификациски број на инвестицискиот фонд**

Член 50

(1) Со издавањето на одобрението за работа и запишувањето на инвестицискиот фонд во Регистарот на фондови, Комисијата за секој фонд определува идентификациски број.

(2) Идентификацискиот број на секој инвестициски фонд се определува при запишувањето на фондот во Регистарот на фондови и мора да биде единствен, непроменлив и неповторлив.

(3) Комисијата го пропишува начинот на определување на идентификацискиот број на инвестицискиот фонд.

**Права од удели и акции во инвестициските фондови**

Член 51

Правата од удели и акции во инвестициските фондови се:

- право на глас во собранието на затворен инвестициски фонд,
- право на информираност,
- право на дивиденда или дел од добивката,
- право на продажба на удели од фондот, односно обврска за откуп на удели и
- право на исплата на дел од ликвидационата маса.

**Статут на инвестицискиот фонд**

Член 52

(1) Статутот на отворениот или затворениот инвестициски фонд ги уредува правните односи на друштвото за управување со сопствениците на удели кај отворениот инвестициски фонд, односно со акционерите кај затворен инвестициски фонд.

(2) Статутот на отворениот, односно затворениот инвестициски фонд, мора да ги содржи најмалку следниве податоци:

- назив на инвестицискиот фонд и видот на фондот,
- датум на основање на инвестицискиот фонд, како и времето на траење на фондот во случај да е основан на одредено време,
- местото каде може да се добијат полугодишни и годишни извештаи, статутот и проспектот на инвестицискиот фонд, како и дополнителни информации за фондот,
- минималниот износ на парични средства кои треба да се приберат, како и работите што ќе се преземат доколку не се обезбеди тој износ,
- правата од удели или акции,
- во случај на затворен инвестициски фонд, информации за берзата односно берзите на кои ќе котираат акциите на фондот,
- опис на инвестиционите цели на инвестицискиот фонд, начинот на остварување на целите и ризикот од вложување и од структурата на фондот,
- најнискиот износ на вложување во инвестицискиот фонд, начинот на упис, како и начинот на откуп на удели кај отворениот инвестициски фонд,
- име на државата, единицата на локалната самоуправа или меѓународната организација во чии хартии од вредност ќе се вложува повеќе од 35% од имотот на инвестицискиот фонд,
- напомена дека инвестициска цел е реплицирање на индексот, доколку инвестицискиот фонд настојува да реплицира некој индекс на акции или индекс на должнички хартии од вредност,
- начинот и времето на пресметка на нето вредноста на имотот на инвестицискиот фонд,
- во случај на отворен инвестициски фонд: времето, начинот и зачестеноста на пресметка на продажната цена при издавање на новите удели или откуп на постојните, како и начинот на објавување на тие цени, околностите под кои може да дојде до прекин на издавањето или откуп на удели, опис на износот за плаќање на дозволените надоместоци и трошоци за издавање и откуп на удели,
- во случај на затворен инвестициски фонд: износот, видот и границата на трошоци за основање кои можат да паднат на товар на инвестицискиот фонд,
- годишниот надомест и трошоците за управување и работа кои паѓаат на товар на инвестицискиот фонд и опис на нивното влијание врз идните приходи на вложувачите,
- податоци за начинот на пресметка и исплата на дел од добивката на сопствениците на удели или дивидендата на акционерите,
- времетраење на фискалната година,
- датум на донесување на статутот,
- други одредби пропишани со Законот за трговските друштва кои се однесуваат на затворените инвестициски фондови и
- податоци за друштвото за управување.

(3) Друштвото за управување поднесува барање до Комисијата за давање согласност на статутот на инвестицискиот фонд и неговите измени и дополнувања.

(4) Комисијата донесува решение за одобрување или одбивање на барањето за давање согласност на статутот на инвестицискиот фонд во рок од 60 календарски дена од приемот на доставеното барање, а на неговите измени и дополнувања во рок од 30 календарски дена од приемот на доставеното барање.

**Проспект на инвестициски фонд**

Член 53

(1) Проспектот на инвестицискиот фонд претставува повик за купување на удели во отворениот инвестициски фонд, односно акции во затворениот инвестициски фонд.

(2) Освен елементите од Законот за хартии од вредност, проспектот мора да содржи и детални информации во врска со целите на инвестицискиот фонд, инвестициската политика и профилот на ризик, како и други информации кои се однесуваат на инвестицискиот фонд кои можат да влијаат врз одлуката на инвеститорот да стекне удели, односно акции во инвестицискиот фонд, и тоа:

- назив, седиште и вид на инвестицискиот фонд,
- датум на организирање, односно на основање на инвестицискиот фонд,
- времето на постоење на инвестицискиот фонд, во случај да е организиран фондот за одредено време,
- местото каде може да се добијат полугодишни и годишни извештаи, статутот и проспектот на инвестицискиот фонд, како и дополнителни информации за фондот,
- минималниот износ на парични средства кои треба да се приберат за основање на инвестицискиот фонд, како и активностите што ќе се преземат доколку не се обезбеди тој износ,
- име и седиште на друштвото за ревизија или овластениот ревизор трговец поединец,
- правата од удели или акции,
- претпоставки под кои е дозволено да се покрене ликвидација на инвестицискиот фонд,
- инвестициски цели и планирана структура на портфолиото на инвестицискиот фонд,
- вид на имот во кој вложува инвестицискиот фонд,
- дозволени вложувања во временски и опциски договори или други финансиски деривативни инструменти, како и влијанието на таквите трансакции на степенот на ризичност на инвестицискиот фонд,
- инвестициска политика на инвестицискиот фонд, вклучувајќи ја можноста за користење на договори за финансиски деривативни инструменти и слични инструменти и техники за обезбедување од ризик,

- име на државата, единицата на локалната самоуправа или меѓународната организација во чии хартии од вредност ќе се вложува повеќе од 35% од имотот на инвестицискиот фонд,
- минималниот износ на поединечни вложувања во инвестицискиот фонд, начинот на запишување на уделите или акциите, како и начинот и условите за откуп на удели кај отворениот фонд,
- начинот и времето на пресметка на нето вредноста на имотот на инвестицискиот фонд,
- во случај на отворен инвестициски фонд:времето, начинот и зачестеноста на пресметка на цените за продажба на новите удели или откуп на постојните, како и начинот на објавување на тие цени, околностите по кои може да дојде до прекин на издавање или откуп, опис на износот за плаќање на дозволените надоместоци и трошоци за издавање и откуп на удели,
- во случај на затворен инвестициски фонд: износот, видот и границата на трошоци за основање кои може да паднат на товар на фондот,
- годишниот надомест и трошоците за управување и работа кои се на товар на инвестицискиот фонд и опис на нивното влијание на идните приходи на вложувачите,
- податоци за начинот на пресметка и начинот на исплата на уделите во добивката или дивидендата на инвестицискиот фонд на акционерите или сопствениците на удели,
- основни податоци за даночните прописи кои се применуваат на инвестицискиот фонд ако се од значење за акционерите или сопствениците на удели,
- времетраење на фискалната година,
- датум на издавање на проспектот,
- податоци за друштвото за управување и
- седиште и адреса на депозитарната банка.

(3) Комисијата поблиску ја пропишува формата и содржината на проспектот на отворениот и затворениот инвестициски фонд.

**Одобрување и објава на проспектот**

Член 54

(1) Комисијата во рок од 60 календарски дена од денот на поднесувањето на барањето го одобрува проспектот на инвестицискиот фонд, пред отпочнување на јавната понуда на удели односно акции, како и сите измени и дополнувања на проспектот.

(2) Уделите, односно акциите на инвестицискиот фонд не може да се нудат за продажба пред да се одобри проспектот од страна на Комисијата.

(3) Комисијата ја одобрува скратената форма на проспектот само за потребите на отворениот инвестициски фонд, под услов во скратениот проспект јасно да биде наведено постоењето на проспектот, како и напомена дека истиот може да се добие на барање на инвеститорот.

(4) Друштвото за управување е должно во рок од седум дена од денот на добивање на одобрувањето од Комисијата за објавување на проспектот да го објави проспектот или скратената форма на проспектот во најмалку два дневни весника што излегуваат во Република Македонија.

(5) Секоја измена и дополнување на проспектот на инвестицискиот фонд мора да биде одобрена од страна на Комисијата.

(6) Комисијата нема да одобри каква било измена или дополнување на проспектот или статутот на инвестицискиот фонд кои може да бидат против интересите на инвеститорите.

(7) Комисијата поблиску ја пропишува формата и содржината на скратената форма на проспектот.

**Реклама на инвестициски фондови**

Член 55

(1) Друштвото за управување може да објавува реклами за инвестициските фондови со кои тоа управува во средствата за јавно информирање и на друг начин.

(2) Друштвото за управување е должно до Комисијата да ја достави содржината на рекламата пред истата да биде објавена. Доколку по пет работни дена по поднесувањето на содржината на рекламата, Комисијата не го забрани нејзиното објавување, друштвото за управување може истата да ја објави. На друштвото за управување паѓа товарот за докажување дека Комисијата ја примила содржината на рекламата.

(3) Друштвото за управување е одговорно за потполноста и точноста на информациите што ќе се објават за рекламна промоција на инвестицискиот фонд.

(4) Содржината на рекламата на инвестицискиот фонд не смее да отстапува од содржината на статутот и проспектот на фондот.

(5) Друштвото за управување мора да чува примерок од секоја објавена реклама.

**Основни принципи за објавување на реклами за инвестициски фондови**

Член 56

При објавување на реклами за инвестицискиот фонд и за друштвото што управува со него треба да се почитуваат следниве принципи:
- не смее да се прикрива или погрешно прикажува нивната пропагандна цел,
- мора да се прикаже, целосен, точен и вистинит опис на инвестицискиот фонд кој се промовира, како и поврзаните ризици,
- мора да се објават целосни, јасни и недвосмислени податоци за да не се доведуваат во заблуда инвеститорите,
- не смеат да се објавуваат лажни показатели, посебно во однос на стручноста на одговорните лица, и опфатот на работење на инвестицискиот фонд и друштвото за управување, како и сопственоста или бројот на удели или акции во фондот и
- мора да се обезбеди сигурност дека содржината и формата на рекламите не ја искривува, прикрива, ниту го намалува значењето на која било изјава, предупредување или други факти кои мора да се објават согласно со овој закон.

## VI. ОТВОРЕНИ ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Поим за отворен инвестициски фонд**

Член 57

(1) Отворен инвестициски фонд (во натамошниот текст: отворен фонд) претставува посебен имот, без својство на правно лице, чии сопственици на удели имаат право на сразмерен дел од добивката на фондот и во секое време имаат право да побараат исплата на уделот, со што ќе истапат од фондот.

(2) Купувањето на удели се врши исклучиво со уплата на парични средства, со што купувачот на удели заснова договорен однос со друштвото за управување кое се обврзува дека со уплатените парични средства ќе управува како со дел од заедничкиот имот во согласност со условите назначени во проспектот.

(3) Називот на отворениот фонд треба да ги содржи зборовите "отворен фонд", односно кратенката "о.ф.".

**Почеток на работење на отворен инвестициски фонд**

Член 58

(1) Отворениот фонд започнува вршење на работи на прибирање на парични средства по пат на јавен повик за запишување на удели во отворениот фонд по добивањето на одобрението за организирање на отворен фонд од Комисијата. Јавниот повик се објавува во два дневни весници кои излегуваат на територијата на Република Македонија.

(2) Во рок од два месеца од објавувањето на јавниот повик од ставот (1) на овој член, отворениот фонд треба да прибере парични средства најмалку во износ од 300.000,00 евра во денарска противвредност, по средниот курс на Народната банка на Република Македонија, на денот кога целосно се прибрани паричните средства.

(3) Во случај да не се обезбедат паричните средства во износот и во рокот утврден во ставот (2) од овој член, депозитарната банка е должна во рок од осум дена по истекот на наведениот рок на инвеститорите да им изврши поврат на прибраните средства.

**Одржување на нето вредноста на средствата**

Член 59

(1) Отворениот фонд во секое време треба на својата сметка да ја одржува вредноста на имотот на фондот во висина на средствата утврдени во членот 58 став (2) од овој закон.

(2) Доколку вредноста на имотот на инвестицискиот фонд се намали под износот наведен во членот 58 став (2) од овој закон, но не повеќе од 2/3 од тој износ, друштвото за управување е должно веднаш да ја извести Комисијата и во рок од три месеца да го обезбеди потребниот минимум.

(3) Ако по истекот на рокот од три месеца инвестицискиот фонд не го поседува потребниот минимален износ на средства, фондот ќе биде ликвидиран или припоен кон некој друг фонд во согласност со овој закон.

(4) Доколку вредноста на имотот на отворениот фонд се намали под 2/3 од износот наведен во членот 58 став (2) од овој закон, фондот веднаш се ликвидира.

**Организирање на отворен инвестициски фонд**

Член 60

(1) За организирање на отворен фонд, друштвото за управување донесува статут, изготвува проспект на фондот и склучува договор со депозитарната банка согласно со овој закон.

(2) Друштвото за управување, до Комисијата поднесува барање за добивање одобрение за организирање на отворен фонд, кое содржи:

- назив и седиште на друштвото за управување,
- број и датум на издаденото решение од Комисијата за одобрување на барањето за работење на друштвото за управување,
- име на отворениот фонд,
- статут и проспект на отворениот фонд,
- договор на друштвото за управување со депозитарната банка,
- име и седиште на друштвото за ревизија или овластениот ревизор - трговец поединец и
- доказ за платен надомест на Комисијата за добивање одобрение за организирање на отворениот фонд.

(3) Кон барањето од ставот (2) на овој член се поднесува потребна документација.

(4) Друштвото за управување може да започне со прибирање на парични средства по пат на јавна понуда на удели по добивање на одобрението за организирање на отворениот фонд.

(5) Комисијата во рок од 60 дена од денот на поднесување на барањето донесува решение за давање одобрение за организирање на отворен фонд.

(6) Комисијата поблиску ги пропишува формата и содржината на барањето за добивање одобрение за организирање на отворен фонд и потребната документација која се поднесува кон истото.

**Трошоци кои се на товар на инвеститорите во отворениот инвестициски фонд**

Член 61

(1) Надоместоците кои се наплатуваат од инвеститорот во отворениот фонд се:

- влезен надоместок кој се одбива од износот за уплата во моментот на продажба на уделите,
- излезен надоместок кој се одбива од нето вредноста на имотот на отворениот фонд по удел во моментот на откуп,
- трошоци за печатење на обрасци за запишување на удели и
- други опрeративни трошоци утврдени со статутот и проспектот на фондот.

(2) Влезниот и излезниот надоместок од ставот (1) алинеи 1 и 2 на овој член може да изнесува најмногу 5% од вредноста на уплатата, односно исплатата на уделот во/од отворениот фонд.

(3) Трошоците од ставот (1) алинеи 3 и 4 на овој член можат да изнесуваат најмногу во висината на стварните трошоци.

(4) Не е дозволено да се наплатува надомест поврзан со приходите на отворениот фонд.

(5) Надоместоците од ставот (1) на овој член се искажуваат одвоено од цената на уделот, и тие се приходи на друштвото за управување, утврдени согласно со статутот и проспектот на друштвото за управување.

(6) Излезниот надоместок не се наплатува во случај на ликвидација на отворениот фонд без оглед на причините за ликвидација.

(7) Во случај на најава за воведување или зголемување на висината на излезниот надоместок, истиот не се наплатува до добивање на одобрение од страна на Комисијата за измени на проспектот во кој се утврдува воведување или зголемување на износот на излезниот надоместок.

(8) Влезен и излезен надоместок не се наплаќа и во случај на припојување или спојување на отворениот фонд со друг фонд, односно при поделба на отворениот фонд.

(9) Одлуката на друштвото за управување за ненаплаќање на влезниот и/или излезниот надоместок, како и причините за ненаплаќање треба да бидат јасно наведени во проспектот на отворениот фонд.

**Трошоци кои се на товар на отворениот инвестициски фонд**

Член 62

(1) Надоместокот кој се наплатува од отворениот фонд е надоместокот за управување на друштвото за управување, а се пресметува врз основа на дневна нето вредност на отворениот фонд по следната формула:

$$\text{Остварен годишен надомест за управување} \times \frac{1}{365}$$

(2) Средствата остварени од надоместокот од ставот (1) на овој член се приход на друштвото за управување.

(3) Други трошоци кои се на товар на отворениот фонд се:

1) трошоци платени на депозитарната банка;

2) трошоци во врска со купопродажба на имотот на отворениот фонд;

3) трошоци за водење на регистар на удели, вклучувајќи и трошоци за издавање потврда за трансакција или состојба на удел, како и трошоци за исплата на уделот во добивката;

4) трошоци за годишна ревизија;

5) трошоци за изработка, печатење и поштарина на полугодишни и годишни извештаи за сопствениците на удели;

6) трошок за исплата на данокот на имот и добивка на отворениот фонд;

7) трошоци за објава на проспектот и други пропишани објави;

8) трошоци за месечен надомест на Комисијата и

9) други трошоци утврдени со статутот и проспектот на отворениот фонд.

(4) Надоместокот за управување на друштвото од ставот (1) на овој член може да изнесува годишно најмногу до 3% од вкупната вредност на имотот на отворениот фонд.

(5) Друштвото за управување за вршење на работите на управување со имотот на отворениот фонд не смее да наплатува никаков друг надоместок освен надоместокот од ставот (1) на овој член.

(6) На отворениот фонд не смее да му се наплатуваат никакви трошоци поврзани со рекламирање и продажба на удели на фондот. Овие трошоци се на товар на друштвото за управување остварени од приходите на друштвото за управување.

**Пресметка на показателот на вкупните трошоци на отворениот инвестициски фонд**

Член 63

Вкупниот износ на сите трошоци кои паѓаат на товар на отворениот фонд, се искажува во процент како показател на вкупните трошоци, а за секоја претходна година се пресметува по следнава формула:

$$\frac{\text{Вкупен надомест за управување+вкупен износ на трошоците од членот 62 став (3) точки 3, 4, 5, 7 и 9 на овој закон}}{\text{Просечна годишна нето вредност на имотот на фондот}} \times 100$$

**Максимална висина на показателот на вкупните трошоци на отворениот инвестициски фонд**

Член 64

(1) Показателот на вкупните трошоци на отворениот фонд не смее да биде поголем од 3,5% од просечната годишна нето вредност на имотот на фондот. По завршување на годишниот пресметковен период, Комисијата секоја година објавува споредбени показатели на вкупните трошоци на сите отворени фондови.

(2) Сите трошоци кои настанале во текот на годината, а го надминуваат дозволениот показател во висина од 3,5% паѓаат на товар на друштвото за управување.

## 2. ИНВЕСТИЦИСКО РАБОТЕЊЕ

**Управување со отворениот инвестициски фонд**

Член 65

Управувањето и водењето на работите на отворениот фонд го врши исклучиво друштвото за управување, кое од Комисијата има добиено дозвола за работа.

**Дозволени вложувања**

Член 66

(1) Имотот на отворениот фонд исклучиво може да се состои од:

1) преносливи хартии од вредност и инструменти на пазарот на пари со кои:

а) се тргува на регулирани пазари во Република Македонија;

б) се тргува на регулирани пазари на државите членки на ЕУ и држави членки на ОЕЦД и

в) се примени на официјална котација на берзите на хартии од вредност или на други регулирани пазари на држави кои не се членки на ЕУ и на ОЕЦД, под услов во статутот и проспектот на отворениот фонд да е предвидено такво вложување;

2) ново издадени преносливи хартии од вредност под услов:

а) во проспектот за нивно издавање да е утврдено дека постои обврска од страна на издавачот за нивно вклучување во службена котација на берза или на друг регулиран пазар, кој има дозвола за работа од соодветно регулаторно тело;

б) вложувањето на таа берза или на друг регулиран пазар да е предвидено со проспектот и статутот на отворениот фонд и

в) во рок од една година од издавањето да се примат на котација;

3) удели или акции на инвестициските фондови регистрирани во Република Македонија или држави кои се членки или не се членки на ЕУ и на ОЕЦД , под услов:

а) инвестициските фондови да имаат добиено одобрение за нивно организирање од страна на регулаторното тело на матичната земја и да подлежат на супервизија која е еднаква на онаа пропишана со законодавството во ЕУ, како и да е обезбедена соработка меѓу регулаторните тела на задоволително ниво;

б) нивото на заштита на вложувачите и обврската за известување и информирање на вложувачите во такви фондови да бидат во согласност со одредбите на овој закон, особено во поглед на ограничувањата во вложувања, како и таквите фондови да се овластени од страна на Комисијата или соодветни регулаторни тела во државите членки или државите кои не се членки на ЕУ и на ОЕЦД;

в) со проспектот и статутот на отворениот фонд е предвидено дека најмногу 10% од имотот на фондот може да биде вложен во удели или акции на други фондови и

г) да објавуваат полугодишни и годишни извештаи за своето работење;

4) депозити во овластени банки во Република Македонија, кои достасуваат во рок кој не е подолг од една година;

5) термински и опциски договори и други финансиски деривативни инструменти со кои се тргува на регулираните пазари од ставот (1) точка 1 на овој член и/или деривативни финансиски инструменти со кои се тргува преку шалтер, под услов да:

а) се однесуваат на финансиски инструменти во кои е дозволено вложување согласно со овој член, финасиските индекси, каматни стапки, девизните курсеви или валути во кои отворениот фонд може да вложува, согласно со проспектот и статутот;

б) договорните страни во трансакциите со финансиските деривативни инструменти со кои се тргува преку шалтер да се институции кои подлежат на прудентна супервизија на регулаторното тело во Република Македонија или на државите членки на ЕУ и ОЕЦД и се овластени од страна на Комисијата или соодветните регулаторни тела во државите членки на ЕУ и ОЕЦД;

в) подлежат на валидна и проверена секојдневна процена на вредноста, и може во секое време да бидат продадени, ликвидирани по нивната проценета вредност на иницијатива на отворениот фонд;

г) таквите инструменти да се користат исклучиво за намалување или ограничување на ризикот од вложување или зголемување на приносот односно намалување на трошоците на отворениот фонд без никакво зголемување на ризикот, односно со нив да не се менува инвестициската стратегија на фондот, целите и ограничувањата дефинирани со овој закон и проспектот и/или статутот на фондот и

д) во проспектот на отворениот фонд мора да биде наведено дали може да се вложува во такви инструменти, дали ќе се користат со цел за заштита од ризик и/или со цел за постигнување на инвестициските цели на фондот, и какво е влијанието на тие инструменти врз ризичноста на фондот;

6) инструментите на пазарот на пари со кои не се тргува на регулираните пазари под услов да:

а) се издадени од или за нив да гарантира Република Македонија, единиците на локалната самоуправа или Народната банка на Република Македонија, државите членки на ЕУ, Европската централна банка и Европската инвестициона банка или

б) се издадени од страна на издавачи со чии хартии од вредност се тргува на регулираните пазари од ставот (1) точка 1 на овој член или

в) се издадени од страна на институции кои подлежат на надзор на регулаторно тело на државите членки на ЕУ или се издадени од страна на институции кои подлежат на надзор еднаков на оној пропишан со законодавството на ЕУ или

г) се издадени од страна на други лица кои Комисијата ги одобрила под услов вложувањата во такви инструменти да имаат сигурност еднаква на сигурноста обезбедена при вложувањата во инструментите од ставот (1) точка 6 потточки а), б) или в) на овој член, и под услов нивниот издавач да е трговско друштво чиј капитал и резерви се поголеми од 10 милиони евра и кој изготвува и објавува финансиски извештаи во согласност со меѓународните стандарди за известување или да е во состав на група на поврзани друштва која вклучува едно или неколку лица чии акции котираат на берза, а кои ја финансираат таа група, или да е трговско друштво чиј предмет на работење е финансирање на посебни субјекти за секјуритизација кои за тоа користат банкарска кредитна линија и

7) пари на сметка.

(2) Комисијата поблиску ги пропишува дозволените вложувања во отворениот фонд.

**Ограничувања на вложувањата**
**и пречекорувања на ограничените вложувања**

Член 67

(1) Вложувањата на имотот на отворениот фонд подлежат на следниве ограничувања:

1) најмногу 10% од нето вредноста на имотот на отворениот фонд можат да бидат вложени и во други преносливи хартии од вредност и инструменти на пазарот на пари, освен во преносливи хартии од вредност и инструменти на пазарот на пари наведени во членот 66 став (1) точки 1 и 2 од овој закон;

2) најмногу 10% од нето вредноста на имотот на отворениот фонд можат да бидат вложени во преносливи хартии од вредност и инструменти на пазарот на пари на еден ист издавач, но доколку вредноста на преносливите хартии од вредност или инструменти на пазарот на пари од еден ист издавач кои ја сочинуваат вредноста на имотот на фондот е поголема од 5% од нето вредноста на имотот на фондот, вкупната вредност на тие вложувања во сите такви издавачи не смее да биде поголема од 40% од нето вредноста на имотот на фондот, освен:

а) во преносливи хартии од вредност или инструменти на пазарот на пари чиј издавач или гарант е Република Македонија или единиците на локалната самоуправа на Република Македонија, државите членки на ЕУ и на ОЕЦД или единиците на локалната самоуправа на државите членки на ЕУ и на ОЕЦД, во кои може да се вложува без ограничување под услов:

- во проспектот, статутот и промотивните материјали на фондот јасно да бидат наведени државите, единиците на локалната самоуправа или меѓународни организации во чии хартии од вредност и инструменти на пазарот на пари може да се вложува повеќе од 35% од нето вредноста на нивниот имот,

- имотот на отворениот фонд да се состои барем од шест различни хартии од вредност или инструменти на пазарот на пари и

- вредноста на ниту една поединечна хартија од вредност или инструмент на пазарот на пари од точката 2 потточка а) на овој став да не е поголема од 30% од нето вредноста на имотот на отворениот фонд;

б) во обврзници издадени со одобрение од Комисијата, кои ги издаваат банки регистрирани во Република Македонија или држави членки на ОЕЦД, а кои се под надзор на соодветното регулаторно тело, во кои може да се вложува најмногу 25% од нето вредноста на имотот на отворениот фонд. Износите кои произлегуваат од емисијата на овие обврзници издавачот мора да ги инвестира во средства со кои, за време на целиот период на важење на обврзниците, можат да се покријат побарувањата спрема обврзниците и кои, во случај на несолвентност на издавачот, ќе се користат приоритетно за отплаќање на главнината и каматата. Доколку повеќе од 5% од нето вредноста на имотот на фондот е вложено во такви обврзници од еден ист издавач, вкупната вредност на таквите вложувања не смее да биде поголема од 80% од нето вредноста на имотот на фондот;

в) за лицата кои формираат поврзани друштва согласно со Законот за трговските друштва и овој закон се сметаат како еден издавач согласно со членот 66 од овој закон и одредбите на овој член, при што најмногу 20% од нето вредноста на имотот на отворениот фонд можат да се вложат во хартии од вредност или инструменти на пазарот на пари, чии издавачи се лицата кои сочинуваат поврзани друштви согласно со Законот за трговските друштва и

г) ако инвестиционата политика на отворениот фонд е реплицирање на структурата на одреден индекс на акции или должнички хартии од вредност, Комисијата може да дозволи вложувања до најмногу 20% од нето вредноста на имотот на фондот во акции или должнички хартиии од вредност од еден ист издавач, доколку:

- структурата на индексот е доволно диверзифицирана,
- индексот претставува соодветен репер за пазарот за кој се однесува и
- индексот е објавен на веб страницата на берзата, на која истиот се пресметува, а во акции или во должнички хартии од вредност од еден ист издавач да може да се вложува и до 35% од нето вредноста на имотот на фондот, ако тоа е неопходно за реплицирање на тој индекс. Вложувањето до 35% од нето вредноста на имотот на фондот во акции или должнички хартии од вредност од еден ист издавач е дозволено само за еден издавач, а таквиот фонд мора во проспектот и статутот на фондот јасно да назначи дека инвестициската цел му е реплицирање на индексот;

3) преносливи хартии од вредност или инструменти на пазарот на пари од точката 2 потточки а) и б) на овој став не се опфатени во ограничувањата од 40% од точката 2 на овој став;

4) ограничувањата од точката 2 на овој став не се однесуваат на:

а) депозити и

б) финансиски деривативни инструменти со кои се тргува на други регулирани пазари (пазари преку шалтер);

5) најмногу 20% од нето вредноста на имотот на отворениот фонд може да се вложи како депозит во една иста банка од членот 66 став (1) точка 4 на овој закон;

6) Изложеноста кон едно лице врз основа на финансиски деривативни инструменти договорени со тоа лице на други регулирани пазари не смее да биде поголема од:

а) 10% од нето вредноста на имотот ако се работи за банка од членот 66 став (1) точка 4 на овој закон и

б) 5% од нето вредноста на имотот ако се работи за некое друго правно лице;

7) вкупната вредност на вложувањата во преносливи хартии од вредност или инструменти на пазарот на пари чиј издавач е едно исто лице, и вредноста на депозитите вложени кај тоа лице, и изложеноста врз основа на финансиските деривативни инструменти со кои се тргува на други регулирани пазари , договорени со тоа лице не смеат да бидат поголеми од 20% од нето вредноста на имотот на отворениот фонд, освен во преносливи хартии од вредност или инструменти на пазарот на пари наведени во точката 2 потточка а) од овој став;

8) ограничувањата пропишани во ставот (1) точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член не смеат да се комбинираат, и таквите вложувањата во преносливи хартии од вредност или инструменти на пазарот на пари чиј издавач е едно лице, во депозити кај тоа лице, и изложеноста врз основа на финансиски деривативни инструменти договорени со тоа лице во ниту еден случај не смеат да надминат вкупно 35% од нето вредноста на имотот на фондот;

9) најмногу 20% од нето вредноста на имотот на отворениот фонд може да биде вложено во удели или акции на еден ист инвестициски фонд;

10) вложувањата во удели или акции на инвестициските фондови не се вклучуваат во пресметките за ограничувања од точките 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член;

11) отворениот фонд не смее да биде сопственик на:

а) повеќе од 10% од акциите со право на глас од еден ист издавач;

б) повеќе од 10% од акциите без право на глас од еден ист издавач;

в) 10% од должнички хартии од вредност издадени од страна на еден ист издавач;

г) 25% од уделите на поединечните инвестициски фондови;

д) 10% од инструментите на пазарот на пари на еден ист издавач со исклучок дека ограничувањата од овој став не се применуваат на должнички хартии од вредност и инструменти на пазарот на пари чии издавачи се Република Македонија, единиците на локалната самоуправа на Република Македонија, државите членки на ЕУ и на ОЕЦД, единиците на локалната управа на државите членки, државите кои не се членки на ЕУ и на ОЕЦД и

ѓ) ограничувањата од точката 11 потточки в), г) и д) на овој став може да не се земат предвид во моментот на вложување ако тогаш не е можно да се пресмета вкупниот број или вредноста на инструментите во оптек;

12) вкупната изложеност на отворениот фонд кон финансиските деривативни инструменти во никој случај не смее да биде поголема од неговата основна главнина и

13) отворениот фонд не смее да вложува во благородни метали или хартии од вредност или други инструменти издадени врз основа на благородни метали.

(2) Доколку имотот на отворениот фонд се вложува во удели или акции на други инвестициски фондови, во проспектот на фондот мора да биде наведен максималниот надомест за управување кој може да се наплати од имотот на фондот во кој има намера да вложува, а во годишните извештаи на фондот мора јасно да биде наведен максималниот вкупен надомест за управување кој бил наплатен од фондот и од другиот фонд во кој тој фонд вложувал искажан како процент од имотот на фондот кој го вложувал во удели или акции на другиот инвестициски фонд.

(3) Доколку имотот на фондот се вложува во удели на инвестициски фондови со кои директно или индиректно управува едно исто друштво за управување или друго друштво за управување кое со првото е поврзано преку заедничко управување или контрола, или преку значајно директно или индиректно учество во капиталот, за таквите вложувања на товар на фондот друштвото за управување може да не наплатува излезни или влезни надоместоци.

(4) Заради заштита на интересите на вложувачите во инвестициските фондови, Комисијата може да воведе дополнителни ограничувања во врска со вложувањата од овој член, во случај на глобална финансиска криза и нарушување на функционирањето на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, по претходна согласност од Министерството за финансии.

**Пречекорувања на ограничувањата**

Член 68

(1) Во случај на пречекорување на ограничувањата од членот 67 на овој закон, кои се последица на трансакциите што ги склучило друштвото за управување, а кои во моментот на нивното склучување ги пречекориле наведените ограничувања, друштвото за управување е должно веднаш да ги усогласи вложувањата. Доколку настанала штета, друштвото за управување е должно на отворениот фонд веднаш да му ја надомести настанатата штета.

(2) Ограничувања на вложувањата од членот 67 на овој закон можат да бидат пречекорени во првите шест месеци од организирањето на отворениот фонд при што треба да се почитуваат принципите за диверзификацијата на ризикот и заштита на интересите на вложувачите.

(3) Комисијата поблиску ги пропишува пречекорувањата на ограничувањата во вложувања кај отворениот фонд.

## VII. ЗАТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД

### 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Поим и основање на затворен инвестициски фонд**

Член 69

(1) Затворен инвестициски фонд (во натамошниот текст: затворен фонд) е акционерско друштво кое се основа за прибирање парични средства по пат на јавна понуда на акции и вложување на тие средства при што се применува принципот за диверзификација на ризикот.

(2) На затворениот фонд се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва и Законот за хартии од вредност, ако со овој закон поинаку не е уредено.

**Основање на затворен инвестициски фонд**

Член 70

(1) Затворен фонд основа и со него управува друштвото за управување.

(2) За основање на затворен фонд друштвото за управување донесува статут, изготвува проспект на фондот и склучува договор со депозитарната банка согласно со овој закон.

(3) Друштвото за управување, до Комисијата, поднесува барање за добивање одобрение за основање на затворен фонд, во кое мора да бидат содржани следниве податоци:

- фирма и седиште на друштвото за управување и име и презиме на лицата кои се овластени да го застапуваат истото,
- број и датум на издадената дозвола од Комисијата за основање на друштвото за управување,
- фирма и седиште на затворениот фонд,
- име и презиме, место на живеење, државјанство и единствен матичен број на физичките лица, или број на пасош на лицата кои се членови на надзорниот одбор на затворениот фонд,
- податоци за образованието на лицата кои се членови на надзорниот одбор на затворениот фонд и
- фирма и седиште на депозитарната банка и име и презиме на лицата кои се овластени да ја застапуваат истата.

(4) Кон барањето од ставот (3) на овој член се приложуваат следниве документи:

- статут на затворениот фонд,
- проспект на затворениот фонд,
- одлука за именување на членовите на првиот надзорен одбор,
- предлог на договор со депозитарната банка и извод на депозитарната банка од трговскиот регистар што се води во Централниот регистар на Република Македонија,
- договор склучен меѓу основачите на затворениот фонд и друштвото за управување и извод на друштвото за управување од трговскиот регистар што се води во Централниот регистар на Република Македонија,
- доказ за уплатен надоместок за добивање одобрение за основање на фондот и за упис на фондот во Регистарот на фондови на Република Македонија и
- друга дополнителна документација.

(5) Комисијата поблиску ги пропишува формата и содржината на барањето за добивање одобрение за основање на затворен фонд и дополнителната документација.

**Одлучување по барањето за давање одобрение за основање на затворен инвестициски фонд**

Член 71

(1) Комисијата донесува решение за одобрување или одбивање на барањето за издавање на одобрение за основање на затворен фонд врз основа на документацијата приложена кон барањето.

(2) Комисијата го донесува решението од ставот (1) на овој член во рок од 60 календарски дена од денот на поднесувањето на барањето.

(3) Комисијата ќе издаде одобрение за основање на затворен фонд откако ќе бидат исполнети сите услови за основање на затворен фонд согласно со членот 70 од овој закон.

(4) Решението од ставот (1) на овој член Комисијата го објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

**Основна главнина на затворен инвестициски фонд**

Член 72

(1) Основната главнина на затворен фонд не може да биде помала од 300.000 евра во денарска противвредност, по средниот курс на Народната банка на Република Македонија, на денот кога целосно се прибрани паричните средства.

(2) Затворениот фонд е должен да ја одржува нето вредноста на имотот на фондот во висина која не може да биде помала од висината на средствата од ставот (1) на овој член.

**Акции на затворениот инвестициски фонд**

Член 73

(1) Затворениот фонд издава обични акции кои се неограничено преносливи.

(2) Затворениот фонд не може да издава други родови и класи на акции, ниту други видови на хартии од вредност освен акциите од ставот (1) на овој член.

(3) Акциите на затворениот фонд се плаќаат со парични средства на сметка на депозитарната банка и мораат да бидат уплатени во целост пред уписот на затворениот фонд во трговскиот регистар што се води во Централниот регистар на Република Македонија, односно пред уписот на зголемувањето на основната главнина на затворениот фонд во трговскиот регистар.

(4) Затворениот фонд не смее да стекнува сопствени акции.

(5) Секоја правна работа со која затворениот фонд стекнал сопствени акции е без правно дејство.

(6) Вредноста по која се запишуваат и уплаќаат акциите на затворениот фонд при основањето на истиот, е еднаква на нивната номинална вредност.

(7) Продажната вредност на акциите кои се издаваат по основањето на затворениот фонд, односно при втората и сите наредни емисии, зависи од односот меѓу понудата и побарувачката и се утврдува на берза за хартии од вредност.

(8) Акциите на затворениот фонд мора да се тргуваат на берза за хартии од вредност во Република Македонија.

**Запишување на акции на затворениот инвестициски фонд**

Член 74

(1) Запишувањето на акции врз основа на покана за запишување, проспектот и уплатата не смее да започне пред Комисијата да издаде одобрение за основање на затворениот фонд.

(2) Запишувањето и уплатата на акции се врши кај друштвото за управување.

(3) При запишувањето на акциите, запишувачот дава изјава дека:

- е запознаен и согласен со статутот и со проспектот на затворениот фонд и

- ја овластува депозитарната банка во негово име и за негова сметка да ги врши правата што произлегуваат од акциите.

(4) Доколку затворениот фонд при основањето претрпи штета од страна на запишувач кој нема да ги плати запишаните акции, за таквата штета одговара друштвото за управување.

(5) Акциите на затворениот фонд се водат во депозитар на хартии од вредност.

**Трошоци за основање на затворениот инвестициски фонд**

Член 75

(1) Трошоците и надоместоците за основање на затворен фонд можат да се наплатуваат на товар на имотот на фондот, доколку така е утврдено со проспектот и статутот на фондот. Износот на трошоците и надоместоците за основање на затворен фонд кои може да се наплатуваат од имотот на фондот, во проспектот се искажани како процент кој не смее да биде поголем од 3,5% од вкупните парични средства уплатени во фондот при неговото основање.

(2) Трошоците и надоместоците за основањето на затворен фонд, кои го надминуваат процентот утврден во проспектот и статутот на фондот паѓаат на товар на друштвото за управување.

(3) Доколку при основање на затворен фонд не се прибере потребниот износ согласно со членот 72 од овој закон, потребен за основање на фондот, трошоците за основањето на фондот ги сноси друштвото за управување, а уплатените парични влогови во целост им се враќаат на инвеститорите.

**Трошоци на товар на затворениот инвестициски фонд**

Член 76

(1) Трошоци кои паѓаат на товар на затворениот фонд се:

1) надомест на друштвото за управување;

2) надомест на депозитарната банка;

3) надомест и трошоци за членовите на надзорниот одбор;

4) трошоци и провизии поврзани со стекнување или продажба на имотот на затворениот фонд;

5) трошоци за водење на регистар на акции што го води Централниот депозитар на хартии од вредност, вклучувајќи и трошоци за издавање потврда за трансакција, како и трошоци за исплата на дивиденда;

6) трошоци за ревизија и за адвокатски услуги;

7) трошоци за одржување на годишно собрание, освен трошоците за вонредно собрание, свикано од друштвото за управување;

8) трошоци за изработка, печатење и поштарина на полугодишни и годишни извештаи за сопствениците на акции;

9) надоместоците за Комисијата во врска со издавање на одобренија;

10) даноци кои фондот е должен да ги плати за својот имот и добивка;

11) трошоци за објава на проспектот и за други објави и

12) други трошоци определени со закон.

(2) Надоместокот на друштвото за управување од ставот (1) точка 1 на овој член, не може да биде дефиниран на начин што ќе зависи од приходите на затворениот фонд.

(3) Трошоците кои паѓаат на товар на имотот на затворениот фонд, мора да бидат предвидени во проспектот.

**Пресметка на показателот на вкупните трошоци на затворениот инвестициски фонд**

Член 77

Вкупниот износ на трошоците кои паѓаат на товар на затворениот фонд, се искажува како показател на вкупните трошоци, а за секоја претходна година се пресметува по следнава формула:

$$\frac{\text{Вкупен надомест за управување+вкупен износ на трошоците од членот 76 став (1) точки 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 11 на овој закон}}{\text{Просечна годишна нето вредност на имотот на фондот}} \times 100$$

**Максимална големина на показателот на вкупните трошоци на затворениот инвестициски фонд**

Член 78

(1) Показателот на вкупните трошоци на затворениот фонд не смее да биде поголем од 3,5% од просечната годишна нето вредност на имотот на фондот. По завршувањето на годишниот пресметковен период, Комисијата секоја година објавува споредбени показатели на вкупните трошоци на сите затворени фондови.

(2) Сите трошоци кои настанале во текот на годината, а го надминуваат дозволениот показател во висина од 3,5%, паѓаат на товар на друштвото за управување.

**Управување со затворен инвестициски фонд**

Член 79

(1) Со затворениот фонд управува друштво за управување, согласно со овој закон и статутот на затворениот фонд.

(2) Орган на управување на затворениот фонд е органот на управување на друштвото за управување согласно со одредбите од договорот склучен меѓу друштвото за управување и фондот и овој закон.

(3) Комисијата поблиску ја пропишува содржината на договорот од ставот (2) на овој член.

**Органи на затворениот инвестициски фонд**

Член 80

Органи на затворениот фонд се надзорен одбор и собрание.

**Надзорен одбор**

Член 81

(1) Надзорниот одбор на затворен фонд се состои од најмалку три члена.

(2) Најмногу 1/3 од вкупниот број на членови на надзорниот одбор на затворениот фонд, може да бидат вработени во друштвото за управување или да бидат поврзани лица со друштвото за управување.

**Ограничувања за избор на членовите на надзорниот одбор**

Член 82

За членови на надзорен одбор на затворен фонд, не можат да бидат избрани:

- член(ови) на управен или надзорен одбор на друштво за управување, депозитарна банка, брокерска куќа, банка со дозвола за работа со хартии од вредност и подружница на странска брокерска куќа, друштва за осигурување и приватни пензиски фондови, во периодот кога Комисијата им ја има одземено дозволата за работа, како и во период од три години од одземањето на одобрението,
- лице, односно лица на кои им е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во врска со работење со хартии од вредност, додека трае забраната,
- лице, односно лица кои се осудени со правосилна судска пресуда за казнени дела против имотот, платниот промет и деловното работење и
- лице, односно лица кои се осудени за прекршок кој е пропишан во Законот за хартии од вредност.

**Мандат на членовите на надзорниот одбор**

Член 83

Членовите на надзорниот одбор на затворен фонд се именуваат со мандат од четири години, со право на избор за уште еден мандат.

**Обврска за објавување на вкупниот износ на надоместоците и другите трошоци за членовите на надзорниот одбор**

Член 84

(1) Во годишниот финансиски извештај на затворениот фонд, задолжително се објавуваат вкупниот износ на надоместоците и другите трошоци за членовите на надзорниот одбор, како и бројот и пазарната вредност на сите акции кои ги поседува во фондот, секој член на надзорниот одбор.

(2) На членовите на надзорниот одбор не им е дозволено да примаат награди од издавачите на хартии од вредност, во коишто затворениот фонд вложува, освен надоместоците кои му следуваат врз основа на неговиот ангажман во затворениот фонд.

**Овластувања на надзорниот одбор**

Член 85

(1) Членовите на надзорниот одбор на затворен фонд, покрај овластувањата предвидени во членот 380 од Законот за трговските друштва, според овој закон се овластени и за:

- заедничко застапување на фондот во односите со друштвото за управување,
- давање на согласност за склучување на договор со (правни и физички) лица кои му даваат услуги на затворениот фонд,
- надзор над реализацијата на договорот од алинејата 2 на овој став, при што надзорниот одбор има право да го раскине договорот во случај на неизвршување на обврските,
- надзор над усогласеноста на работењето на затворениот фонд со одредбите од овој закон, проспектот на фондот, како и со целите и ограничувањата на вложувањата,
- давање на согласност на одлуката со која на собранието на затворениот фонд се предлага одлучување во врска со издавање на акции и статусни промени на фондот и
- усвојување на финансиските извештаи на затворениот фонд, по предлог на друштвото за управување.

**Склучување на договор со друго друштво за управување**

Член 86

(1) Во случај на одземање на дозволата за работа на друштвото за управување, или доколку настане некоја друга околност која ќе го оневозможи натамошното управување на затворениот фонд, надзорниот одбор е должен во рок од 60 календарски дена од денот на одземањето на дозволата за работа на друштвото за управување, да го склучи договорот од членот 79 став (2) на овој закон, со ново друштво за управување.

(2) Доколку надзорниот одбор не постапи во согласност со ставот (1) од овој член, е должен да свика собрание на затворениот фонд.

**Склучување на договор со друга депозитарна банка**

Член 87

(1) Во случај на одземање на дозволата за работа на депозитарната банка на затворениот фонд, или доколку настане околност заради која депозитарната банка нема да биде во можност да го продолжи вршењето на договорените работи, надзорниот одбор е должен во рок од 60 календарски дена од денот на настанување на оваа околност, да потпише договор со друга депозитарна банка.

(2) Доколку надзорниот одбор не постапи во согласност со ставот (1) од овој член, е должен да свика собрание на затворениот фонд.

**Собрание на затворен инвестициски фонд**

Член 88

За надлежноста, свикувањето и одржувањето на собрание на затворениот фонд, се применуваат одредбите од Главата IV, оддел 5, пододдел 4 од Законот за трговските друштва, доколку поинаку не е уредено со овој закон.

**Одлуки кои ги донесува собранието на затворениот инвестициски фонд**

Член 89

Собранието со мнозинство од претставените гласови кое не може да биде пониско од 3/4, од вкупниот број акции на затворениот фонд донесува одлуки во врска со:

- зголемување на годишниот надомест на друштвото за управување, над износот наведен во важечкиот проспект,
- промена на инвестициските цели на затворениот фонд,
- статусни промени на затворениот фонд и
- продолжување на рокот на траење на затворениот фонд.

**Дозволени вложувања**

Член 90

(1) Имотот на затворениот фонд исклучиво може да се состои од:

1) хартии од вредност;

2) удели на инвестициски фондови регистрирани во Република Македонија, земји членки на ЕУ или земји членки на ОЕЦД;

3) депозити во овластени банки во Република Македонија кои достасуваат во рок кој не е подолг од една година;

4) термински и опциски договори и други финансиски деривативни инструменти со кои се тргува на регулиран пазар на хартии од вредност и/или деривативни финансиски инструменти со кои се тргува преку шалтер под услов:

а) да се однесуваат на финансиски инструменти во кои е дозволено вложување согласно со овој член, финансиски индекси, каматни стапки, девизни курсеви или валути во кои затворениот фонд може да вложува согласно со проспектот и статутот на фондот;

б) договорните страни во трансакциите со финансиските деривативни инструменти со кои се тргува преку шалтер да се институции кои подлежат на прудентна супервизија на регулаторното тело во Република Македонија или на државите членки на ЕУ и ОЕЦД и се овластени од страна на Комисијата или соодветните регулаторни тела во државите членки на ЕУ и ОЕЦД;

в) да подлежат на веродостојна и вистинита процена на секојдневна основа, како и да може во секое време да бидат продадени по пазарна вредност на иницијатива на затворениот фонд;

г) инструментите да се користат исклучиво за намалување или ограничување на ризикот од вложување, односно со нив да не се менува инвестиционата стратегија на затворениот фонд, целите и ограничувањата дефинирани со овој закон и статутот и проспектот на фондот и

д) во проспектот на затворениот фонд да се наведе дали смее да се вложува во такви инструменти, дали ќе се користат со цел за заштита од ризик или со цел за постигнување на инвестициските цели на фондот и какво е нивното влијание врз ризичноста на фондот и

5) пари на сметка во банки во Република Македонија.

(2) Комисијата поблиску ги пропишува дозволените вложувања на затворениот фонд.

**Ограничувања на вложувањата на затворениот инвестициски фонд**

Член 91

(1) Вложувањата на имотот на затворениот фонд подлежат на следниве ограничувања:

1) најмногу 15% од нето вредноста на имотот на затворениот фонд можат да бидат вложени во хартии од вредност или инструменти на пазарот на пари на еден ист издавач, освен:

а) во хартии од вредност или инструменти на пазарот на пари чиј издавач е или гарант е Република Македонија или единиците на локалната самоуправа и државите членки на ЕУ и државите членки на ОЕЦД, во кои може да се вложува без ограничување, доколку:

- во проспектот и статутот на затворениот фонд јасно се наведени државите, единиците на локалната самоуправа и меѓународните организации во чии хартии од вредност и инструменти на пазарот на пари може да се вложува повеќе од 35% од нето вредноста на имотот на фондот,

- имотот на затворениот фонд се состои барем од шест различни хартии од вредност или инструменти на пазарот на пари и

- вредноста на ниту една поединечна хартија од вредност или инструмент на пазарот на пари од потточката а) на овој став не е поголема од 30% од нето вредноста на имотот на фондот и

б) ако инвестиционата политика на затворениот фонд е реплицирање на структурата на одреден индекс на акции или должнички хартии од вредност, Комисијата може да дозволи вложувања до најмногу 20% од нето вредноста на имотот на фондот во акции или должнички хартии од вредност од еден ист издавач, доколку:

- структурата на индексот е доволно диверзифицирана,

- индексот претставува соодветен репер за пазарот за кој се однесува и

- индексот е објавен на веб страницата на берзата, на која истиот се пресметува, а во акции или во должнички хартии од вредност од еден ист издавач да може да се вложува и до 35% од нето вредноста на имотот на фондот, ако е тоа неопходно за реплицирање на тој индекс. Вложувањето до 35% од нето вредноста на имотот на фондот во акции или должнички хартии од вредност од еден ист издавач е дозволено само за еден издавач, а таквиот фонд мора во проспектот и статутот на фондот јасно да назначи дека инвестициската цел му е реплицирање на индексот;

2) лица кои формираат поврзани друштва согласно со Законот за трговските друштва и овој закон се сметаат како еден издавач согласно со членот 90 од овој закон и одредбите на овој член, при што најмногу 20% од нето вредноста на имотот на затворениот фонд можат да се вложат во хартии од вредност или инструменти на пазарот на пари чии издавачи се лицата кои формираат поврзани друштва согласно Законот за трговските друштва;

3) ограничувањата од точката 1 на овој став не се однесуваат на:

а) депозити и

б) финансиски дериватни инструменти со кои се тргува на други регулирани пазари (пазари преку шалтер);

4) најмногу 20% од нето вредноста на имотот на затворениот фонд може да се вложи како депозит во една иста банка од членот 90 став (1) точка 3 на овој закон;

5) изложеноста кон едно лице врз основа на финансиски деривативни инструменти договорени со тоа лице на други регулирани пазари не смее да биде поголема од:

а) 10% од нето вредноста на имотот ако се работи за банка од членот 90 став (1) точка 3 на овој закон и

б) 5% од нето вредноста на имотот ако се работи за некое друго правно лице;

6) вкупната вредност на вложувањата во хартии од вредност или инструменти на пазарот на пари чиј издавач е едно лице и вредноста на депозитите вложени кај тоа лице и изложеноста врз основа на финансиските деривативни инструменти со кои се тргува на други регулирани пазари договорени со тоа лице не смеат да бидат поголеми од 20% од нето вредноста на имотот на затворениот фонд;

7) ограничувањата пропишани во ставот (1) точки 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член не смеат да се комбинираат и таквите вложувања во преносливи хартии од вредност или инструменти на пазарот на пари чиј издавач е едно лице, во депозити кај тоа лице и изложеноста врз основа на финансиски деривативни инструменти договорени со тоа лице, во ниту еден случај не смеат да надминат вкупно 35% од нето вредност на имотот на фондот;

8) најмногу 20% од нето вредноста на имотот на затворениот фонд може да биде вложена во удели на еден ист инвестициски фонд;

9) вложувањето во удели или акции на инвестициски фонд не може да биде повеќе од 25% од нето вредноста на имотот на секој поединечен фонд во кој се вложува;

10) затворениот фонд во своја сопственост не може да има повеќе од 25% од акциите со право на глас на еден ист издавач или обврзниците од еден ист издавач ;

11) вкупната изложеност на затворениот фонд кон финансиските деривативни инструменти не смее да биде поголема од 10% од нето вредноста на имотот на фондот и

12) не може да се вложува во друштва со ограничена одговорност или во хартии од вредност кои не се преносливи.

(2) Доколку имотот на затворениот фонд се вложува во удели на инвестициски фондови со кои директно или индиректно управува едно исто друштво за управување, или друго друштво за управување кое со првото е поврзано преку заедничко управување или контрола, или преку значајно директно или индиректно учество во капиталот, за таквите вложувања на товар на фондот, друштвото за управување може да не наплатува излезни или влезни надоместоци.

(3) Доколку имотот на затворен фонд се вложува во удели на други инвестициски фондови, во проспектот на фондот мора да биде наведен максималниот надомест за управување кој може да се наплати од имотот на фондот во кој има намера да вложува, а во годишните извештаи на фондот мора јасно да биде наведен максималниот вкупен надомест за управување кој бил наплатен од фондот и од другиот фонд во кој тој фонд вложувал, искажан како процент од имотот на фондот кој го вложувал во удели или акции на другиот инвестициски фонд.

(4) Ако фондот повеќе од 40% од нето вредноста на имотот има намера да го вложува во хартии од вредност кои не се тргуваат на официјален пазар на берза, називот на фондот задолжително ги содржи зборовите „затворен фонд за вложување во хартии од вредност кои не се тргуваат на официјален пазар на берза“.

(5) Комисијата поблиску ги пропишува ограничувањата на вложувањата на затворениот фонд.

(6) Заради заштита на интересите на вложувачите во инвестициските фондови, Комисијата може да воведе дополнителни ограничувања во врска со вложувањата од овој член, во случај на глобална финансиска криза и нарушување на функционирањето на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија, по претходна согласност од Министерството за финансии.

### Пречекорување на ограничувањата

Член 92

(1) Ограничувањата на вложувањата од членот 91 на овој закон не се применуваат доколку се работи за преносливи хартии од вредност или инструменти на пазарот на пари кои затворениот фонд ги стекнува со зголемување на основната главнина од средствата на друштвото за управување.

(2) Ограничувањата на вложувањата наведени во членот 91 од овој закон можат да бидат пречекорени во првата година од основањето на затворениот фонд, при што треба да се почитуваат принципите на диверзификација на ризикот и заштита на интересите на вложувачите.

(3) Во случај на пречекорувања на ограничувањата од членот 91 на овој закон, кои се последица на движењето на цените на пазарот, друштвото за управување настојува да ги заштити интересите на акционерите. Друштвото за управување истовремено е должно да го усогласи вложувањето на затворениот фонд во рок од една година од денот на настанатото пречекорување, притоа водејќи сметка ризикот од настанатите пречекорувања во вложувањата да го сведе на најмала можна мера.

(4) Во случај на пречекорување на ограничувањата од членот 91 на овој закон, кои се последица на трансакциите што ги склучило друштвото за управување, а кои во моментот на нивното случување ги пречекориле наведените ограничувања, друштвото за управување е должно веднаш да ги усогласи вложувањата. Доколку настанала штета, друштвото за управување е должно на затворениот фонд веднаш да му ја надомести настанатата штета.

## VIII. ПРИВАТЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД

### Поим за приватен инвестициски фонд

Член 93

(1) Приватен инвестициски фонд (во натамошниот текст: приватен фонд) претставува посебен имот, без својство на правно лице, формиран со цел за прибирање на парични средства преку приватна понуда за продавање на документи за удел во фондот, чии средства се вложуваат во согласност со целите на вложување утврдени со проспектот на приватниот фонд. Сопствениците на документите за удел имаат право, покрај правото на удел во добивката на приватниот фонд, да бараат и исплата на уделот и на тој начин да истапат од фондот, на начин и под услови утврдени со проспектот на фондот.

(2) Приватниот фонд се регистрира во Регистарот на фондови во Република Македонија.

### Основање и работење на приватен инвестициски фонд

Член 94

(1) Приватен фонд се основа само на одредено време кое не може да биде пократко од осум години.

(2) Големината на приватниот фонд изнесува најмалку 500.000 евра во денарска противвредност. Под големина на фондот се подразбира запишаната максимална обврска за уплати на сите инвеститори по сите основи за целото време на постоење на фондот.

(3) Минималната преземена договорена обврска на вложување на секој поединечен инвеститор во приватниот фонд не може да биде помала од 50.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата, која инвеститорот е должен да ја реализира на повик на друштвото за управување со приватни фондови во согласност со одредбите на проспектот.

(4) Максималниот број на инвеститори во приватниот фонд е 20 инвеститори.

(5) Приватен фонд основа и со него управува друштво за управување со приватни фондови.

(6) За основање на приватен фонд друштвото за управување со приватни фондови донесува статут и проспект на фондот.

(7) Приватниот фонд може да се задолжува без ограничување.

(8) На приватниот фонд не се применуваат одредбите од Главата V членови 52, 53, 54, 55 и 56 и одредбите од главите VI, VII, IX, X, XI, XII, XIII и XIV на овој закон.

**Статут на приватниот инвестициски фонд**

Член 95

Со статутот на приватниот фонд се уредува работењето на приватниот фонд, правната положба на сопствениците на документите за удел во приватниот фонд, правните односи на приватниот фонд со друштвото за управување со приватни фондови, како и други прашања од интерес за остварување на целите на фондот, а особено:

1) називот на приватниот фонд, фирмата на друштвото за управување со приватни фондови;

2) целите на приватниот фонд;

3) намената и принципите на вложување на средствата;

4) видот и главните елементи на документите за удел;

5) постапката и условите за издавање и продавање на документите за удели;

6) правилата за пресметување и за користење на приходите на приватниот фонд;

7) правила за утврдување на нето вредноста на имотот на приватниот фонд;

8) начинот на пресметување на износот на надоместоците и трошоците на друштвото за управување со приватни фондови или трети лица на товар на имотот на приватниот фонд;

9) начинот на исплата на добивката на сопствениците на документите за удели;

10) висината на запишаната максимална обврска и правата и обврските на друштвото за управување со приватни фондови;

11) начинот и постапката на информирање на сопствениците на документите за удел;

12) начинот на распоредување на добивката на приватниот фонд и

13) времето за кое се основа приватниот фонд.

**Проспект на приватниот инвестициски фонд**

Член 96

Проспектот на приватниот фонд ги содржи податоците од членот 95 на овој закон, како и детални информации и податоци за целите и политиката на приватниот фонд и други информации што се однесуваат на приватниот фонд, а што можат да влијаат на одлуката на вложувачот за вложување во фондот.

**Управување со приватен инвестициски фонд**

Член 97

Со приватниот фонд во негово име и за негова сметка управува друштво за управување со приватни фондови во согласност со договорот за управување склучен со приватниот фонд, проспектот и статутот на приватниот фонд.

**Финансиски извештаи на приватниот инвестициски фонд**

Член 98

(1) Друштвото за управување со приватни фондови изготвува ревидирани годишни финансиски извештаи за секој приватен фонд со кој управува.

(2) Друштвото за управување со приватни фондови е должно да ги достави до вложувачите на приватниот фонд ревидираните годишни финансиски извештаи за секој фонд со кој управува во рок од три месеца од усвојување на завршната сметка на приватниот фонд.

(3) Финансиските извештаи се изготвуваат во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.

## IX. УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА ИМОТОТ И ЦЕНА НА УДЕЛИТЕ И АКЦИИТЕ ВО ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ФОНДОВИ

**Временски периоди кога се утврдува вредноста на имотот на инвестициските фондови**

Член 99

(1) Друштвото за управување е должно за отворениот фонд да ја утврди вредноста на имотот на фондот, сите обврски и надоместоци на фондот настанати пред утврдувањето на нето вредноста на имотот по удел, односно цената на уделот.

(2) Вредноста на нето имотот на отворениот фонд се пресметува секој ден во време утврдено во проспектот. Друштвото за управување е должно наредниот работен ден да ја извести Комисијата за вредноста на имотот на отворениот фонд, состојбата на надоместоците и обврските, цената на уделите на отворениот фонд на денот на пресметувањето.

(3) Вредноста на нето имотот на затворениот фонд се пресметува најмалку еднаш месечно, во време утврдено во проспектот.

(4) Комисијата за хартии од вредност поблиску ја пропишува методологијата за процена на нето вредноста на имотот на фондот, како и зачестеност на нејзиното утврдување.

**Одговорност за пресметување на вредноста на имотот на инвестицискиот фонд, односно цената на уделите или акциите**

Член 100

(1) Вредноста на имотот на отворениот и затворениот фонд, односно цената на уделите или акциите ја пресметува друштвото за управување.

(2) Пресметувањето на вредноста од ставот (1) на овој член ја контролира и ја потврдува депозитарната банка која истовремено е одговорна и за точноста на пресметките кои се доставуваат до Комисијата. Депозитарната банка потпишува и задржува еден примерок од документот за утврдената вредност на имотот на инвестицискиот фонд кој мора да го даде на увид на Комисијата.

(3) Ревизорот на инвестицискиот фонд е должен да изврши проверка на примената на начелата и методологијата за утврдување на вредноста на портфолиото на фондот, точноста на начините за утврдување на цената на акциите или уделите и другите надоместоци и трошоци предвидени со проспектот или статутот на фондот.

**Начела и методологија за утврдување на вредноста на портфолиото на инвестицискиот фонд**

Член 101

(1) Кај хартиите од вредност вклучувајќи ги и акциите на затворениот фонд утврдувањето на вредноста на имотот на фондот се врши врз основа на пазарната цена која е формирана на регулиран пазар.

(2) Кај хартиите од вредност за кои не постои пазарна цена која ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, за утврдување на вредноста се зема предвид цената на последната трансакција која е извршена во тој инвестициски фонд.

(3) Во случај на депозити и готовина, краткорочни побарувања и обврски, приходи и расходи за идниот период, за утврдување на вредноста на имотот на инвестицискиот фонд, се применува номиналната вредност зголемена за пресметаната камата.

(4) За утврдување на вредноста на терминските и опциските договори за работи за кои не може да се утврди пазарна цена, Комисијата ги пропишува методите за пресметка на вредноста на имотот.

(5) При утврдување на вредноста на имотот на отворениот фонд се применува цената на уделите.

(6) Девизните средства се пресметуваат во денари по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на утврдување на вредноста на имотот на инвестицискиот фонд.

(7) Во случај на други видови на имот за кои не постои пазарна цена, се проценува фер вредност на имотот. Постапката за утврдување на фер вредноста на имотот вклучува методи на дисконтирана парична вредност споредена со сличен имот за кој е позната пазарната цена, метод за процена на опциите или друг метод кој го пропишува Комисијата.

(8) Начелата и методологијата за утврдување на вредноста на имотот се наведуваат во проспектот и во статутот на инвестицискиот фонд и треба соодветно да се применуваат при секоја пресметка на вредноста на имотот на фондот.

(9) Комисијата ги пропишува начелата и методологијата за утврдување на вредноста на имотот на затворениот и отворениот фонд, како и начинот на формирање на пазарната цена на уделите во отворениот фонд, односно акциите во затворениот фонд, притоа применувајќи ги различните методи за пресметување на вредноста на имотот на поединечните видови на фондови.

**Нето вредност на имотот на инвестицискиот фонд и вредноста по акции, односно удели во фондот**

Член 102

(1) Кај отворениот фонд нето вредноста на имотот на фондот е вредноста на имотот на фондот намалена за обврските. Нето вредноста по удел е нето вредност на имотот на фондот поделена со бројот на уделите на фондот во моментот на пресметување на нето вредноста на имотот на фондот.

(2) Нето вредноста на имотот на затворениот фонд е вредноста на имотот на фондот намалена за обврските. Нето вредноста по акција на фондот е нето вредност на имотот на фондот рамномерно распоредена на секоја издадена акција од фондот во моментот на пресметување на нето вредноста на имотот на фондот.

**Почетна понуда и утврдување на цената на уделите или на акциите на инвестицискиот фонд**

Член 103

(1) Времетраењето на почетната, односно иницијалната понуда на удели кај отворениот фонд, односно акции кај затворениот фонд не смее да трае подолго од 60 календарски дена. Во текот на тој период вкупниот износ на прибраните парични средства се чува како депозит и не смее да се вложуваат се додека фондот не ја надмине најниската вредност на имотот на фондот утврдена со овој закон.

(2) Цената на акцијата при иницијалното, односно прво издавање на акции кај затворениот фонд е номиналната цена на акцијата. Цената на подоцнежните издавања е пазарна цена на акциите.

(3) При иницијалната, односно почетната понуда кај отворениот фонд цената на издавањето на уделите ја утврдува друштвото за управување и ја објавува во проспектот на фондот. После почетната понуда на удели, цената на уделите во отворениот фонд е единствена цена еднаква на нето вредноста на имотот на фондот по удел, која се пресметува врз основа на пазарната цена на сите хартии од вредност од портфолиото на фондот.

**Цена на уделите во отворениот инвестициски фонд**

Член 104

(1) Продажбата и откупот на уделите кај отворениот фонд се врши во работни денови по цена пресметана согласно со членот 103 став (3) од овој закон и со проспектот на фондот при што друштвото ги наплатува и пресметува влезниот и излезниот надомест.

(2) Продажба, односно откуп на удели во отворениот фонд не е дозволено да се врши за износ помал или поголем од моменталната важечка цена по удел. Цената на уделот може да варира зависно од промената на нето вредноста на имотот пресметана на начин пропишан од Комисијата.

(3) Цената на удели во отворениот фонд се пресметува кога нето вредноста на имотот на фондот ќе се подели со бројот на издадените удели, при што нето вредноста на имотот на фондот е пресметана согласно со членот 102 од овој закон, а бројот на издадени удели е еднаков на бројот на уделите во моментот на пресметување на цената, земајќи ги предвид сите продажби и откупи извршени од моментот на последната пресметка до моментот на пресметката на новата цена.

**Продажба на удели во отворениот инвестициски фонд**

Член 105

(1) Продажбата на уделите на отворениот фонд се врши по цена која е во согласност со проспектот на фондот и која е утврдена на денот на кој е извршена уплатата на сметката на фондот, зголемена за влезен надоместок доколку истиот се наплатува.

(2) Уплатата во отворениот фонд се врши исклучиво во парични средства.

**Откуп на удели во отворениот инвестициски фонд**

Член 106

(1) Откупот на уделите во отворениот фонд се врши според цената што одговара на вредноста на уделот утврдена првиот нареден ден на процена по поднесување на барањето за откуп на уделот.

(2) Средствата од откупот на удели се исплатуваат на сметка на сопственикот на откупените удели во рок од седум календарски дена од приемот на барањето за откуп.

**Потврда за продажба и откуп на уделите**

Член 107

(1) Потврдата за продажба и откуп на удели се издава од страна на друштвото за управување, а на барање на вложувачот најдоцна во рок од пет дена по извршување на уплата во отворениот фонд, односно исплатата од фондот.

(2) Потврдата за продажба и откуп на удели од ставот (1) на овој член содржи:

- назив на инвестицискиот фонд,
- податоци за сопственикот на уделите,
- податоци за овластениот полномошник,
- дата на потврдата за купување на удел,
- цена на документите за удел,
- надоместок за издавање на докуметите за удел,
- број на добиени документи за удели,
- фирма и седиште на друштвото за управување,
- место и дата на издавање на потврдата и
- потпис на овластено лице од друштвото за управување.

**Неточна пресметка на цената на уделите во отворениот инвестициски фонд**

Член 108

Доколку цената на уделите во отворениот фонд неточно се пресмета за повеќе од 1% во однос на вредноста добиена со примена на начинот од членот 102 на овој закон, Комисијата ќе му наложи на друштвото за управување и на депозитарната банка за таквата неточна пресметка да:

- ја исплати разликата во цена на секој вложувач на кого при откупот на удели му е исплатена помала цена по удел во однос на точната вредност добиена со примена на начинот наведен во членот 102 од овој закон и
- му признае сразмерен дел на дополнителни удели за надомест на штетата на секој вложувач на кого при купување на уделите му е пресметана повисока цена по удел во однос на точната вредност добиена со примена на начинот наведен во членот 102 од овој закон.

**Прекин на продажбата и откупот на удели во отворениот инвестициски фонд и нивно времетраење**

Член 109

(1) Продажбата и откупот на уделите во отворениот фонд може да се прекине доколку друштвото за управување и депозитарната банка сметаат дека не е можно да се утврди точната цена на имотот од портфолиото на фондот, поради што престанува продажбата и откупот на удели во интерес на сопствениците или потенцијалните сопственици на удели.

(2) Прекинот на продажбата и откупот на удели, друштвото за управување треба да ја пријави на Комисијата и да ја објави во најмалку два дневни весника во Република Македонија. Прекин на продажбата и откупот на удели, друштвото за управување може да изврши по добивање на согласност од Комисијата и за истиот писмено да ги извести сопствениците на документите за удел.

(3) Комисијата може да му наложи на друштвото за управување и на депозитарната банка привремено да ја прекине продажбата и откупот на удели, доколку се стекне со сознанија, или има оправдани причини за сомнеж дека на вложувачите им се нанесува штета поради неточната пресметка на цената на уделите во отворениот фонд.

(4) Прекинот на продажбата и откупот на удели од овој член треба да заврши откако друштвото за управување и депозитарната банка ќе оценат дека е можно да се одреди точната цена на имотот од портфолиото на отворениот фонд, а најдоцна во рок од 28 дена од почетокот на престанокот, освен ако Комисијата не се согласи за продолжување на назначениот рок. Известувањето за продолжување на продажбата и откупот на удели во отворениот фонд е потребно да се објави во најмалку два дневни весника во Република Македонија.

(5) За времето додека трае прекинот на продажбата и откупот на уделите, друштвото за управување може да продолжи со примање на барања за продажба или откуп на удели кои ќе се реализираат по завршување на прекинот на откупот или продажбата на уделите, при што на налогодавачите треба да им се стави на знаење дека нивните налози нема да бидат извршени во роковите предвидени со проспектот и статутот на отворениот фонд.

(6) Комисијата поблиску ја пропишува постапката за прекин и продолжување на продажбата и откупот на удели во отворениот фонд.

## X. ОБЈАВУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊА ЗА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА УДЕЛИ И ЗА АКЦИОНЕРИТЕ ВО ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ФОНДОВИ

**Објавување на цените на акциите и уделите во инвестициските фондови**

Член 110

(1) Утврдената цена на уделите во отворениот фонд се објавува секогаш кога е извршено купување или продажба на уделите во отворениот фонд, а најмалку два пати месечно, а цената на акцијата во затворениот фонд мора да биде објавена најмалку еднаш месечно.

(2) Објавувањето од ставот (1) на овој член се врши на веб страницата на друштвото за управување, наведена во проспектот на инвестицискиот фонд.

(3) Комисијата поблиску ги пропишува содржината и времето на објавување на цената на акциите и уделите во инвестицискиот фонд.

**Објавување на нето вредноста на имотот по удел, односно акција во инвестициските фондови**

Член 111

Друштвото за управување има обврска нето вредноста на имотот по удел во отворениот фонд и нето вредноста на имотот по акција во затворениот фонд веднаш по нивната пресметка јавно да ги објави согласно со членот 110 став (2) од овој закон.

**Известување на сопствениците на удели и на акционерите**

Член 112

(1) На барање на вложувачите во инвестициските фондовите им се доставуваат полугодишни и ревидирани годишни извештаи.

(2) Извештаите од ставот (1) на овој член треба да им бидат достапни на вложувачите во инвестицискиот фонд на местата наведени во проспектот на инвестициски фонд.

**Рокови за изработка и содржина на полугодишни и на ревидираните годишни извештаи**

Член 113

(1) Полугодишните извештаи за друштвото за управување и сите фондови со кои тоа управува се доставуваат до Комисијата во рок од два месеца од завршувањето на полугодишниот пресметковен период.

(2) Ревидирани годишни извештаи за друштвото за управување и сите фондови со кои тоа управува се доставуваат до Комисијата во рок од четири месеца од завршувањето на пресметковната година.

**Содржина на финансиските извештаи кај отворениот инвестициски фонд**

Член 114

(1) Полугодишните и ревидираните годишни извештаи на отворениот фонд треба да содржат:

а) извештај за имотот и обврските (билансот на состојба) за тековниот пресметковен период споредено со претходниот пресметковен период;

б) извештај за вкупниот приход за тековниот пресметковен период, спореден со претходниот пресметковен период;

в) податоци за портфолиото, распоредено според видот и ликвидноста на имотот и клучни промени на портфолиото во тековниот период;

г) показател за вкупните трошоци за пресметковниот период;

д) податоци за секој овластен учесник во тргување со хартии од вредност, преку кој инвестицискиот фонд реализирал повеќе од 10% од своите трансакции во тековната календарска година со наведување на:

- вкупната вредност на сите трансакции извршени од страна на секој овластен учесник, искажани како процент од вкупната вредност на сите трансакции на инвестицискиот фонд во таа година и

- провизија платена на овластениот учесник, искажана како процент од вкупната вредност на трансакциите извршени со негово посредство;

ѓ) преглед за движењата на вредноста на имотот на отворениот фонд;

е) број на издадени удели на почетокот и на крајот на пресметковниот период и

ж) цена по удел на почетокот и на крајот на пресметковниот период.

(2) Покрај податоците од ставот (1) на овој член ревидираниот годишен извештај на отворениот фонд треба да содржи и:

а) највисока и најниска вредност на имотот на отворениот фонд и цена по удел во фондот од тековниот период за изминатите пет календарски години;

б) извештај на органот на управување со образложение за постигнатиот деловен резултат на отворениот фонд, промена во портфолиото и планираната стратегија на вложувања во наредниот период и

в) споредбен преглед на работењето за изминатите три календарски години со прикажување на следниве податоци на крајот на секоја деловна година:

- вкупна нето вредност на имотот од портфолиото,

- нето вредност на имотот на отворениот фонд по удели,

- показатели за вкупните трошоци и

- распределба на приходите, односно добивката исплатена по удел во тековната година.

(3) Комисијата поблиску го пропишува сметковниот план, содржината на одделните сметки во сметковниот план на отворените фондови, како и формата и содржината на финансиските извештаи на отворените фондови.

**Содржина на финансиските извештаи кај затворениот инвестициски фонд**

Член 115

(1) Полугодишните и ревидираните годишни извештаи на затворениот фонд треба да содржат:

а) извештај за имотот и обврските (билансот на состојба) за тековниот пресметковен период споредено со претходниот пресметковен период;

б) извештај за вкупниот приход за тековниот пресметковен период, спореден со претходниот пресметковен период;

в) податоци за портфолиото, распоредено според видот и ликвидноста на имотот и клучни промени на портфолиото во тековниот период;

г) показател за вкупните трошоци за пресметковниот период;

д) податоци за секој овластен учесник во тргување со хартии од вредност, преку кој инвестицискиот фонд реализирал повеќе од 10% од своите трансакции во тековната календарска година со наведување на:

- вкупната вредност на сите трансакции извршени од страна на секој овластен учесник, искажани како процент од вкупната вредност на сите трансакции на инвестицискиот фонд во таа година и

- провизија платена на овластениот учесник, искажана како процент од вкупната вредност на трансакциите извршени со негово посредство и

ѓ) највисоката и најниската цена по акција во секоја од претходните три деловни години.

(2) Покрај податоците од ставот (1) на овој член, ревидираниот годишен извештај на затворениот фонд треба да содржи и:

а) највисока и најниска вредност на имотот на затворениот фонд и цена по акција во фондот од тековниот период за изминатите пет календарски години;

б) извештај на органот на управување со образложение за постигнатиот деловен резултат на затворениот фонд, промена во портфолиото и планираната стратегија на вложувања во наредниот период и

в) споредбен преглед на работењето за изминатите три календарски години со прикажување на следниве податоци на крајот на секоја деловна година:

- вкупна нето вредност на имотот од портфолиото,

- нето вредност на имотот на затворениот фонд по акции,

- показатели за вкупните трошоци и

- распределба на приходите, односно добивката исплатена по акција во тековната година.

(3) Комисијата поблиску го пропишува сметковниот план, содржината на одделните сметки во сметковниот план на затворените фондови, како и формата и содржината на финансиските извештаи на затворените фондови.

## XI. РЕГИСТАР НА УДЕЛИ ВО ОТВОРЕН ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНД

**Одговорност за водење на регистар на удели во отворен инвестициски фонд**

Член 116

Друштвото за управување е должно да води регистар на удели во отворениот инвестициски фонд.

**Начин на запишување во регистарот на удели во отворениот инвестициски фонд**

Член 117

(1) Правата од уделите во отворениот фонд се стекнуваат со запишување во регистарот на удели во отворениот инвестициски фонд што го води друштвото за управување.

(2) Друштвото за управување на сопствениците на удели во отворениот фонд еднаш годишно им доставува извештај за состојбата и за тргувањето со уделите во фондот кои се во нивна сопственост.

(3) На барање на сопствениците на удели или на нивниот овластен застапник, а на нивен трошок друштвото за управување е должно да им достави извештај за состојбата и за тргувањето со уделите во отворениот фонд кои се во нивна сопственост.

(4) Друштвото за управување е должно да им овозможи увид во регистарот на удели во отворениот инвестициски фонд на депозитарната банка и на Комисијата.

**Пренос на уделите на отворен инвестициски фонд на друго лице**

Член 118

(1) Уделите во отворените фондови не може слободно да се пренесуваат, освен по основ на наследство или договор за поклон. Таквиот пренос ќе има правно дејство по неговото запишување во регистарот на удели во отворениот инвестициски фонд и во друштвото за управување.

(2) Друштвото за управување е должно да ги чува документите во врска со сите запишувања во регистарот на удели на отворениот фонд во текот на периодот во кој може да се поднесе тужба за поништување на уписот во регистарот на удели, а доколку таквата тужба е поднесена истите ги чува до донесување на правосилната судска одлука.

(3) Комисијата поблиску ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на удели во отворен инвестициски фонд, како и објавување на податоците од регистарот.

## XII. ПРИПОЈУВАЊЕ И ЛИКВИДАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ

**Припојување на отворени инвестициски фондови**

Член 119

(1) Два отворени фонда можат да се припојат, доколку:

- друштвото за управување донело одлука за нивно припојување,
- Комисијата даде претходно одобрение за нивно припојување и
- депозитарните банки на отворените фондови кои се припојуваат дадат согласност за нивното припојување.

(2) Кога еден отворен фонд се припојува кон друг, првиот фонд се ликвидира и средствата од неговата сметка се пренесуваат на сметката на вториот фонд.

(3) Не може да се врши припојување:

- на отворен со затворен фонд,
- на фондови кои имаат различни инвестициски политики и
- доколку инвеститорите би биле оштетени од припојувањето врз основа на оцена од Комисијата.

(4) Комисијата поблиску ја пропишува постапката за припојување на отворените инвестициски фондови.

**Ликвидација на отворени инвестициски фондови**

Член 120

(1) Ликвидацијата на отворениот фонд ја спроведува друштвото за управување, освен во случаите кога друштвото за управување е во стечај или Комисијата привремено или трајно му ја одзела дозволата за работа.

(2) Во случај да не може да се спроведе ликвидација на отворениот фонд од друштвото за управување од причини наведени во ставот (1) на овој член, ликвидацијата ја спроведува депозитарната банка.

(3) Доколку депозитарната банка на отворениот фонд е под стечај или Народната банка на Република Македонија привремено или трајно и ја одзела дозвола за работа на депозитарната банка на отворениот фонд, ликвидацијата ја спроведува ликвидатор на отворениот фонд именуван од страна на Комисијата.

(4) Комисијата поблиску ги пропишува постапката, трошоците и роковите за ликвидација на отворените фондови.

**Права, обврски и одговорност на ликвидаторот**

Член 121

(1) Ликвидаторот е должен во рок од седум дена од донесување на одлуката за ликвидација, да ја извести Комисијата и сите вложувачи во отворениот фонд, во случај кога како ликвидатор се јавува друштвото за управување или депозитарната банка.

(2) Ликвидаторот кој е назначен од страна на Комисијата е должен во рок од седум дена од денот на назначување, за ликвидацијата на отворениот фонд да ги извести сите вложувачи во отворениот фонд.

(3) По донесување на одлуката за ликвидација, се забранува секоја продажба или откуп на уделите во отворениот фонд, освен барањата кои се примени по утврдување на последната цена, а пред донесување на одлуката за ликвидација, со што трансакциите со имотот на фондот можат да се извршуваат исклучиво за потребите на ликвидацијата на фондот.

(4) Од денот на донесување на одлуката за ликвидација, односно од денот на назначување на ликвидатор на отворениот фонд не се наплатуваат надоместоци, освен надоместокот на депозитарната банка, трошоци за постапката за ликвидација и нејзината ревизија и трошоците за поднесување на полугодишни или ревидирани годишни извештаи на вложувачите во фондот, настанати во текот на траењето на постапката за ликвидација на фондот.

(5) Ликвидаторот е должен до Комисијата да достави завршен извештај за ликвидацијата и за спроведување на ликвидацијата.

**Завршување на постапката за ликвидација на отворениот инвестициски фонд**

Член 122

Во постапката за спроведување на ликвидацијата на отворениот фонд, целиот имот на фондот се продава, а обврските на фондот достасани до денот на донесување на одлуката за ликвидација се намируваат.

**Распределаба на преостанатата нето вредност на имотот на отворениот инвестициски фонд**

Член 123

Преостанатата нето вредност на имотот на отворениот фонд се распределува на сопствениците на удели сразмерно на нивните удели во фондот по спроведување на постапката од членот 121 на овој закон.

**Спојување и ликвидација на затворен инвестициски фонд**

Член 124

Спојувањето и ликвидацијата на затворениот фонд се спроведува во согласност со одредбите на Законот за трговските друштва.

## XIII. ПРОДАЖБА НА УДЕЛИ, ОДНОСНО АКЦИИ ВО ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ФОНДОВИ

### Овластени лица за продажба на удели, односно акции во инвестицискиот фонд

Член 125

(1) Продажбата на уделите во отворениот, односно акциите во затворениот фонд ја вршат друштвата за управување.

(2) Покрај друштвото за управување продажбата на уделите, односно акциите во инвестициски фонд можат да ја вршат правни лица кои склучуваат договор за посредување со друштвото за управување, и тоа:

- овластена банка согласно со Законот за банките,
- брокерска куќа со дозвола за работа добиена од Комисијата и
- подружница на странска брокерска куќа која има добиено дозвола за работа од Комисијата.

### Прекин на вршење на работите на продажбата на удели, односно акции во инвестициските фондови

Член 126

(1) Правните лица од членот 125 став (2) на овој закон не смеат да вршат работи на продажба на удели во отворениот, односно акции во затворениот фонд во време во кое привремено им е одземена дозволата за работа.

(2) Правните лицата од членот 125 став (2) на овој закон за одземањето на дозволата за работа треба веднаш да го известат друштвото за управување со кое склучиле договор за продажба.

### Начин и услови на продажбата

Член 127

Правните лицата од членот 125 став (2) на овој закон овластени за продажба на удели, односно акции во инвестициските фондови се должни:

- да им овозможат увид на инвеститорите во сите релевантни документи и податоци, проспектот, извештаите, цените и евентуално други податоци неопходни за инвеститорите при носење на одлуката за инвестирање,
- да проверат дали обрасците за барањето за откуп се правилно пополнети,
- навремено да ги достават налозите за продажба и откуп на друштвото за управување,
- во промовирање и давање на податоци за инвестицискиот фонд да ги користат исклучиво проспектот, извештаите и рекламните материјали кои ќе ги одобри друштвото за управување,
- да не даваат лажни податоци или податоци кои вложувачите можат да ги доведат во заблуда за состојбата на инвестицискиот фонд, ниту податоци за целите на вложувањата, ризиците, цената, приходите или кои било други податоци поврзани со фондот или со друштвото за управување, ниту податоци кои отстапуваат од содржината на проспектот, статутот или извештаите на фондот,
- да одговараат пред друштвото за управување за грешките или пропустите на своите вработени за секое непридржување кон овој закон,
- да ги запознаат потенцијалните инвеститори за износот на провизија за извршување на продажбата на уделите или акциите во инвестицискиот фонд, и тоа како процент од влезниот надомест, годишниот надомест за управување или излезниот надомест,
- да обезбедат дека предложениот инвестициски фонд или фондови одговараат на потребата на заинтересираните лица и
- да постапуваат во согласност со овој закон.

### Надомест на лица овластени за продажба на акции или удели во инвестициските фондови

Член 128

Правните лица од членот 125 став (2) на овој закон примаат надомест за работата исклучиво од друштвото за управување.

## XIV. КОНТРОЛА И НАДЗОР

### 1. Контрола од страна на Комисијата за хартии од вредност

Член 129

(1) Комисијата врши контрола над работењето на друштвата за управување, отворените и затворените фондови и депозитарната банка во делот на работењето на инвестициските фондови.

(2) Регулаторното тело од земјата членка на ЕУ или на ОЕЦД надлежно за контролирање на учесниците на пазарот на капитал може да бара од Комисијата да спроведе постапка за контрола над работењето на подружницата со цел на тој начин да се забрза и поедностави постапката за контрола во согласност со начелата за ефикасност, економичност и постапување во предвидениот рок. Под исти услови може да се овластат и лица овластени од страна на регулаторното тело од земјата членка на ЕУ или на ОЕЦД за учество во постапката на контрола.

(3) Комисијата може без ограничување да ги прегледува деловните книги и другите документи на друштвата за управување, инвестициските фондови и депозитарните банки во делот на работењето на инвестициските фондови.

### Начин на вршење на контролата

Член 130

(1) Комисијата може да врши редовна и вонредна контрола.

(2) Според начинот на извршување контролата може да биде посредна и непосредна.

(3) Посредната контрола опфаќа континуирано следење и проверка на податоците од извештаите, известувањата, деловните евиденции и другите документи кои друштвата за управување, отворените и затворените фондови и депозитарната банка во делот на работењето на инвестициските фондови се должни да ги доставуваат до Комисијата согласно со овој закон.

(4) Непосредната контрола се спроведува преку вршење директен увид на податоците од редовното работење во просториите на контролираниот учесник на пазарот на хартии од вредност заради утврдување на законитоста во неговото работење. Непосредната контрола може да се врши со или без претходна најава, по своја оцена и како дел од редовното работење на Комисијата.

(5) Трошоците на контролата се на товар на друштвото за управување.

(6) Комисијата поблиску го пропишува начинот и постапката за вршење на контролата од ставот (3) на овој член.

**Мерки на Комисијата**

Член 131

(1) Ако при контролата од членот 129 на овој закон Комисијата утврди неправилности во работењето, или во водењето на деловните книги ќе донесе решение со кое ќе му наложи на друштвото за управување, односно на депозитарната банка, утврдените неправилности и незаконитости во нивното работење да ги отстрани во определен рок, но не подолг од 30 календарски дена.

(2) Друштвото за управување, односно депозитарната банка е должно во рокот од ставот (1) на овој член да ги отстрани неправилностите и да ја извести Комисијата, со приложување на докази дека недостатоците или неправилностите се отстранети или исправени.

(3) Освен мерката од ставот (1) на овој член Комисијата може да донесе и решение за привремена забрана на работењето на друштвото за управување или депозитарната банка во делот на работењето на инвестициските фондови.

(4) Против решението на Комисијата од ставот (3) на овој член може да се изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.

(5) Жалбата од ставот (4) на овој член не го одлага извршувањето на решенијата од овој член.

**Јавна опомена на друштвото за управување со инвестициски фондови**

Член 132

(1) Комисијата може да донесе решение за изрекување јавна опомена на друштвото за управување и на извршниот член на одборот на директори, односно на претседателот на управниот одбор на друштвото за управување.

(2) При одлучувањето за изрекување јавна опомена Комисијата ја зема предвид тежината на повредата и околноста дали на друштвото за управување и на извршниот член на одборот на директори, односно на претседателот на управниот одбор на друштвото за управување веќе им е изречена јавна опомена.

(3) Комисијата јавно го објавува диспозитивот од решението по неговата конечност во најмалку два дневени весника во Република Македонија.

**Јавна опомена на депозитарната банка**

Член 133

(1) Комисијата може да донесе решение за изрекување јавна опомена на депозитарната банка во делот на работењето со инвестициските фондови и на директорот на организациониот дел од банката кој ја врши услугата чувар на имот.

(2) При одлучувањето за изрекување јавна опомена Комисијата ја зема предвид тежината на повредата и околноста дали на депозитарната банка во делот на работењето со инвестициските фондови и на директорот на организациониот дел од банката кој ја врши услугата чувар на имот им е изречена јавна опомена.

(3) Комисијата јавно го објавува диспозитивот од решението по неговата конечност во најмалку два дневени весника во Република Македонија.

**Обврски за известување**

Член 134

(1) Друштвата за управување и депозитарната банка се должни редовно да доставуваат извештаи за своето работење до Комисијата.

(2) Комисијата може привремено да ја одземе дозволата за работа на друштвото за управување и одобрението за избор на депозитарната банка заради непочитувањето на обврската од ставот (1) на овој член.

(3) Комисијата поблиску ги пропишува задолжителната содржина, формата и роковите за доставување на извештаите за работењето од страна на инвестициските фондови, друштвата за управување и депозитарната банка.

**2. Надзор**

**Овластување за спроведување надзор**

Член 135

(1) Комисијата е овластена да спроведува надзор заради утврдување дали друштвото за управување, депозитарната банка и затворениот фонд го прекршиле овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

(2) Надзорот го вршат овластени лица вработени во Комисијата.

## XV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Прекршочен орган**

Член 136

(1) За прекршоците утврдени во членовите 138, 139, 140, 141, 142 143, 144 и 145 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за хартии од вредност (во натамошниот текст: Прекршочниот орган).

(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во понатамошниот текст: Прекршочната комисија).

(3) За изборот и работата на Прекршочната комисија се применуваат одредбите од Законот за хартии од вредност што се однесуваат на прекршочниот орган.

**Посредување**

Член 137

(1) За прекршоците утврдени во овој закон, овластените лица за спроведување на контрола и надзор од страна на Комисијата, во рамките на своите овластувања, можат на сторителот на прекршокот да му понудат посредување и постигнување согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки или да ги отстрани последиците од прекршокот.

(2) За постапката за посредување се применуваат одредбите од Законот за хартии од вредност што се однесуваат на постапката за посредување.

Член 138

(1)Глоба во износ од 7.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото за управување, ако:

1) ги пренесе за извршување активностите од членот 6 став (1) точка 1 на овој закон на трети лица;

2) започне да врши работи поврзани со управување на инвестициски фонд пред добивање на дозвола за работа од Комисијата согласно со одредбите од членот 9 став (1) на овој закон;

3) не ја почитува процедурата за должностите врзани со работењето, согласно со одредбите од членот 21 на овој закон;

4) врши дејности и работи кои се забранети согласно со одредбите од членот 25 став (1) на овој закон;

5) не ги доставува извештаите до Комисијата согласно со членот 27 од овој закон;

6) не ја извести депозитарната банка за намерата за прекин на депозитарниот договор во рокот наведен во членот 45 став (1) од овој закон;

7) нуди акции или удели во инвестицискиот фонд пред да добие одобрение за објава на проспектот од страна на Комисијата согласно со членот 54 од овој закон;

8) започне со промотивните активности без претходно доставување на содржината на рекламата до Комисијата, согласно со членот 55 став (2) од овој закон;

9) постапува спротивно на одредбите од членот 56 на овој закон;

10) освен влезен, излезен надоместок и трошоци за печатење на обрасци за запишување на удели согласно со членот 61 од овој закон, наплаќа и други трошоци кои не се утврдени со статутот и проспектот на фондот;

11) влезниот и излезниот надомест се наплатат спротивно на одредбите од членот 61 на овој закон;

12) наплатува надоместоци спротивно на одредбите од членот 62 на овој закон;

13) книжи трошоци на товар на отворениот фонд, а кои не се опфатени со одредбите во членот 62 од овој закон;

14) показателот на вкупните трошоци на отворениот фонд ја пречекори границата одредена во членот 64 од овој закон;

15) вложува во имот надвор од членот 66 на овој закон;

16) не ги почитува ограничувањата за вложувања одредени во членот 67 од овој закон;

17) надоместоците за организирање на затворениот фонд се пресметуваат спротивно на одредбите од членот 75 на овој закон;

18) од имотот на затворениот фонд се плаќаат трошоци кои не се наведени во одредбите од членот 76 став (1) на овој закон;

19) показателот на вкупните трошоци на затворениот фонд ја пречекорува границата одредена во членот 78 од овој закон;

20) вложува во имот надвор од одредбите на членот 90 став (1) од овој закон;

21) не ги почитува ограничувањата на вложувањата одредени во членот 91 став (1) од овој закон, а не се работи за случај од членот 92 став (2) на овој закон;

22) не ги исполнува вредностите на имотот утврдени на начин пропишан во членот 101 од овој закон;

23) врши продажба на уделите во фондот спротивно на одредбите од членот 105 на овој закон;

24) врши откуп на уделите во фондот спротивно на одредбите од членот 106 на овој закон;

25) не постапува согласно со одредбите од членот 109 на овој закон;

26) не постапува согласно со одредбите од членот 111 на овој закон;

27) не достави извештаи до акционерите и вложувачите согласно со одредбите од членот 112 на овој закон;

28) не достави извештај согласно со одредбите од членот 113 на овој закон;

29) извештаите не се изготвени согласно со одредбите од членовите 114 и 115 на овој закон и

30) редовно не ги доставува извештаите за работењето до Комисијата согласно со одредбите од членот 134 став (1) на овој закон.

(2) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

(3) На друштвото за управување кое направило прекршок од ставот (1) на овој член ќе му се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејноста за организирање и управување на инвестициски фондови во траење од најмалку десет дена до најмногу 30 дена.

Член 139

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштвото за управување со приватен фонд, ако:

- основа фонд спротивно на членот 94 од овој закон и

- не ги достави годишните ревидирани финансиски извештаи на приватниот фондот до вложувачите на фондот од членот 98 на овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото за управување со приватен фонд.

Член 140

(1) Глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице кое:

- се стекнало со квалификувано учество во друштво за управување спротивно на членот 13 ставови (1) и (3) од овој закон и

- не постапило согласно со членот 16 став (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:

- не ја извести Комисијата согласно со членот 13 став (6) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице кое:

- се стекнало со квалификувано учество во друштво за управување спротивно на членот 13 ставови (1) и (3) од овој закон и

- не постапило согласно со членот 16 став (3) од овој закон.

(4) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, ако:

- не ја извести Комисијата согласно со членот 13 став (6) од овој закон.

Член 141

Глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на брокерска куќа, подружница на странска брокерска куќа и овластена банка доколку постапат спротивно на одредбите од членот 13 став (8) на овој закон.

Член 142

(1) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на депозитарната банка, ако:

а) не го води имотот на инвестицискиот фонд согласно со членот 44 од овој закон,

б) не изврши една од работите наведени во членот 41 од овој закон,

в) не го извести друштвото за управување за намерата за прекин на депозитарниот договор во рокот наведен во членот 45 став (1) од овој закон и

г) не постапува согласно со одредбите од членот 46 на овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

(3) На депозитарната банка која направила прекршок од ставот (1) на овој член ќе и се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на работи на депозитарна банка за инвестициските фондови во траење од најмалку десет дена до најмногу 30 дена.

Член 143

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице кое во име на друштвото за управување е овластено да врши продажба на акции или удели, доколку не постапува согласно со одредбите од членот 127 она овој закон.

(2) Глоба во износ од 750 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Член 144

Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на ревизор на отворениот фонд, доколку не врши проверка на работењето согласно со членот 100 став (3) од овој закон.

Член 145

Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на член на надзорниот одбор на затворениот фонд, доколку не потпише договор согласно со членот 87 од овој закон.

Член 146

(1) Постапката за прекршоците предвидени со овој закон не може да се поведе ниту да се води ако поминат три години од денот кога е сторен прекршокот.

(2) Изречените прекршочни санкции врз основа на овој закон не можат да се извршат ако од денот на правосилноста на решението за прекршокот поминат две години. За прекршоците пропишани со овој закон, извршувањето на изречените глоби и други прекршочни санкции застарува во рок од две години од правосилноста на решението за прекршокот.

(3) Со секое прекинување на роковите од ставовите (1) и (2) на овој член застареноста почнува одново да тече.

(4) Застареност на прекршочното гонење, односно прекршочната санкција настанува во секој случај кога ќе измине двапати онолку време колку што е предвидено во ставовите (1) и (2) од овој член.

## XVI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 147

Трговските друштва основани до денот на влегувањето во сила на овој закон, кои во името на фирмата или дејноста ги содржат зборовите „инвестициски фонд", како и зборови изведени од зборовите „инвестициски фонд" се должни да го усогласат своето работење со одредбите од овој закон кои се однесуваат на формата, организацијата, висината на основната главнина, главнината и дејноста, како и начинот на управување и застапување со инвестициските фондови, во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 148

Започнатите постапки за основање на друштвата за управување и инвестициските фондови до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе бидат завршени согласно со одредбите на Законот за инвестициони фондови („Службен весник на Република Македонија" број 7/2000 и 29/2007).

Член 149

(1) Друштвата за управување и инвестициските фондови кои се основани до денот на влегувањето во сила на овој закон се должни да го усогласат своето работење со одредбите од овој закон во рок од една година од денот на неговото влегување во сила.

(2) Доколку друштвата за управување и инвестициските фондови од ставот (1) на овој член, не го усогласат своето работење согласно со одредбите од овој закон, дозволата за работење издадена од Комисијата, престанува да важи во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Комисијата во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе определи идентификациски број на секој фонд кој до денот на влегувањето во сила на овој закон добил одобрение за организирање или основање и ќе ги усогласи податоците за овие фондови кои се запишуваат во Регистарот на фондови согласно со овој закон.

Член 150

(1) Одредбите од членовите 27 став (1) точка б) и 113 став (1) на овој закон ќе се применуваат од 1 јануари 2011 година.

Член 151

(1) Над инвестициските фондови основани до денот на влегувањето во сила на овој закон, кои во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, не постапат согласно со одредбите од членот 149 на овој закон, ќе се спроведе постапка за ликвидација. Постапката за ликвидација ја поведува Комисијата по службена должност.

(2) Ликвидацијата на инвестициските фондови од ставот (1) на овој член се спроведува согласно со одредбите на членовите 120, 121, 122, 123 и 124 од овој закон.

Член 152

(1) Комисијата прописите предвидени со овој закон ќе ги донесе во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

Член 153

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за инвестициони фондови („Службен весник на Република Македонија" број 7/2000 и 29/2007).

Член 154

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

# L I G J
# PËR FONDET INVESTUESE

## I. DISPOZITAT E PËRGJITSHME

### Lënda e ligjit

Neni 1

(1) Me këtë ligj rregullohet themelimi dhe puna e fondeve investuese dhe shoqërive për administrim me fondet investuese, dhënia dhe shitja e pjesëve dhe aksioneve, grumbullimi i pjesëve, promovimi i fondit investues, punët të cilat për fondet investuese i kryejnë personat e tretë dhe puna e bankës depozitare.

(2) Për çështjet të cilat nuk janë rregulluar me këtë ligj zbatohen dispozitat e Ligjit për letra me vlerë, Ligjit për shoqëritë tregtare, Ligjit për falimentim dhe Ligjit për procedurë të përgjithshme administrative.

### Definicionet

Neni 2

Shprehjet e përdorura veç e veç në këtë ligj e kanë këtë kuptim:

1) **Shoqëri për administrim me fondet investuese** është shoqëria aksionare me seli në Republikën e Maqedonisë, e cila ka marrë leje nga Komisioni për letra me vlerë për kryerjen e punëve për themelim dhe administrim me fondet investuese;

2) **Kryegjë themelore** është shuma minimale e mjeteve të përcaktuar me këtë ligj që aksionerët e shoqërisë për administrim me fondet investuese janë të obliguar ta regjistrojnë dhe paguajnë;

3) **Vlerë e pronës së fondit investues** është tërësia e vlerës së së letrave me vlerë në portfolion e fondit investues, depozitet me para të fondit te bankat dhe prona tjetër e fondit;

4) **Vlerë neto e pronës së fondit investues** është vlera e pronës e zvogëluar për shumën e obligimeve të fondit;

5) **Bankë depozitare e fondit investues** është çdo bankë, e cila për nevojat e fondit kryen punë për ruajtjen e pronës së fondit, mbajtjen e llogarive të veçanta për pronën e fondit dhe ndarjen e pronës së çdo fondi veç e veç nga prona e fondeve të tjera, si dhe për kryerjen e punëve të tjera në patjim me dispozitat e këtij ligji;

6) **Reputacioni i mirë** është ndershmëria, kompetenca, punët punuarit dhe posedimi i karakteristikave, të cilat japin siguri se personi me mënyrën e të punuarit të tij nuk do të ndikojë në drejtim të kërcënimit të stabilitetit dhe sigurisë së fondit investues dhe kërcënim të interesave të depozitarve të fondit;

7) **Fond investues** janë mjetet e bashkuara në para të dedikuara për investim, të grumbulluara nga investitorë nëpërmjet thirrjes publike ose ofertës private, me të cilat për llogarinë e investitorëve menaxhon shoqëria për administrim me fondet;

8) **Pjesëmarrje kualifikuese në shoqërinë për administrim me fondin investues është:**

-pjesëmarrja e drejtëpërdrejtë ose e tërthortë në shoqërinë për administrim me fondet investuese nga 10% ose më tepër nga kryegjëja e asaj shoqërie,

-pjesëmarrja e drejtpërdrejtë ose e tërthortë prej 10% ose më shumë nga të drejtat e votës nga numri i përgjithshëm i aksioneve me të drejtë vote në shoqërinë për administrim, ose

-e drejta që të realizohet drejtpërdrejt ose tërdhorazi ndikim i konsiderueshëm mbi organet drejtuese në shoqërinë për administrim me fondet investuese në të cilën ajo pjesëmarrje ekziston;

9) **Person i ndërlidhur me shoqërinë për administrim me fondet investuese është:**

1. akcioneri ose grup i aksionerëve të cilët veprojnë bashkërisht, ndërsa kanë posedojnë më tepër se 10% të kryegjësë themelore të shoqërisë për administrim me fondet investuese ose të cilët edhe pse posedojnë përqindje më të vogël nga e caktuara, mund të ndikojnë në vendimet të i miraton ajo shoqëri.

2. person fizik ose juridik i cili posedon drejtëpërdrjet ose tërthorazi më tepër se 10% nga aksonet me të drejtë vote në shoqërinë për administrim me fondet investuese ose e cila, edhe pse posedon përqindje më të vogël nga e caktuara, mund të ndikojë në vendimet të cilat i miraton ajo shoqër.

3. personi fizik ose persona të cilët mund të ndikojnë drejtëpërdrejt ose tërthorazi në vendimet që i miraton shoqëria për administrim me fondet investuese, e veçanërisht:

- anëtarët e familjes më të ngushtë (bashkëshort ose person me të cilin një kohë më të gjatë jeton në bashkësi, që sipas ligjit me të cilin rregullohet bashkësia bashkëshortore dhe marrëdhëniet në familje, ka status juridik të njëjtë sikur ai i bashkësisë bashkortore, fëmijëve ose fëmijëve të birësuar dhe persona tjerë ndaj të cilëve ka përkujdesje).

- anëtarë të këshillit drejtues dhe mbikqyrës dhe anëtarë të familjes më të ngushtë të atyre personave, ose

- persona të punësuar në bazë të marrëveshjes për punë të lidhur nën kushte të veçanta me shoqërinë për administrim me fondet investuese në të cilën janë të punësuar, si dhe anëtarëve më të ngushtë të familjes së të punësuarëve;

10) **Persona të ndërlidhur me fondin investues** janë shoqëri për administrim me fondet investuese, banka depozitare, avokat, revizor dhe këshilltar tatimor, të cilët kanë marrëdhënie kontraktuese për dhënien e shërbimeve fondit investues dhe personit tjetër, i cili ka lidhur marrëveshje për dhënien e shërbimeve për nevojat e fondit;

11) **Depozitar** është pronari i pjesëve në fondin e hapur investues, gjegjësiht pronar i aksioneve (akcioner) në fondin e mbyllur investues;

12) **Menaxher portfolio** është person i cili në pajtim me Ligjin për letrame vlerë ka marrë leje për të punuar këshilltar investues nga Komisioni për letra me vlerë;

13) **Treg i rregulluar i instrumenteve financiare të vendeve anëtare të Bashkimit Europian** është sistemi multirateral me të cilin punon ose menaxhon operatori i tregut, i cili i bashkon ose ndihmon bashkimin e interesave të ndryshme të anës së tretë për blerjen dhe shitjen e instrumenteve financiare -në sistem dhe në pajtueshmëri me të drejtat e tij jodiskriminuese – në mënyrë që rezulton në marrëveshje, në lidhje me instrumentet financiare të pranuar për tregti në pajtueshmëri me rregullat e tij dhe/ose sistemet;

14) **Treg i rregulluari i instrumenteve financiare të vendeve të cilat nuk janë anëtare të Bashkimit Europian** është tregu i cili u nënshtrohet rregullave prudente të përcaktuara nga ana e trupit rregullator të atyre vendeve, të cilat janë gjithashtu të rrepta si edhe ato të përcaktuara me legjislaturën e Bashkimit Europian;

15) **Treg i rregulluar i letrave me vlerë në Republikën e Maqedonisë** janë bursa dhe tregu nëpërmjet sportelit organizuar nga ana e Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë në pajtueshmëri me Ligjin për letrame vlerë;

16) **Nën instrumente të tregut të parave** nënkuptohen ato klasa instrumentesh me të cilat zakonisht bëhet tregti në tregun e parave, siç janë shënimet shtetërore, certifikatat për depositë dhe shënimet komerciale, përveç banknotave dhe monedhave;

17) **Subjekti për sigurim** janë shoqëri tregtare dhe kompani holdingu financiare, funksioni i të cilave është blerja e mjeteve me likuiditet të ulët, të cilat i shfrytëzojnë si bazë për dhënien e letrave likuide me vlerë.

## II. SHOQËRIA PËR ADMINISTRIM ME FONDET INVESTUESE

### 1. KARAKTERISTIKAT THEMELORE TË SHOQËRISË PËR ADMINISTRIM ME FONDET INVESTUESE

#### Aktivitete të shoqërisë për administrim me fondet investuese

Neni 3

(1) Shoqëria për administrim me fondet investuese (në tekstin e mëtejmë: shoqëria për administrim) kryen punë të themelimit dhe administrimit me fondet investuese, gjegjësisht depozitimin e mjeteve në para në emrin e vet dhe për llogarin e pronarëve të pjesëve në fondet investuese të hapura dhe në emër dhe për llogarinë e aksionerëve të fondeve investuese të mbyllura, si dhe kryen punë

(2) Një shoqëri për administrim mund të menaxhojë me më shumë fonde investuese.

#### Kufizimi në punën e shoqërisë për administrim me fondet investuese

Neni 4

(1) Shoqëria për administrim nuk guxon të ketë pjesëmarrje të kualifikuar në shtëpinë brokere ose në bankë e cila ka leje për punë me letra me vlerë në Republikën e Maqedonisë.

(2) Shoqëria për administrim nuk guxon të ketë pjesëmarrje të kualifikuar në bankë depozitare. Puna e shoqërisë për administrim dhe e bankës depozuese nuk guxojnë të jenë të ndërlidhura në mënyrë organizative dhe në to nuk guxojnë të punojnë personat e njëjtë.

(3) Shoqëria për administrim nuk mund të fitojë pjesë, gjegjësisht aksione në fondet investuese me të cilat menaxhon.

(4) Shoqëria për administrim nuk guxon të kryejë prodhim të mallrave, të kryejë shërbime ose të kryejë çfarëdo veprimtarie tjetër, përveç asaj e cila është cekur në nenin 6 të këtij ligji.

#### Kryegjëja themelore

Neni 5

(1) Shuma më e ulët e kryegjësë themelore të nevojshme për themelimin e shoqërisë për ,administrim është 125 000 00 euro me kundërvlerë në denarë, sipas kursit të mesëm të Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë në ditën e parashtrimit të kërkesës për dhënien e lejes për punë të shoqërisë për administrim Komisionit për letra me vlerë (në tekstin e mëtjmë: Komisioni).

(2) Në rastin kur vlera e pronës së fondit investues, gjegjësisht fondeve me të cilat menaxhon shoqëria për administrim e tejkalon shumën prej 100 000 000 00 euro, kryegjëja e shoqatës për administrim duhet të rritet së paku për 0,02 % nga shuma për të cilën vlera e pronës së fondit investues e tejkalon shumën e përcaktuar kufitare, por më shumë deri në 10 000 000 00 euro.

(3) Shoqëria për administrim patjetër duhet të mbajë kryegjën minimale në shumën e një të katërtës nga harxhimet e tij të paprapara vjetore fikse të cekura në bilancin e suksesit për vitin paraprak. Në rastin kur shoqëria për administrim për herë të parë fillon me punë, llogaritja e kryegjësë minimale do të caktohet në bazë të harxhimeve të projektuara në pajtueshmëri me planin e tij afarist.

(4) Komisioni më afër i përcakton strukturën, llogaritjen dhe mënyrën e mbajtjes së mjeteve të shoqërisë për administrim nga paragrafët (1), (2) dhe (3) të këtij neni.

#### Lënda e punës së shoqërisë për administrim me fondet investuese

Neni 6

(1) Punë të administrimit me fondet investuese të cilat i kryen shoqëria për administrim janë:

1) administrimi me pronën e fondit investues;

2) reklamimi i fondeve investuese dhe shitja e pjesëve në fondet investuese të hapura, gjegjësisht aksioneve në fondet investuese të mbyllura;

3) punët administrative që kanë të bëjnë me:

- mbajtjen e librave afaristë dhe llogari dhe përgatitja e raporteve financiare ;
- vendosja dhe mbajtja e raporteve me depozitarit;
- përcaktimi i vlerës së pronës së fondit investues dhe llogartija e çmimit të pjesës;
- harmonizimi i punës së shoqërisë për administrim me ligjet dhe dispozita të tjera;
- shpallje dhe lajmërimi i aksionerëve dhe pronarëve të pjesëve;
- shpërndarja e fitimit të fondit investues;
- dhënia dhe blerja e pjesëve në fondet investuese të hapura, dhe
- mbajtja e regjistrit të pronarëve të pjesëve, gjegjësisht të aksionerëve.

(2) Shoqëria për administrim e cila ka leje për punë nga Komisioni, mund të kryejë edhe punë të administrimit me mjete për llogaritje klient individual–pronar i portfolios (në tekstin e më tejmë: klient individual), si dhe punë të këshillimit investues të klientëve në pajtueshmëri me ligjin.

(3) Shoqëria për administrim nuk mund të marrë leje nga Komisioni vetëm për kryerjen e punëve nga paragrafi (2) i këtij nenin.

#### Administrimi me mjete për llogari të klientit individual

Neni 7

(1) Punët e administrimit me mjete për llogari të klientit individual, shoqëria për administrim i kryen në bazë të marrëveshjes së lidhur paraprakisht me klientin individual.

(2) Depozitimin e mjeteve shoqëria për administrim e kryen në pajtueshmëri me nenin 66 të këtij ligji.

(3) Marrëveshja nga paragrafi (1) i këtij neni lidhet në formë të shkruar dhe i përmban veçanërisht këto të dhëna:

-shumën e mjeteve në para që klienti t'ia beson shoqërisë për administrim;

-politikën për depozitimin e klientit

-raportin e klientit në të cilin thekson se i kupton kushtet dhe rreziqet e ndërmarra nga involvimi në tregtinë me instrumente financiare;

-llojin, përmbajtjen dhe frekuencën e dorëzimit të raporteve për aktivitetet e kryera nga ana e shoqërisë për administrim për klientin;

-lartësinë e kompensimit për kryerjen e punëve të administrimit me mjete për llogari të klientit individual dhe mënyrën e llogaritjes së të njëjtës, dhe

-mundësinë që klienti ta prishë marrëveshjen e lidhur me shoqërinë për administrim.

**Bartja e një pjese të punëve për administrim me fond investues personave të tretë**

Neni 8

(1) Shoqëria për administrim nuk guxon që kryerjen e punëve nga neni 6 paragrafi (1), pika 1 nga ky ligj t'ua bartë personave të tretë.

(2) Me përjashtim të paragrafit (1) të këtij neni shoqëria për administrim, me pajtimin paraprak të Komisionit mund t'ua bartë kryerjen e punëve personave të tretë nga neni 6, paragrafi (1), pika 2 dhe 3 e këtij ligji.

(3) Komisioni përcakton mënyrën, procedurën dhe llojin e aktiviteteve të cilat shoqëria për administrim mund t'ua bartë personave të tretë.

(4) Bartja e aktiviteteve personave të tretë nuk guxon të ndikojë në efikasitetin e mbikëqyrjes së shoqërisë për administrim dhe fondit investues, gjegjësisht me këtë nuk guxon të rrezikohen interesat e investitorit në fondin investues.

- ndikimin e aktit për falje ndaj mjedisit prej nga rrjedh i dënuari dhe mesit ku e ka kryer veprën penale."

"Neni 6

Në nenin 6 pas paragrafit 2 shtohen dy paragrafë të rinj 3 dhe 4, si vijon:

"Lutja për falje përsëri mund të parashtrohet pas skadimit së pesë vjetëve nga dita e vendimit të marrë pas lutjes së mëparshme, kur është shqiptuar dënimi burg i përjetshëm.

Nëse procedura për falje është mbajtur me detyrë zyrtare, afati për parashtrimin e serishëm të lutjes nga paragrafi 2 të këtij neni rrjedh nga dita e marrjes së vendimit për dhënien e faljet me detyrë zyrtare."

Neni 7

Në nenin 8 në paragrafin 2 fjalët: ”jurisprudencë dhe drejtori" zëvendësohen me fjalën ”drejtësi".

Pas paragrafit 2 shtohet paragraf i ri 3, si vijon:

"Gjykata është e obliguar që lutjen për falje ta marrë menjëherë në procedim dhe më së voni në afat prej 30 ditësh nga pranimi t'ia parashtrojë Ministrisë së Drejtësisë me të gjitha shkresat."

Neni 8

Neni 9 ndryshon si vijon:

„Ministri i Drejtësisë pas pranimit e shqyrton lutjen dhe shkresat tjera dhe së bashku me propozimi e tij në afat prej 30 ditësh ia dërgon Kryetarit të Republikës së Maqedonisë."

Neni 9

Neni 10 ndryshon si vijon:

„Gjykata, gjegjësisht Ministria e Drejtësisë e ndërpret procedurën për falje në qoftë se personi i dënuar e tërheq lutjen për falje, nëse e ka vuajtur dënimin nëse pushona pushuar pasoja juridike nga dënimi, nëse është marrë vendim i gjykatës me rastin e mjetit të jashtëzakonshëm juridik, ose nëse personi i dënuar vdes gjatë procedurës për falje."

Neni 10

Neni 11 fshihet.

Neni 11

Në nenin 12 fjala ”ligj" zëvendësohet me fjalën ”kod".

Neni 12

Në nenin 14 fjalët: ”jurisprudencë dhe drejtori" zëvendësohet me fjalët ”drejtësi".

Neni 13

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e shpalljes në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**262.**

Врз основа на член 12 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20 јануари 2009 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ИЗБОР НА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

1. За заменик на директорот на Агенцијата за катастар на недвижности се избира Африм Усеини, раководител на Единицата за внатрешна ревизија во Општина Чаир.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-182/2
20 јануари 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**263.**

Врз основа на член 9 од Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25 декември 2008 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ

1. За членови на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот се именуваат:

- Шовкет Хазари, советник во Министерството за економија,
- Огњан Циговски, претседател на Туристичко-угостителска комора на Македонија,
- Раде Кецман, помошник раководител на Секторот за Европска унија во Министерството за транспорт и врски,
- Арбен Ода,
- Сабре Незировски,
- Борис Јосифовски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 33-4327/6
25 декември 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**264.**

По извршеното срамнување на изворниот текст е утврдено дека во текстот на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за сметководството за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 8/2009) направена е техничка грешка, поради што се дава

### И С П Р А В К А
### НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СМЕТКОВОДСТВОТО ЗА НЕПРОФИТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Во членот 1 наместо бројот „22“ треба да стои бројот „23“.

Бр. 12-1508/2
22 јануари 2009 година
Скопје

Министер,
д-р **Трајко Славески**, с.р.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**265.**

Врз основа на член 31 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/05 и 137/07) министерот за транспорт и врски донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/06 и 140/07), во член 28 став 1) во воведната реченица зборот: „пет“ се заменува со зборот: „шест“.

По алинеја 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:

**„- Е Инфраструктура“**

Во став 2) во групата на класи на намени „-А Домување“ се додава нова класа на намени која гласи:

„ - АО домување во станбени куќи со посебен режим“.

Во групата на класи на намени **„Д Зеленило и рекреација“**, по класата на намени „Д3 спорт и рекреација“ се додава нова класа која гласи:

„Д4 меморијални простори“

Во став 3) пред алинеја 1 се додава нова алинеја 1 која гласи:

**„ - АО домување во станбени куќи** со посебен режим на користење и заштита ги опфаќа сите видови станбени куќи со висок стандард за кои минималната површина на градежната парцела изнесува 500 м2“.

Алинеја 1 која станува алинеја 2 се менува и гласи:

**„- А1 домување во станбени куќи** ги опфаќа сите видови станбени куќи со дворови: самостојни, двокуќи, куќи во низови, атриумски куќи и други. Во урбанистички план за село класата А1 ги опфаќа и селските стопански дворови.“

Алинеја 2 која станува алинеја 3 се менува и гласи:

„- А2 домување во станбени згради ги опфаќа сите видови станбени и станбено-деловни згради како: самостоечки, блоковски низи, терасести и други. “

Во класата на намени: „Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ“, алинеја 5 се брише.

Во класата на намени „Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА“, по алинеја 3 се додава нова алинеја 4 која гласи:

**„- Д4 меморијални простори** во кои спаѓаат: меморијален парк, спомен парк, верски објект со гробишта, гробишта и сл“.

По класата на намени: „Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА“, се додава нова класа на намени која гласи:

„**Е** ИНФРАСТРУКТУРА“

**- Е1 комунална инфраструктура** во која спаѓаат: сообраќајна, водоводна, канализациона, енергетска и телекомуникациска инфраструктура и сл.“

**- Е2 комунална супраструктура** во која спаѓаат градбите на комуналната инфраструктура како: терминали од секаков вид, аеродроми, гранични премини, катни гаражи, бензински пумпни станици, мерни станици, трафостаници до 20 кв, резервоари за вода, противпожарни домови и сл.

**- Е3 некомпатибилна инфраструктура** во која спаѓаат: депонии, пречистителни станици, резервоари за деривати со капацитет над 200 тони, трафостаници над 20 кв, главни мерно-регулациони станици и сл.“

Член 2

Во член 31 по став 1) се додава нов став 2) кој гласи:

2) „Наменската употреба на градежното земјиште во урбанистичките планови донесени до 28 јуни 2006 година соодвествува со класите на намени од овој правилник дадени во табела 1 која е составен дел на овој правилник “.

Во став 2) кој станува став 3) процентот „30%“, се заменува со зборовите: „максимално дозволениот процент на учество“.

Член 3

Во член 32 став 1), точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и да не го надминат максимално дозволениот процент на учество даден во табела 2 која е составен дел на овој правилник. “

Ставовите 2), 3), 4) и 5) се бришат.

Член 4

Во член 49 став 4) се брише.

Член 5

Членот 52 се менува и гласи:

„1) Максимално дозволените вредности на параметрите со кои се нормираат планските решенија на класите на намена: А0, А1 и А2 од член 28 на овој правилник, се условени со обезбедување на потребен број на паркинг места како и другите стандарди и нормативи од овој правилник.

2) Максимално дозволени вредности на процентот на изграденост на земјиштето (Р), коефициент на искористеност на земјиштето (К) и дозволената височина изразена во катови или метри (Н) за класите на намени од став 1 на овој член изнесуваат за:

- А0 домување во станбени куќи со посебен режим

(Р) = 50%, (К) = 1.0, (Н) = 10.2 м за градежни парцели до 1000 м2

(Р) = 50%, (К) = 0.5, (Н) = 10.2 м за градежни парцели над 1000 м2

- А1 домување во станбени куќи

(Р) до 70%, (Н) = 10.2 метри (П+2+Пк)

- А2 домување во станбени згради

(Р) до 70%, (Н) мин П+7+Пк за градежни парцели од 500 -1000м2

(Р) до 70%, (Н) мин П+9+Пк за градежни парцели поголеми од 1000м2“.

Член 6

Во член 63 по став 9) се додава нов став 10) кој гласи:

„10) Објектите и повеќеетажните гаражи може да бидат изградени и опремени со атестирани и верифицирани од овластено правно лице технички системи за паркирање, како што се касетните, ќелиските, платформските и други соодветни технички системи.“

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-1067
23 јануари 2009 година
Скопје

Министер,
**Миле Јанакиески,** с.р.

ТАБЕЛА - 1 - (страна 1 - 2)

| Наменска употреба на градежно земјиште во урбанистички планови донесени до 28 јуни 2006 година, која соодветствуваат со класите на намени дефинирани со овој Правилник | Основна класа на намена | Група на класи на намени |
|---|---|---|
| • СЕМЕЈНИ КУЌИ СО ГРАДИНИ, ИНДИВИДУАЛНО ДОМУВАЊЕ, СТАНОВАЊЕ | **А0** ДОМУВАЊЕ СО ПОСЕБЕН РЕЖИМ | **А** ДОМУВАЊЕ |
| • СЕМЕЈНИ КУЌИ СО ГРАДИНИ, ИНДИВИДУАЛНО ДОМУВАЊЕ, СТАНОВАЊЕ | **А1** ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ | |
| • ВИКЕНД НАСЕЛБИ, ВИКЕНД ЗОНИ, ВИКЕНД КУЌИ | | |
| • ЗОНА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ДОМАЌИНСТВА, СЕЛСКИ СТОПАНСКИ ДВОРОВИ | | |
| • ИНДИВИДУАЛНО ДОМУВАЊЕ СО ТЕРЦИЕРНИ ДЕЈНОСТИ | | |
| • ЗАЕДНИЧКИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ | **А2** ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ | |
| • КОЛЕКТИВНО ДОМУВАЊЕ | | |
| • КОЛЕКТИВНО СТАНОВАЊЕ | | |
| • СТРУКТУРАЛНО ДОМУВАЊЕ | | |
| • ДОМУВАЊЕ - ПРОГРАМА НА ВЛАДА | | |
| • ДИПЛОМАТСКИ ПРЕСТАВНИШТА | | |
| • СТАРСКИ ДОМ | **А3** ГРУПНО ДОМУВАЊЕ | |
| • ОБЈЕКТИ ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | | |
| • УЧЕНИЧКИ ДОМ | | |
| • ИНТЕРНАТ, СТУДЕНТСКИ ДОМ | | |
| • СТУДЕНТСКИ ДОМ | | |
| • ХОТЕЛ | **А4** ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ | |
| • МОТЕЛ | | |
| • ПЛАНИНАРСКИ ДОМ | | |
| • ЛОВЕН ДОМ | | |
| • СИНДИКАЛНИ ОДМОРАЛИШТА, КАМП | | |
| • ДУЌАНИ | **Б1** МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | **Б** КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ |
| • ТРГОВСКИ ЦЕНТАР | | |
| • ЗАНАЕТЧИСКИ ДУЌАНИ | | |
| • УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ | | |
| • АГЕНЦИИ | | |
| • ТРГОВИЈА | | |
| • УГОСТИТЕЛСТВО, ТУРИЗАМ И Сл. | | |
| • ТРГОВСКИ ОБЈЕКТИ | **Б2** ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ | |
| • ТРГОВСКИ ЦЕНТАР | | |
| • ПАЗАРИ | | |
| • СТОЧНИ ПАЗАРИ | | |
| • КВАНТАШКИ ПАЗАР | | |
| • УГОСТИТЕЛСКИ И ТУРИСТИЧКИ КАПАЦИТЕТИ | **Б3** ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ | |
| • РЕСТОРАН | | |
| • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ | **Б4** ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ | |
| • СЕРВИСНИ ДЕЈНОСТИ - ПРОГРАМА НА ВЛАДА | | |
| • УГОСТИТЕЛСКИ И ТУРИСТИЧКИ КОМПЛЕКСИ | **Б5** ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ | |
| • ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ | | |
| • ОДМАРАЛИШТА | | |
| • СПОРТСКИ ЦЕНТРИ, ОБЈЕКТИ И ТЕРЕНИ | **Б6** ГРАДБИ ЗА СОБИРИ | |
| • ЦЕНТРАЛЕН ЗАБАВЕН ПАРК | | |
| • КОМПЛЕКСИ И ОБЈЕКТИ НА МО | | |
| • СПЕЦИЈАЛНИ НАМЕНИ | | |
| • ОБРАЗОВАНИЕ | **В1** ОБРАЗОВАНИЕ | **В** ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ |
| • ОСНОВНО ШКОЛО - УЧИЛИШТЕ | | |
| • СРЕДНО ШКОЛО - УЧИЛИШТЕ | | |
| • ФАКУЛТЕТ | | |
| • ОБЈЕКТИ ОД ЗДРАВСТВО | **В2** ЗДРАВСТВО | |
| • ОБЈЕКТИ ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | | |
| • САНАТОРИУМИ | | |
| • БАЊИ | | |
| • ОБЈЕКТИ ОД КУЛТУРА И НАУКА | **В3** КУЛТУРА | |
| • ТЕАТАР | | |
| • ИНСТИТУТ | | |
| • ДОМ НА КУЛТУРА | | |
| • РАСАДНИК | | |

**ТАБЕЛА - 1 -** (страна 2 - 2)

| | | |
|---|---|---|
| • ДИПЛОМАТСКИ ПРЕСТАВНИШТА | **В4** ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ | **В** ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ |
| • ДРЖАВНА И ЛОКАЛНА УПРАВА | | |
| • КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ | | |
| • ПОСТОЈНИ ВЕРСКИ ОБЈЕКТИ | **В5** ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ | |
| • ЦРКВА | | |
| • ЏАМИЈА | | |
| • СИНАГОГА | | |
| • ХРАМ | | |
| • МАНАСТИР | | |
| • ИНДУСТРИСКИ ЗОНИ | **Г1** ТЕШКА И ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | **Г** ПРОИЗВОДСТВО. ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ |
| • ГРАДЕЖНА ИНДУСТРИЈА | | |
| • РАФИНЕРИЈА | | |
| • ТЕШКА ИНДУСТРИЈА | | |
| • ЖЕЛЕЗАРА | | |
| • СЛОБОДНА СТОПАНСКА ЗОНА | **Г2** ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | |
| • МАЛО СТОПАНСТВО | | |
| • ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | | |
| • ФАРМИ | | |
| • СЕРВИСИ | **Г3** СЕРВИСИ | |
| • МАЛО СТОПАНСТВО | | |
| • СТОВАРИШТА | **Г4** СТОВАРИШТА | |
| • МАГАЦИНИ | | |
| • ПАРК | **Д1** ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО | **Д** ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА |
| • БОТАНИЧКА ГРАДИНА | | |
| • ЗОНА ЗА САНИТАРНА ЗАШТИТА | **Д2** ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО | |
| • ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО | | |
| • СПОРТСКИ ТЕРЕНИ | **Д3** СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | |
| • ТЕНИСКИ ТЕРЕНИ | | |
| • СПОРТСКИ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ | | |
| • СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | | |
| • БАЗЕНИ | | |
| • ПЛАЖИ | | |
| • МЕМОРИЈАЛЕН ПАРК | **Д4** МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ | |
| • СПОМЕН ПАРК | | |
| • ВЕРСКИ ОБЈЕКТ СО ГРОБИШТА | | |
| • ГРОБИШТА | | |
| • СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ | **Е1** КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | **Е** ИНФРАСТРУКТУРА |
| • ВОДОВОДНИ, КАНАЛИЗАЦИОНИ ИНФРАСТРУКТУРИ | | |
| • ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА ДО 20 КВ | | |
| • ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА | | |
| • АЕРОДРОМИ | **Е2** КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА | |
| • ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ | | |
| • КОМУНАЛНИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ГРАДБИ | | |
| • ПРОТИВПОЖАРЕН ДОМ | | |
| • БЕНЗИНСКИ ПУМПНИ СТАНИЦИ | | |
| • ГАРАЖНИ КУЌИ - КАТНИ ГАРАЖИ | | |
| • РЕЗЕРВОАРИ ЗА ВОДА | | |
| • ТРАФОСТАНИЦИ ДО 20 КВ | | |
| • ЗАГАДУВАЧКА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | **Е3** НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | |
| • РЕЗЕРВОАРИ ЗА ДЕРИВАТИ НАД 200 ТОНИ | | |
| • ДЕПОНИИ | | |
| • ТРАФОСТАНИЦИ НАД 20 КВ | | |
| • ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ | | |

**ТАБЕЛА - 2** (страна 1 - 3)

| Група на класи на намени | Основна класа на намена | Компатибилни класи на намени на основната класа на намена | Максимален дозволен % на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена во планот | Максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот |
|---|---|---|---|---|
| **А** ДОМУВАЊЕ | **А0** ДОМУВАЊЕ СО ПОСЕБЕН РЕЖИМ | | 0 | 0 |
| | **А1** ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ | Б1 | 10 | 10 |
| | | В1 | 10 | |
| | | В5 | 5 | |
| | | Д3 | 10 | |
| | **А2** ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ | Б1 | 20 | 40 |
| | | Б2 | 30 | |
| | | Б4 | 20 | |
| | | В3 | 40 | |
| | | В4 | 10 | |
| | | В5 | 5 | |
| | | Д3 | 40 | |
| | **А3** ГРУПНО ДОМУВАЊЕ | Б1 | 20 | 20 |
| | | Б2 | 20 | |
| | | В1 | 20 | |
| | | В2 | 20 | |
| | | В3 | 20 | |
| | | Д3 | 20 | |
| | **А4** ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ | Б1 | 30 | 30 |
| | | Б3 | 30 | |
| | | В2 | 30 | |
| | | В3 | 30 | |
| | | Д3 | 30 | |
| **Б** КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | **Б1** МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | А1 | 20 | 20 |
| | | А3 | 20 | |
| | | Б4 | 20 | |
| | **Б2** ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ | А2 | 20 | 40 |
| | | А3 | 20 | |
| | | А4 | 40 | |
| | | Б3 | 40 | |
| | | Б4 | 40 | |
| | | В3 | 40 | |
| | | В5 | 10 | |
| | **Б3** ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ | А3 | 40 | 40 |
| | | А4 | 40 | |
| | | В4 | 40 | |
| | | В3 | 40 | |
| | | Д3 | 40 | |
| | **Б4** ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИ | А4 | 40 | 40 |
| | | Б1 | 40 | |
| | | Б2 | 40 | |
| | | Б3 | 40 | |
| | | В4 | 40 | |
| | | Д3 | 40 | |

## ТАБЕЛА - 2 (страна 2 - 3)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ | Б5 ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ | Б1 | 40 | 40 |
| | | Б2 | 40 | |
| | | Б3 | 40 | |
| | | Б4 | 40 | |
| | | Б6 | 40 | |
| | | В2 | 40 | |
| | | В3 | 40 | |
| | | Д3 | 40 | |
| | Б6 ГРАДБИ ЗА СОБИРИ | А4 | 20 | 40 |
| | | Б1 | 20 | |
| | | Б2 | 40 | |
| | | Б3 | 20 | |
| | | Б4 | 20 | |
| | | В2 | 20 | |
| | | В3 | 20 | |
| | | В4 | 10 | |
| | | Д3 | 20 | |
| В ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ | В1 ОБРАЗОВАНИЕ | А3 | 20 | 20 |
| | | Б1 | 10 | |
| | | Б4 | 10 | |
| | | В3 | 20 | |
| | | Д3 | 20 | |
| | В2 ЗДРАВСТВО | А4 | 20 | 20 |
| | | Б1 | 20 | |
| | | Д3 | 20 | |
| | | В5 | 5 | |
| | В3 КУЛТУРА | А4 | 30 | 49 |
| | | Б1 | 30 | |
| | | Б2 | 30 | |
| | | Б4 | 30 | |
| | | В4 | 30 | |
| | | Д3 | 30 | |
| | В4 ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ | Д3 | 10 | 10 |
| | В5 ВЕРСКИ ИНСТИТУЦИИ | А4 | 10 | 10 |
| | | Б1 | 10 | |
| | | Д1 | 10 | |
| Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ | Г1 ТЕШКА И ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | Д1 | 30 | 30 |
| | | Д2 | 30 | |
| | | Г2 | 30 | |
| | | Г3 | 30 | |
| | | Г4 | 30 | |
| | Г2 ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА | Б1 | 30 | 30 |
| | | Б2 | 30 | |
| | | Д2 | 30 | |
| | | Г3 | 30 | |
| | | Г4 | 30 | |
| | Г3 СЕРВИСИ | Б1 | 30 | 30 |
| | | Б2 | 30 | |
| | | Д2 | 30 | |
| | | Г2 | 30 | |
| | | Г4 | 30 | |

**ТАБЕЛА - 2** (страна 3 - 3)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Г ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ | Г4 СТОВАРИШТА | Б1 | 30 | 30 |
| | | Б2 | 30 | |
| | | Б4 | 30 | |
| | | Г3 | 30 | |
| | | Д2 | 30 | |
| Д ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА | Д1 ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО | Б1 | 10 | 10 |
| | | Д3 | 10 | |
| | Д2 ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО | | | 0 |
| | Д3 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | А4 | 20 | 40 |
| | | Б1 | 10 | |
| | | Б2 | 30 | |
| | | Б3 | 10 | |
| | | Б4 | 10 | |
| | | Б6 | 30 | |
| | | В3 | 20 | |
| | Д4 МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ | В5 | 40 | 40 |
| Е ИНФРАСТРУКТУРА | Е1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | Учеството на поединечните класи на намени Е1, Е2 и Е3 во основната класа на намени не се утврдува, бидејќи зависи од планското решение во урбанистичките планови | | |
| | Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА | | | |
| | Е3 НЕКОМПАТИБИЛНА ИНФРАСТРУКТУРА | | | |

## ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**266.**

Врз основа на член 18 и член 35 став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија” број 40/2006 и 136/2008), Државната изборна комисија, на седницата одржана на 27 јануари 2009 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ

I. Во Одлуката за именување на претседатели, членови и нивни заменици на општинските изборни комисии (“Службен весник на Република Македонија”, бр.55/2006, 58/2006, 72/2006, 75/2006, 2/2007, 53/2008, 60/2008, 65/2008, 67/2008, 72/2008 и 10/2009) се вршат следните измени:

1. Во составот на Општинската изборна комисија Другово членот Фатмир Ибраими од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, се разрешува.

За член се именува Маја Гроздановска Андоновска од Општина Пласница.

2. Во составот на Општинската изборна комисија Лозово претседателот Ванчо Пешевски од Управата за јавни приходи, се разрешува.

За претседател се именува Благој Давчевски од Министерството за транспорт и врски.

3. Во составот на Општинската изборна комисија Кавадарци членот Гордана Тодоровска Сокаровска од Општина Кавадарци, се разрешува.

За член се именува Ленче Ќиркова од Општина Кавадарци.

4. Во составот на Општинската изборна комисија Струга заменик членот Есма Дика од Министерството за одбрана, се разрешува.

За заменик член се именува Афијет Положани од Министерството за транспорт и врски.

5. Во составот на Општинската изборна комисија Охрид заменик членот Љубица Василевска од Општина Охрид, се разрешува.

За заменик член се именува Габриела Патчева од Општина Охрид.

6. Во составот на Општинската изборна комисија Пласница заменик претседателот Снежана Ристевска од Јавно обвинителство на Република Македонија, се разрешува.

За заменик претседател се именува Каролина Стефаноска од Општина Кичево.

7. Во составот на Општинската изборна комисија Арачиново заменик претседателот Ана Стојановска од Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија, се разрешува.

За заменик претседател се именува Билкизе Исмаили од Министерство за животна средина и просторно планирање.

8. Во составот на Општинската изборна комисија Ранковце заменик членот Билјана Тасевска од Општина Ранковце, се разрешува.

За заменик член се именува Славица Трајановска од Општина Ранковце.

9. Во составот на Општинската изборна комисија Брвеница членот Менка Неделкоска од Општина Брвеница, се разрешува.

За член се именува Емилија Атанасовска од Министерството за животна средина и просторно планирање.

II. Лицата избрани за претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на општинските изборни комисии имаат право да поднесат изјава за неприфаќање на именувањето согласно член 18 став 3 од Изборниот законик, поради здравствени или семејни причини, а врз основа на приложена соодветна документација, во рок од 48 часа сметано од денот на објавувањето на оваа одлука во „Службен весник на Република Македонија“.

III. Изјавата од точка II. на оваа одлука, именуваното лице ја поднесува лично до Државната изборна комисија. Доставувањето преку пошта не е дозволено. Решението на Државната изборна комисија е конечно.

IV. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Број 11-165/1 Претседател
27 јануари 2009 година на Државната изборна комисија,
Скопје **Александар Новакоски,** с.р

---

**267.**

По извршеното срамнување на изворниот текст е утврдено дека во текстот на Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседатели, членови и нивни заменици на општинските изборни комисии, („Службен весник на Република Македонија“ број 10/2008) е направена грешка поради што се дава

### И С П Р А В К А
### НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ

Во составот на Општинската изборна комисија Кочани, зборовите: „за член Ирина Хаџиева од О.Кочани“ се заменуваат со зборовите: „за член Бранко Кузмановски Општина Чешиново – Облешево“.

Бр. 11-123/7 Претседател
27 јануари 2009 година на Државната изборна комисија,
Скопје **Александар Новакоски,** с.р.

---

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**268.**

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007 и 7/2008), член 13, член 19, член 26, член 53 став 2, член 59 и член 65 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006), а во врска со член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка број 07-2665/1 од 02-07-2008 година против Шумско индустриски комбинат “Јелак” АД Тетово, на седницата одржана на ден 19-12-2008 година го донесе следното

### Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека Шумско индустриски комбинат “Јелак” АД Тетово (Целосен назив), ШИК ЈЕЛАК АД Тетово (Скратен назив), Седиште: улица Маршал Тито број 128, Тетово, ЕМБС 4034473 и Единствен даночен број 4028962115825 сторило прекршок со несторување, при тоа навремено не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставувањето до Комисијата за хартии од вредност на годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето; објавување на резиме на ревидиран годишен извештај

заедно со мислење на овластениот ревизор; доставување на тримесечни финансиски извештаи за првото тромесечие од годината и на доставувањето на примерок од својот годишен, тримесечен и тековен извештај во законски предвидените рокови, регулирани со одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

2. Непостапувањето согласно член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност претставува прекршок од член 242 став 1 точките 1, 2, 4 и 6 од Законот за хартии од вредност.

3. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение за сторените прекршоци од член 242 став 1 точките 1, 2. 4 и 6 од Законот за хартии од вредност му се изрекува единствена прекршочна санкција опомена.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр. 07-2665/5 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

**269.**

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007 и 7/2008), член 13, член 19, член 26, член 53 став 2, член 59 и член 65 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006), а во врска со член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка број 07-2655/1 од 02-07-2008 година против Друштвото за земјоделство и сточарство “Сингелиќ” АД Скопје, на седницата одржана на ден 19-12-2008 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека Друштвото за земјоделство и сточарство “Сингелиќ” АД Скопје (Целосен назив), Сингелиќ АД Скопје (Скратен назив), Седиште: улица Антон Попов бб, Сингелиќ, Скопје, ЕМБС 52752288 и Единствен даночен број 4030999358650 сторило прекршок со несторување, при тоа не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставувањето до Комисијата за хартии од вредност на годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето; објавување на резиме на ревидиран годишен извештај заедно со мислење на овластениот ревизор; доставување на тримесечни финансиски извештаи за првото тромесечие од годината и на доставувањето на примерок од својот годишен, тримесечен и тековен извештај во законски предвидените рокови, регулирани со одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

2. Непостапувањето согласно член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност претставува прекршок од член 242 став 1 точките 1, 2, 4 и 6 од Законот за хартии од вредност.

3. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение за сторените прекршоци од член 242 став 1 точките 1, 2. 4 и 6 од Законот за хартии од вредност му се изрекува единствена прекршочна санкција опомена.

4. Се задолжува акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение во рок од 30 дена по приемот на ова решение да постапи согласно одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

5. Ова решение ќе се објави во Службен весник на РМ.

Бр. 07-2655/6 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

**270.**

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007 и 7/2008), член 13, член 19, ,член 26, член 53 став 2, член 59 и член 65 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006), а во врска со член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка бр.07-2485/1 од 18-06-2008 година против Железник АД Демир Хисар, на седницата одржана на ден 19-12-2008 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека Челичен лив и гранулат “Железник” АД Сопотница Демир Хисар (Целосен назив), Железник АД Демир Хисар (Скратен назив), Седиште: Сопотница, ЕМБС: 4136004 и Единствен даночен број: 4010990101566, сторило прекршок со несторување, при тоа не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставувањето до Комисијата за хартии од вредност на годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето; објавување на резиме на ревидиран годишен извештај заедно со мислење на овластениот ревизор; доставување на тримесечни финансиски извештаи за првото тромесечие од годината и на доставувањето на примерок од својот годишен, тримесечен и тековен извештај во законски предвидените рокови, регулирани со одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

2. Непостапувањето согласно член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност претставува прекршок од член 242 став 1 точките 1,2,4 и 6 од Законот за хартии од вредност.

3. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение: за сторениот прекршок од член 242 став 1 точка 1, за сторениот прекршок од член 242 став 1 точка 2, за сторениот прекршок од член 242 став 4, и за сторениот прекршок од член 242 став 1 точка 6 од Законот за хартии од вредност му се изрекува ЕДИНСТВЕНА САНКЦИЈА ОПОМЕНА.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр. 07-2485/5 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

**271.**

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007 и 7/2008), член 13, член 19, ,член 26, член 53 став 2, член 59 и член 65 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006),, а во врска со член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка бр.07-2479/1 од 18-06-2008 година против ГТД Бетон АД Охрид, на седницата одржана на ден 19-12-2008 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека Градежно трговско друштво “БЕТОН ОХРИД” Акционерско друштво Охрид (Целосен назив), ГТД Бетон Охрид АД Охрид (Скратен назив), Седиште: Бул. Туристичка бб, Охрид, ЕМБС: 5080126 и Единствен даночен број: 4020995106650, сторило прекршок со несторување, при тоа не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставувањето до Комисијата за хартии од вредност на годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето; објавување на резиме на ревидиран годишен извештај заедно со мислење на овластениот ревизор; доставување на тримесечни финансиски извештаи за првото тромесечие од годината и на доставувањето на примерок од својот годишен, тримесечен и тековен извештај во законски предвидените рокови, регулирани со одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

2. Непостапувањето согласно член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност претставува прекршок од член 242 став 1 точките 1,2,4 и 6 од Законот за хартии од вредност.

3. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение: за сторениот прекршок од член 242 став 1 точка 1, за сторениот прекршок од член 242 став 1 точка 2, за сторениот прекршок од член 242 став 4, и за сторениот прекршок од член 242 став 1 точка 6 од Законот за хартии од вредност му се изрекува ЕДИНСТВЕНА САНКЦИЈА ОПОМЕНА.

4. Се задолжува ГТД Бетон АД Охрид во рок од 30 дена по приемот на ова решение да постапи согласно одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

5. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр. 07-2479/4 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

**272.**

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007 и 7/2008), член 13, член 19, ,член 26, член 53 став 2, член 59 и член 65 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006), а во врска со член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка бр.07-2481/1 од 18-06-2008 година против Дебарски бањи-Цапа АД Дебар, на седницата одржана на ден 19-12-2008 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека Друштво за бањски туризам и телесна рехабилитација Дебарски бањи-Цапа АД Дебар(Целосен назив), Дебарски бањи-Цапа АД Дебар (Скратен назив), Седиште: Ул 8 Септември бр. 9 Дебар, ЕМБС: 4001150 и Единствен даночен број: 4008993100507 сторило прекршок со несторување, при тоа навремено и соодветно не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставувањето до Комисијата за хартии од вредност на годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето; објавување на резиме на ревидиран годишен извештај заедно со мислење на овластениот ревизор; доставување на тримесечни финансиски извештаи за првото тромесечие од годината и на доставувањето на примерок од својот годишен, тримесечен и тековен извештај во законски предвидените рокови, регулирани со одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

2. Непостапувањето согласно член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност претставува прекршок од член 242 став 1 точките 1,2,4 и 6 од Законот за хартии од вредност.

3. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение: за сторениот прекршок од член 242 став 1 точка 1, за сторениот прекршок од член 242 став 1 точка 2, за сторениот прекршок од член 242 став 4, и за сторениот прекршок од член 242 став 1 точка 6 од Законот за хартии од вредност му се изрекува ЕДИНСТВЕНА САНКЦИЈА ОПОМЕНА.

4. Се задолжува Дебарски бањи-Цапа АД Дебар во рок од 30 дена по приемот на ова решение да постапи согласно одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

5. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр. 07-2481/5 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

**273.**

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007 и 7/2008), член 13, член 19, член 26, член 53 став 2, член 59 и член 65 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006), а во врска со член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка број 07-2663/1 од 02-07-2008 година против Фабрика “КАРПОШ” акционерско друштво за проектирање, производство и монтажа на бетонски префабрикати, станови, индустриски објекти, мостови и далноводи Скопје, на седницата одржана на ден 19-12-2008 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека Фабрика “КАРПОШ” акционерско друштво за проектирање, производство и монтажа на бетонски префабрикати, станови, индустриски објекти, мостови и далноводи Скопје (Целосен назив), Фабрика КАРПОШ АД Скопје (Скратен назив), Седиште: улица Пролетерска број 28, Скопје-Карпош, ЕМБС

4054890 и Единствен даночен број 4030948263700 сторило прекршок со несторување, при тоа навремено и соодветно не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставувањето до Комисијата за хартии од вредност на годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето; објавување на резиме на ревидиран годишен извештај заедно со мислење на овластениот ревизор; доставување на тримесечни финансиски извештаи за првото тромесечие од годината и на доставувањето на примерок од својот годишен, тримесечен и тековен извештај во законски предвидените рокови, регулирани со одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

2. Непостапувањето согласно член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност претставува прекршок од член 242 став 1 точките 1, 2, 4 и 6 од Законот за хартии од вредност.

3. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение: за сторениот прекршок од член 242 став 1 точките 1, 2, 4 и 6 од Законот за хартии од вредност му се изрекува ЕДИНСТВЕНА ПРЕКРШОЧНА САНКЦИЈА ОПОМЕНА.

4. Се задолжува акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение во рок од 30 дена по приемот на ова решение да постапи согласно одредбите на член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

5. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр. 07-2663/5 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2008 година Претседател
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

**274.**

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007 и 7/2008), член 13, член 19, член 26, член 53 став 2, член 59 и член 65 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006), а во врска со член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка број 07-2482/1 од 18-06-2008 година против Модна конфекција “ЕДИНСТВО” акционерско друштво Тетово, на седницата одржана на ден 19-12-2008 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека Модна конфекција “ЕДИНСТВО” акционерско друштво Тетово (Целосен назив), ЕДИНСТВО АД ТЕТОВО (Скратен назив), Седиште: Ул. Браќа Миладиновци број 380, Тетово, ЕМБС: 4034511 и Единствен даночен број: 4028953115790, сторило прекршок со несторување, при тоа навремено не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставувањето до Комисијата за хартии од вредност на годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето; објавување на резиме на ревидиран годишен извештај заедно со мислење на овластениот ревизор; доставување на тримесечни финансиски извештаи за првото тромесечие од годината и на доставувањето на примерок од својот годишен, тримесечен и тековен извештај во законски предвидените рокови, регулирани со одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

2. Непостапувањето согласно член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност претставува прекршок од член 242 став 1 точките 1,2,4 и 6 од Законот за хартии од вредност.

3. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение: за сторените прекршоци од член 242 став 1 точките 1,2,4 и 6 од Законот за хартии од вредност му се изрекува ЕДИНСТВЕНА ПРЕКРШОЧНА САНКЦИЈА ОПОМЕНА.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр. 07-2482/5 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

**275.**

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007 и 7/2008), член 13, член 19, член 26, член 53 став 2, член 59 и член 65 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006), а во врска со член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка број 07-2658/1 од 02-07-2008 година против Трговското друштво “МАКО-ТЕКС” Експорт-импорт, на седницата одржана на ден 19-12-2008 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека Трговското друштво “МАКО-ТЕКС” Експорт-импорт (Целосен назив), Макотекс АД Скопје (Скратен назив), Седиште: Булевар Македонија број 9/11, Скопје-Центар, ЕМБС 4091957 и Единствен даночен број 4030991135325 сторило прекршок со несторување, при тоа ненавремено и соодветно не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставувањето до Комисијата за хартии од вредност на годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето; објавување на резиме на ревидиран годишен извештај заедно со мислење на овластениот ревизор; доставување на тримесечни финансиски извештаи за првото тромесечие од годината и на доставувањето на примерок од својот годишен, тримесечен и тековен извештај во законски предвидените рокови, регулирани со одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

2. Непостапувањето согласно член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност претставува прекршок од член 242 став 1 точките 1, 2, 4 и 6 од Законот за хартии од вредност.

3. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение за сторените прекршоци од член 242 став 1 точките 1, 2, 4 и 6 од Законот за хартии од вредност му се изрекува ЕДИНСТВЕНА ПРЕКРШОЧНА САНКЦИЈА ОПОМЕНА.

4. Се задолжува акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение во рок од 30 дена по приемот на ова решение да постапи согласно одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

5. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр. 07-2658/4 Комисија за хартии од вредност
31 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

**276.**

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007 и 7/2008), член 13, член 19, ,член 26, член 53 став 2, член 59 и член 65 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006), а во врска со член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка бр.07-2483/1 од 18-06-2008 година против ЕМО АД Охрид, на седницата одржана на ден 19-12-2008 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека Акционерско друштво за истражување, проектирање и производство и изградба на енергетски индустриски објекти со полна одговорност “ЕМО”АД Охрид (Целосен назив), ЕМО АД Охрид (Скратен назив), Седиште: населено место без уличен систем КОСЕЛ, ЕМБС: 4086902 и Единствен даночен број: 4020990105397, сторило прекршок со несторување, при тоа навремено и соодветно не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставувањето до Комисијата за хартии од вредност на годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето; објавување на резиме на ревидиран годишен извештај заедно со мислење на овластениот ревизор; доставување на тримесечни финансиски извештаи за првото тромесечие од годината и на доставувањето на примерок од својот годишен, тримесечен и тековен извештај во законски предвидените рокови, регулирани со одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

2. Непостапувањето согласно член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност претставува прекршок од член 242 став 1 точките 1,2,4 и 6 од Законот за хартии од вредност.

3. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение: за сторениот прекршок од член 242 став 1 точка 1, за сторениот прекршок од член 242 став 1 точка 2, за сторениот прекршок од член 242 став 4, и за сторениот прекршок од член 242 став 1 точка 6 од Законот за хартии од вредност му се изрекува ЕДИНСТВЕНА САНКЦИЈА ОПОМЕНА.

4. Се задолжува ЕМО АД Охрид во рок од 30 дена по приемот на ова решение да постапи согласно одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

5. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр. 07-2483/4 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

**277.**

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007 и 7/2008), член 13, член 19, ,член 26, член 53 став 2, член 59 и член 65 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006), а во врска со член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка бр.07-2623/1 од 01-07-2008 година против Макпромет АД Штип, на седницата одржана на ден 19.12.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека Друштво за производство и трговија “МАКПРОМЕТ” АД Штип (Целосен назив), Макпромет АД Штип (Скратен назив), Седиште: Ул. Брегалничка бр. бб Штип, ЕМБС: 4050525 и Единствен даночен број: 4029973111259, сторило прекршок со несторување, при тоа навремено и соодветно не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставувањето до Комисијата за хартии од вредност на годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето; објавување на резиме на ревидиран годишен извештај заедно со мислење на овластениот ревизор; доставување на тримесечни финансиски извештаи за првото тромесечие од годината и на доставувањето на примерок од својот годишен, тримесечен и тековен извештај во законски предвидените рокови, регулирани со одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

2. Непостапувањето согласно член 154 став 1, член 155 став 1, член 157 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност претставува прекршок од член 242 став 1 точките 1,2,4 и 6 од Законот за хартии од вредност.

3. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение: за сторениот прекршок од член 242 став 1 точка 1, за сторениот прекршок од член 242 став 1 точка 2, за сторениот прекршок од член 242 став 4, и за сторениот прекршок од член 242 став 1 точка 6 од Законот за хартии од вредност му се изрекува ЕДИНСТВЕНА САНКЦИЈА ОПОМЕНА.

4. Се задолжува Макпромет АД Штип во рок од 30 дена по приемот на ова решение да постапи согласно одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

5. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр. 07-2623/5 Комисија за хартии од вредност
19 декември 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

**278.**

